ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
# ЗА
# ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕН ПРЕДЕЛ ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ (2021-2031)

**НАЦРТ ВЕРЗИЈА**

**Јануари, 2022**

ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

бул. „Стефан Јакимов Дедов“ бр. 4 - 1/10, 1000 Скопје
Тел/факс 02 3246 402,
e-mail: office@ema.com.mk

| | |
|---|---|
| План: | **План за управување со Заштитен предел „Осоговски Планини“ 2021-2031** |
| Документ: | **Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за план за управување со Заштитен предел „Осоговски Планини“ 2021-2031** |
| Клиент: | Македонско Еколошко Друштво |
| Број на договор: | |
| Статус: | Нацрт верзија |
| Подготвено од: | **Трајче Митев,** овластен експерт за СОЖС;<br>**Ана Стојановска**, овластен експерт за СОЖС<br>**Менка Спировска**, овластен експерт за СОЖС |
| **Потписник на Извештајот за СОЖС** | **Трајче Митев**<br><br>**„ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ Скопје**<br>**Управител**<br>**Менка Спировска**<br><br>____________________ |
| Датум: | Јануари 2022 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12- 770/1
Датум: 08.02.2017 година

# УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Митев Митко Трајче** роден на 23.02.1983 година во Скопје, дипломирал на ден 12.03.2009 на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје на Природно-математички факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 31.01.2017 година и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со право да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Bashkim Ameti**

М.П

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150120160059236
Датум и време: 4.10.2016 г. 08:54:03

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6247717 |
| **Назив:** | Друштво за еколошки консалтинг ДЕКОНС-ЕМА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| **Седиште:** | МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ бр.44-1/4 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Изготвил:**

**Овластено лице:**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

Број: 0809-50/150120160059236

Страна 1 од 1

## СОДРЖИНА

**1 ВОВЕД ... 8**

**2 ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (СОЖС) ... 10**

2.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина ... 10
2.2 Придобивки од спроведување на СОЖС ... 10
2.3 Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката ... 11
2.4 Интегрирање на постапките за подготовка на СОЖС и План за управување со Заштитен предел „осоговски Планини“ ... 11
2.5 Методологија за СОЖС ... 13
*2.5.1 Постапка за СОЖС ... 13*
*2.5.2 Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста ... 15*
2.5.2.1 Учество на јавноста ... 16
*2.5.3 Клучни елементи/информации во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина 16*

**3 РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ... 17**

3.1 Краток преглед на содржината на Планот ... 17
3.2 Законски основи и историјат на прогласување на подрачјето ... 20
3.3 Сопственички и кориснички права ... 21
3.4 Зонирање на заштитеното подрачје ... 24
3.5 Концепт на просторниот развој ... 28
*3.5.1 Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство ... 29*
*3.5.2 Одржливо користење на природните ресурси во подрачјето ... 30*
*3.5.3 Програма за управување со шумски живеалишта и екосистеми ... 32*
*3.5.4 Управување со културното наследство ... 34*
*3.5.5 Програма за Развој на одржлив туризам и рекреација ... 36*
*3.5.6 Локален развој (со акцент на одржување на традиционалните стопански дејности) ... 37*
*3.5.7 Информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација ... 39*
*3.5.8 Раководење, управување, финансирање и администрација ... 40*
*3.5.9 Оперативен план ... 41*
3.6 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи ... 42

**4 РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ ЗА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 63**

4.1 Општи и демографски карактеристики ... 63
4.2 Економски развој ... 66
*4.2.1 Шумарство ... 66*
*4.2.2 Други шумски плодови ... 67*
*4.2.3 Лов и риболов ... 67*
*4.2.4 Земјоделство ... 68*
*4.2.5 Сточарство ... 69*
*4.2.6 Индустрија и рударство ... 70*
4.3 Туризам ... 71
4.4 Здравје на населението ... 73
4.5 Климатски карактеристики и квалитет на воздухот ... 73
*4.5.1 Клима и климатски промени ... 73*
*4.5.2 Квалитет на воздухот ... 75*
*4.5.3 Бучава ... 76*
4.6 Вода ... 76
*4.6.1 Хидрологија и хидрографија ... 76*
*4.6.2 Квалитет на површинските води ... 77*
4.7 Почва ... 79
4.8 Биолошка разновидност ... 83
4.9 Пределска разновидност ... 91
4.10 Културно наследство ... 92
4.11 Материјални добра ... 96

**5 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДРАЧЈАТА КОИ БИ БИЛЕ ЗНАЧАЈНО ЗАСЕГНАТИ И СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕНИОТ ПРЕДЕЛ „ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ“ ..... 99**

5.1 Состојба во животната средина без имплементација на План за управување со ЗП „Осоговски Планини“ ..... 104

**6 ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ ..... 105**

6.1 Значајни геоморфолошки локалитети ..... 105

6.2 Национално и меѓународно значење на подрачјето ..... 107

**7 ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА УТВРДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО ..... 111**

7.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина ..... 113

**8 ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ 120**

8.1 Влијанија предизвикани од имплементација на Планот за управување и мерки за намалување ..... 121

**9 АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ ..... 129**

**10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕН ПРЕДЕЛ „ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ“ ..... 130**

**11 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ..... 139**

11.1 Заклучоци и согледувања ..... 139

11.2 Препораки ..... 140

**12 НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ ..... 141**

12.1 Вовед ..... 141

12.2 142

12.3 Вовед во стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) ..... 142

*12.3.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина ..... 142*

*12.3.2 Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката ..... 143*

*12.3.3 Интегрирање на постапките за подготовка на планскиот документ и СОЖС ..... 143*

*12.3.4 Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста ..... 144*

12.4 Резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи ..... 144

*12.4.1 Краток преглед на содржината на Планот ..... 144*

*12.4.2 Концепт на просторниот развој ..... 145*

*12.4.3 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи ..... 146*

12.5 Релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина ..... 148

12.6 Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот ..... 148

12.7 Области кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите ..... 148

12.8 Цели на заштита на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво ..... 151

*12.8.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина ..... 152*

12.9 Анализа на алтернативи ..... 153

12.10 Веројатни значајни влијанија врз животната средина и мерки за намалување ..... 154

12.11 План за мониторинг врз имплементацијата на Планот од аспект на животна средина ..... 155

12.12 Заклучоци и препораки ..... 155

*12.12.1 Заклучоци ..... 155*

*12.12.2 Препораки ..... 156*

**13 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 157**

**14 ПРИЛОГ 1 МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ..... 159**

**МИСЛЕЊЕ ПО ОДНОС НА ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОЖС ..... 159**

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1 Клучни учесници и корисници за спроведување на постапките за подготовка на Планот за управување со З.П. „Осоговски Планини“ и СОЖС ........ 11
Табела 2 Преглед за искористеност на земјиштето во рамки на ЗПр „Осоговски Планини“ ....... 21
Табела 3 Преглед на површина на зоните во ЗПр „Осоговски Планини“ ........ 24
Табела 4 Преглед на зоните во рамки на ЗПр „Осоговски Планини“ ........ 25
Табела 5 Преглед на потпрограмите во Програма 1 и соодветните посебни цели ........ 29
Табела 6 Преглед на потпрограми во Програма 2 и соодветните посебни цели ........ 30
Табела 7 Преглед на потпрограмите во Програма 3 и соодветните посебни цели ........ 33
Табела 8 Преглед на потпрограми во Програма 4 и соодветните посебни цели ........ 35
Табела 9 Преглед на потпрограми во Програма 5 и соодветните посебни цели ........ 36
Табела 10 Преглед на потпрограми во Програма 6 и соодветните посебни цели ........ 38
Табела 11 Преглед на потпрограмите во Програма 7 и соодветните посебни цели ........ 40
Табела 12 Преглед на потпрограмите во Програма 8 и соодветните посебни цели ........ 41
**Табела 13** Корелација на целите на Планот за управување со целите на релевантните национални плански документи ........ 44
Табела 14 Населени места во граници на ЗПр „Осоговски Планини“ ........ 63
Табела 15 Население во населените места од ЗПр „Осоговски Планини“, според година на попис ........ 64
Табела 16. Демографска слика на ЗПр „Осоговски Планини“ ........ 65
Табела 17 Преглед на шумско стопанските единици во ЗПр „Осоговски Планини“ ........ 66
Табела 18 Нивоа на бучава над чии вредности се смета дека е нарушен мирот на граѓаните .. 76
Табела 20 Преглед за искористеност на земјиштето во рамки на ЗПр „Осоговски Планини“ ..... 82
Табела 21 Преглед на значајните типови живеалишта во предложеното подрачје за заштита „Осоговски Планини“ Група ........ 84
Табела 22 Создаден отпад во тони за период 2015 – 2019 ........ 98
Табела 23 Преглед на вкупен број видови по таксономски групи, меѓународно и национално значајни видови присутни во предлог ЗП „Осоговски Планини“ ........ 108
Табела 24 Врска меѓу целите на СОЖС и целите на Планот за управување со ........ 115
Табела 25 Табела на компатибилност на целите на СОЖС и План за управување со ЗПр.„Осоговски Планини“ ........ 119
Табела 26 План за мониторинг ........ 132

## ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1 Интегрирање на постапката за СОЖС и подготовката на План за управување со З.П. „Осоговски Планини“ ........ 13
Слика 2 Чекори/фази на СОЖС ........ 15
Слика 3 Местоположба на Осоговските Планини ........ 17
Слика 4 Надворешна граница на предлог ЗП „Осоговски Планини“ ........ 19
Слика 5 Процентуално учество на типови на искористеност на земјиште во рамки на ЗПр „Осоговски Планини“ ........ 22
Слика 6 Визуелен приказ на типови на искористеност на земјиште во подрачјето ........ 24
Слика 7 Заштитен појас во ЗПр Осоговски Планини во делот околу Царев Врв ........ 27
Слика 8 Административна припадност со населени места во ЗПр Осоговски Планини ........ 63
Слика 9 Пирамида на население во општините на предлог ЗП „Осоговски Планини“ ........ 65
Слика 10 Графички приказ на промените на просечните годишни температури и врнежи ........ 74
Слика 11 Климазонални подрачја на Осоговските Планини ........ 75
Слика 12 Поставеност на станиците за мониторинг на квалитетот на воздухот ........ 75
Слика 13 Хидрографска мрежа на Осоговските Планини ........ 77
Слика 14 Преглед на мониторинг станиците за следење на квалитетот на површинските води 78
Слика 15 Геоморфолошка карта на Осоговските Планини ........ 80
Слика 16 Педолошка карта на предлог заштитеното подрачје „Осоговски Планини“ ........ 81
Слика 17. Визуелен приказ на типови на искористеност на земјиште во подрачјето ........ 83
Слика 18 Културно наследство во рамки на предлог ЗП „Осоговски Планини“ ........ 93
Слика 19 Археолошки наоѓалишта на Осоговските Планини ........ 94
Слика 20 Патна инфраструктура ........ 97
**Слика 21** Значајни геоморфолошки подрачја во Осоговскиот регион ........ 107
Слика 22 Идентификувани меѓународно значајни подрачја на Осоговските Планини ........ 110

Слика 23 Македонската национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) преклопена со предлог ЗП „Осоговски Планини“ .......... 111

# 1. ВОВЕД

Заштитениот предел - Осоговски Планини се наоѓа во североисточниот дел на Р. С. Македонија, во рамките на Осоговските Планини. Вкупната површина на Планината изнесува 1.793,3 km$^2$, од кои 3/4 ѝ припаѓаат на Република Северна Македонија.

Заштитениот предел „Осоговски Планини" е новопрогласено заштитено подрачје, зафаќа површина од 48.807,16 ha (488,07 km$^2$), односно на заштитеното подрачје му отпаѓаат 27,2 % од вкупната територија на Осоговските Планини. Прогласено е со Одлука на Владата на Р.С.М. во ноември 2020 година (Сл. Весник на РСМ, бр. 277/20). Согласно член 11 од истата Одлука, Јавното претпијатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми"– Скопје (ЈПНШ), е назначено за управувач со ова заштитено подрачје, со што ги презема и обврските за управувањето и изработка на планот за управување (член 85 и 98 од ЗЗП).

Изработката на План за управување со Заштитен предел - Осоговски Планини" (ПУЗПОП) се наметнува како потреба пропишана во Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/2021). Заштитените подрачја, кои влегуваат во категоријата Заштитен предел, се прогласуваат за заштитени со закон, односно подрачја кои припаѓаат на категорија V на заштитени подрачја. Со прогласувањето на заштитеното подрачје, односно природната реткост, истото стекнува статус на природно наследство.

Правниот основ за изготвување и донесување на планови за управување со заштитените подрачја произлегува од став 1, член 98 од Законот за заштита на природата, во соглласност со кој, субјектите надлежни за вршењето на активностите на управување и заштита на заштитените подрачја, донесуваат планови за управување и годишни програми за заштита на природата. Согласно став 4 од членот 98 од истиот Закон, плановите за управување со заштитените подрачја ги донесува субјектот задолжен за вршењето на работите на управување и заштита, во согласност со актот за прогласување, по претходно прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

Содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата, согласно член 98 став 2 од Законот за заштита на природата, ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата. За таа цел, од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање беше изготвен Правилник за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата, со одредени измени и дополнувања во текот на 2010 и 2012 година ("Сл. весник на Република Македонија"бр. 126/10 и 26/12).

Плановите за управување со заштитените подрачја треба да бидат усогласени со целите, мерките и активностите за заштита и управување со заштитените подрачја, утврдени со Законот за заштита на природата, актот за прогласување на заштитеното подрачје, меѓународните стандарди и меѓународните договори ратификувани од Република Македонија, како и просторно планската документација.

Во согласност со Законот за заштита на природата, плановите за управување со заштитените подрачја се донесуваат за период од десет години, а најдоцна во рок од две години од денот на прогласувањето на заштитено подрачје. Исто така, субјектите кои се задолжени за вршење на работите на управувањето со заштитените подрачја, вршат оцена на резултатите постигнати со примената на планот за управување по истекот на петтата година од спроведувањето на планот за управување со заштитеното подрачје и по потреба вршат ревизија на ист начин како што е донесен планот.

Во постапката за донесување на плановите за управување со заштитените подрачја, органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата и субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје, се должни да организираат јавна

расправа. Мислењата, предлозите и препораките изнесени на јавната расправа, се земаат предвид при изготвувањето на Планот за управување со заштитеното подрачје.

Врз основа на горенаведеното, а пред се тргнувајќи од обврските од членот 98 од Законот за заштита на природата, ЈП „Национални шуми“ спроведе активности за изготвување на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ преставува алатка за управување со заштитеното добро и треба да биде одраз на реалната состојба на природните вредности врз основа на целокупно извршената проценка на природните вредности, заканите со кои се соочува подрачјето, националното и меѓународното значење на подрачјето, социо-економските вредности, препораки за управување со заштитеното подрачје, базирано на студијата за валоризација и предлог зонирањето.

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 113/18 и 151/2021), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Врз основа на ова, Македонското Еколошко Друштво (кое за потребите на управувачот на заштитрното подрачје ЈПНШ, го подготви Планот за управување) и Друштвото за еколошки консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ Скопје, склучија договор за деловна соработка за изработка на Извештај за стратегиска оцена на животната средина за План за управување со Заштитениот предел - Осоговски Планини, 2021 – 2031.

# 2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (СОЖС)

Стратегиската оцена на животната средина е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми. Тоа е алатка која ќе го подобри севкупниот квалитет на планирањето и програмирањето на идните активности, овозможувајќи подобро разбирање на планирањето и подобри перспективи за одржливиот развој. Компонентите на СОЖС, односно нејзините цели се различни, но во оваа декада се препорачува и очекува дека климатските промени и биолошката разновидност се две силни компоненти кои треба да имаат предност при просторното планирање во Република Македонија.

## 2.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина

*Главни цели на СОЖС се:*

- Да обезбеди механизам за идентификација, опис, евалуација и известување за влијанијата/ефектите на планскиот документ врз животната средина;
- Одговорните органи (донесувачите на планскиот документ) да подготват извештај за можните значајни влијанија на планскиот документ врз животната средина и анализа на реални алтернативи;
- Да се спречат, намалат и неутрализираат негативните влијанија врз животната средина. Зголемувањето на позитивните влијанија може, исто така, да биде придобивка од СОЖС процесот;
- Да се обезбедат пообемни консултации и ангажирање на заинтересираните страни, други одговорни тела, органи на власта и јавноста уште во раната и ефективна фаза на подготовка на планскиот документ;
- Да се обезбеди мислење од јавноста (извештаи од консултации со јавноста) со која ќе се прикаже како резултатите од оцената на животната средина и мислењата, презентирани за време на постапката за СОЖС, се земени предвид во конечната верзија на планскиот документ;
- Да обезбеди следење на значајните влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ од страна на надлежните органи, обезбедувајќи на тој начин идентификација на непредвидените негативни влијанија во рана фаза на имплементација на планскиот документ и преземање мерки за подобрување на состојбата, кога тоа е потребно.

## 2.2. Придобивки од спроведување на СОЖС

Придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина се:

- Флексибилност и консензус во процесот на планирање;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Меѓусекторска соработка;
- Земање предвид на националните, регионалните и локалните потреби и цели;
- Земање предвид на целите за заштита на животната средина;
- Конзистентност со стратешките определби за одржлив развој;
- Добивање вистинити и реални информации, кои ќе им помогнат на носителите на одлуки на повисоко ниво во донесување на истите.

## 2.3. Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во ***поглавје X од Законот за животната средина*** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/07);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/11).

При подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, земена е предвид и Директивата 2001/42/ЕС на Европскиот Парламент и Советот од 27 јуни, 2001 година за оцена на влијанијата на одредени планови и програми врз животната средина (во понатамошниот текст: Директива за СОЖС), која е транспонирана во македонското законодавство, како и искуствата на некои од земјите членки на ЕУ.

## 2.4. Интегрирање на постапките за подготовка на СОЖС и План за управување со Заштитен предел „Осоговски Планини“

СОЖС постапката се спроведува паралелно со постапката за подготовка на План за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“. Интегрирањето на двата процеси се постигна преку блиска соработка на проектните тимови (СОЖС и План за управување со З.П. „Осоговски Планини“) и клучните учесници, преку преглед на достапни информации, литература, состаноци и сл.

Во табелата подолу се идентификувани клучните учесници во постапката за подготовка на Планот за управување со З.П. „Осоговски Планини“ и спроведувањето на СОЖС.

**Табела 1** Клучни учесници и корисници за спроведување на постапките за подготовка на Планот за управување со З.П. „Осоговски Планини“ и СОЖС

| | |
|---|---|
| **Целни групи** | Влада на Република Македонија,<br>Министерство за животна средина и просторно планирање,<br>- Сектор за Природа, |

- Сектор за Просторно планирање
- Сектор за Води

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,

- Сектор за земјоделство
- Сектор за шумарство и ловство
- Сектор за рурален развој

Министерство за економија,

Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство;

Центар за развој на источен плански регион;

Центар за развој на североисточен плански регион;

Општина Кочани, Крива Паланка, Кратово, Македонска Каменица, Пробиштип и Чешиново-Облешево;

Центар за управување со кризи

Дирекција за заштита и спасување

Агенција за електронски комуникации (АЕК);

ЈП за управување со пасишта;

ЕВН Македонија;

Електрани на Македонија;

Шумско стопанство Кочани, Делчево, Кратово и Крива Паланка;

ЈП Национални шуми, подружница: “Осогово”-Кр.Паланка, “Осогово”-Кочани и “Кратово”-Кратово;

ЈП Хидросистем Злетовица;

ХЕЦ Калиманци-ЕВН Електрани;

АД “Водостопанство на РСМ“, Подружница Брегалница Кочани;

Малихидроелектрани постоечки и планирани;

Мобилни оператори;

Сместувачки капацитети: одморалишта, хотели, приватни викенд-куќи и објекти за сместување и др.;

Ловните друштва;

Концесионери во границите на подрачјето;

Закупувачи/Корисници на пасишта;

Произведувачи и преработувачи и откупни центри;

Невладини Организации од вклучените општини;

Комунални преmтријатија од вклучените општини;

Локални собирачи;

Месни заеднички во границите на подрачјето;

Центар за јавно здравје Кочани, Крива Паланка, Кратово;

Противпожарни единици од вклучените општини;

Шумска полиција - од вклучените општини;

Гранична полиција – од вклучените општини;

Јавно претпријатие за државни патишта и др.

Интегрирањето на постапката за СОЖС и подготовката на План за управување со З.П. „Осоговски Планини“ е дадена во следниот дијаграм:




**Слика 1** Интегрирање на постапката за СОЖС и подготовката на План за управување со З.П. „Осоговски Планини“

## 2.5. Методологија за СОЖС

### 2.5.1. Постапка за СОЖС

Постапката за СОЖС се спроведува во неколку фази/чекори:

| Фази на СОЖС | Опис | Консултации | |
|---|---|---|---|
| | | Засегнати органи | Јавност |
| **Проверка** | Се утврдува дали Планот ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС | √ | |
| **Определување на обемот** | Се определува обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС | √ | √ |
| **Извештај за СОЖС** | Се обезбедуваат детални информации за резултатите од СОЖС, вклучувајќи информации за аспектите кои биле предмет на оцена, како и очекуваните влијанија (позитивни и негативни) врз животната средина и | √ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | социјалните аспекти од имплементација на планскиот документ. Извештајот идентификува и активности за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значителните негативни влијанија. | | |
| **Консултации со јавноста** | Консултација со страните и засегнатата јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, Извештајот за СОЖС и обезбедување јавен увид (објавување) за истите. | √ | √ |
| **Прифаќање** | Се обезбедуваат информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на планскиот документ. | √ | |
| **Мониторинг** | Се овозможува следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, со цел одговорните власти да преземат мерки за намалување на негативните влијанија и подобрување во текот на имплементацијата на планските документи. | √ | |

Чекорите/фазите на постапката за СОЖС се презентирани во следниот дијаграм.




**Слика 2** Чекори/фази на СОЖС

### 2.5.2. Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста

Имајќи ја предвид основата за донесување на План за управување со З.П. „Осоговски Планини“ и видот на документот, се пристапи кон утврдување на потребата за спроведување на СОЖС и подготовка на документација врз основа на што МЖСПП донесе Мислење за прифаќање на Одлуката за спроведување СОЖС по планскиот документ и утврдување на обемот на СОЖС (бр. УП1-15 3128/2 од 22.06.2021).

Целта на фазата за определување на обемот е идентификација на клучните прашања за животната средина, кои треба да бидат опфатени со оцена на влијанијата на планскиот документ врз животната средина. Оваа фаза од постапката за СОЖС вклучува разгледување на други релевантни планови, програми и цели на животната средина, основни информации за животната средина и предложени активности и политики разработени во планскиот документ и нивната корелација. Сите споменати информации овозможуваат утврдување на обемот на СОЖС и идентификување на прашања од областа на животната средина кои треба да бидат опфатени со планскиот документ.

Нивото на детали содржано во СОЖС е определено од:

- Местото на планскиот документ во хиерархијата на планирање и донесување одлуки, како и нивото на детали на политиките утврдени со истата;
- Степенот на влијание на планскиот документ врз животната средина;
- Достапноста на постоечки информации при подготовката на СОЖС.

Обемот на Извештајот за СОЖС ги опфаќа сите теми на животната средина, дефинирани со Директивата за СОЖС, односно население и човечко здравје, биолошка разновидност, предел, воздух и климатски промени, води, почви, културно и природно наследство и материјални добра.

#### 2.5.2.1. Учество на јавноста

Во согласност со барањата, дефинирани со Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми кои се однесуваат на животната средина, постапката за СОЖС започнува со подготовка на Формулари и Одлука за спроведување на СОЖС, постапка во која се вклучуваат засегнатите страни (органи на власта, институции невладин сектор и сл.).

Во фазата на определување на потребата за спроведување СОЖС, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) ги идентификуваше засегнатите страни од имплементација на План за управување со ЗПр „Осоговски Планини“.

Соодветно, Нацрт Извештајот за СОЖС ќе биде достапен за увид на јавноста на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, како и на веб страната на Јавното претпријатие „Национални шуми“, во период од 30 календарски дена.

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување одлуки во однос на Планот за управување со ЗПр „Осоговски Планини“, ќе се одржи јавна расправа по нацрт План за управување со ЗПр „Осоговски Планини“ и нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина.

Од одржаната јавна расправа ќе биде подготвен записник, кој ќе биде приложен во Финалниот СОЖС Извештај и во Извештајот од консултации со јавноста, кој се изработува во согласност со член 69, став 5 од Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина.

### 2.5.3. Клучни елементи/информации во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина

Во согласност со барањата на Уредбата за содржината на извештајот за СОЖС и Директивата за СОЖС, овој Извештај содржи:

- Краток преглед на содржината, главни цели на Планот за управување и поврзаност со други релевантни планови или програми;
- Информации за моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило без имплементација на Планот за управување;
- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Постојни проблеми во животната средина, кои се релевантни за Планот за управување, вклучувајќи ги оние кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и живеалиштата;
- Целите на заштита на животната средина одредени на национално или меѓународно ниво, релевантни за Планот за управување и начинот на кој тие цели се земени предвид при неговата изработка;
- Веројатни значајни влијанија врз животната средина, вклучувајќи и прашања, како што се биолошка разновидност, население, човеково здравје, фауна, флора, климатски

фактори, материјални добра, културно наследство, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство, предел, како и меѓу - зависност на овие фактори;

- Мерки за заштита, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значајните негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на Планот за управување;
- Анализа на алтернативи;
- Опис на предвидените мерки во врска со мониторингот, а во согласност со законските обврски

# 3. РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

## 3.1. Краток преглед на содржината на Планот

Осоговските Планини се наоѓаат во североисточниот дел на Република Северна Македонија, а со мал дел продолжуваат и во соседна Република Бугарија. Вкупната површина на планинскиот масив изнесува 1.793,3 km$^2$, од кои 3/4 ѝ припаѓаат на Република Северна Македонија. Делот од Планината, кој опфаќа 488,07 km$^2$ е ставе н под режим на заштита. Осогово се смета за висока планина според балканските услови, бидејќи нејзиниот највисок врв – Руен, има надморска височина од 2.252 m, а покрај него планината има уште девет врва повисоки од 2.000 m, од кои пет се наоѓаат во Република Северна Македонија. Масивот е втор по површина во државата, веднаш по планинскиот масив Јакупица (Слика 4).




**Слика 3** Местоположба на Осоговските Планини

Според „Одлуката за прогласување на дел од Одоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V - заштитен предел“, границата на подрачјето започнува на север од кота 1406 m н.в. во место викано (м.в.) Средно Брдо, од каде се спушта во Крива Река и ја сече реката на изохипсата од 1000 m н.в., од каде по сртот се качува на кота од 1366 m н.в. Од овде границата продолжува по сртот кон Базјанско Брдо, го заобиколува Базјанско Брдо кон север на изохипсата од 1590 m н.в., потоа повторно се искачува по суводолицата кон југо-запад до изохипсата од 1650 m н.в. Од овде продолжува кон запад, следејќи ја изохипсата 1650 m н.в., потоа се спушта на 1500 m н.в.и се движи кон м.в. Буки, каде минува низ кота 1508 m н.в. Од

тука, границата продлжува кон југозапад спуштајќи се по гребенот до составот на две суводолици на 1270 m н.в. и продолжува на југ кон м.в. Средно Брдо, минувајќи го гребенот на Средно Брдо на кота 1126 m н.в., од каде се спушта по суво долицата јужно од м.в. Големо Кадиново до Станечка Река. Овде границата ја минува Станечка Река и се движи кон југозапад по суводолицата која се наоѓа југоисточно од Дебели Рид качувајќи се на кота 1675 m н.в. Од тука, границата се движи на запад следејќи го локалниот пат доаѓајќи меѓу м.в. Црвено Цвеќе, Бари и Ѓубре од каде свртува на југ следејќи го патот по котите 1413 m н.в. и под 1479 m н.в. (Марјаница) и 1494 (Крмила). Границата од тука продолжува по пат кон запад покрај м.в. Петков Чукар, м.в. Косматица и го заобиколува (вклучувајќи го) м.в. Бреза 1677 m н.в., свивајќи директно кон југ по патеката источно од м.в. Врла Страна и кај кота 1303 m н.в. се приклучува на локалниот пат кој се движи јужно кон Горно Кратово следејќи го иститот се до м.в ПавлевиНиви. Потоа, границата се движи по локалниот пат кон југоисток, прво по 1300 m н.в., а потоа по 1250 m н.в. Продлужувајќи кон југ по истиот пат и минувајќи покрај м.в. Луково, јужно од м.в. Луково границата се качува на сртот на м.в. Капински Рид, продолжувајќи по сртот кон југоисток од каде што се спушта по суводолицата кон потокот Кошарски Дол, кој го следи кон запад додека не достигне 850 m н.в. Потоа, границата се качува по долчето кон југ во правец на м.в. Кусет од каде продолжува до м.в. Сморинец од каде се качува на Илин Врв. Од тука се движи на југо-запад и над м.в. Бело Место границата врти кон југ до котата 909 m н.в. од каде се спушта до патот кој води до с. Лесново. Тука следејќи го гребенот покрај реката завртува кон запад по патот се до под м.в. Чуки, па оди до м.в. Лесновски Рид и кота 765 m н.в. Потоа, по гребенот се спушта во југоисточен правец до асфалтираниот пат од ХС „Злетовица“ и го следи овој пат во североисточен правец околу 1 km, од каде се упатува директно на исток минувајќи низ кота 716 m н.в. па по гребенот оди до кота 882 m н.в. и се спушта кон југоисток до долината на Стара Река во близина на с. Шталковица. Границата го заобиколува с. Шталковица и ја следи Стара Река, а потоа по Кочански Дол продолжува кон југоисток. На 880 m н.в. под прав агол завртува кон југозапад и по долината се качува до гребенот на м.в. Слива, од каде го следи патот кон југоисток до кота 1101 m н.в. и продолжува по патот до кота 1050 m н.в.. Од овде границата завртува кон југозапад и се спушта кон долината на суводолицата минувајќи меѓу м.в. Илиица и м.в. Боров Рт, потоа движи по течението на суводолицата Косел до вливот кој го прави со друга суводолица на 670 m н.в. јужно од м.в. Градишта. Овде, границата продлжува на југ качувајќи се по суводолицата меѓу м.в. Грамади и м.в. Попова Глава се до патот северно од с. Рајчани, кој го следи до с. Рајчани. Во границата припаѓа и с. Рајчани. Границата овде завртува на југозапад движејќи се по локалниот пат на околу 750 m н.в. на м.в. Рајчански Рид, кој потоа го следи и кон југ од каде почнува да го следи сртот качувајќи се на м.в. Илиица (893 m н.в.) и по сртот се спушта на 850 m н.в.. Од овде ја следи патеката и сртот кон југоисток кон суводолицата Змијарник и потоа се качува на север до 500 m н.в. и во југоисточен правец ја следи оваа изохипса до Калуѓорова Чешма. Потоа границата завртува на североисток движејќи се по суводолицата до седлото кај м.в. Уши на 628 m н.в. и врти кон север – северозапад кон м.в. Божурнак минувајќи низ кота 768 m н.м.в. Од овде се спушта по сртот во правец на североисток, додека не стигне на изохипсата од 600 m н.в. и потоа свртува северозападно до блиската суводолица и ја следи истата до нејзиниот влив во Спиловска Река. Потоа ја следи Свиланска Река до нејзиниот влив во река Киселица и се одвојува од неа на 400 метри н.в. Овде границата се спушта кон м.в. Аџиица, па во источен правец ја следи изохипсата од 400 m н.в. се до Бањска Рекла и ја следи реката низводно до локлниот пат кој води кон Пониква, го сече патот и продолжува на исток кон Тркањска Река, од овде поми- нува по суводолицата помеѓу м.в. Белски Рид и м.в. Градиште и се движи на север се до врвот Војновица (897 m н.в.) од каде што се упатува источно по суводолицата која се спушта кон Кочанска Река до изохипсата од 400 m н.в. Од каде, се упатува до круната на Кочаснско Езеро (Брана Градче), која се наоѓа на 450 m н.в. Потоа, од круната на браната границата продолжува на исток по изохипса 600 m н.в. продолжува до суводолицата и ја следи истата до патот под Долно Градче, се качува на сртот и го поминува локалниот пат Кочани - Крушка и под с. Вранинци се спушта во Оризарска Река. Од овде го следи патот до м.в. Клинчарите и се

искачува на кота 912 m н.в. од каде во источен правец продолжува до м.в. Шутово, и излегува на патот с. Оризари - Пресека - Цера и го следи патот, поминувајќи ги следните локалитети од Пресека: Самокелпица, Црни Врв, Чукеревска Маала, Висока Чука, Прештиплова Чука, Ивова Глава, потоа границата продолжува помеѓу м.в. Долна Цера и Јуручки Гробишта. Кон североисток се качува по патеката на гребенот на м.в. Долна Цера (1707 m н.в.) на изохипса од 1700 m н.в. и ја следи истата качувајќи се на безимениот врв 1860 m н.в. југоисточно од м.в. Китка од каде директно се спушта по суводолицата и ја следи изохипсата од 1430 m н.в. се до суводолицата во м.в. Криви Рид продолжува на севрозапад до изохисата од 1500 m н.в. и се спушта кон река Каменица и ја сече на 1350 m н.в. Потоа границата продолжува на север кон Мечкин Камен под кота 1740 m н.в од каде под права линија се упатува североисточно до изохипсата од 1600 m н.в. Од тука, границата се движи под права линија северозападно до ртот над Мечкин Камен 1840 m н.в и се упатува повторно по права линија североисточно до локалниот пат (1830 m н.в.) кој води до Ајдучка Чешма. Од Ајдучка Чешма се упатува кон северозапад до под врвот Сокол (до изохипсата 1950 m н.в.) и севрно се спушта кон кота 1648 m н.в. и го следи ртот на Средно Брдо поминува низ кота 1544 m н.в. и се спушта до кота 1406 m н.в. од каде и започнува описот на границата.

Со вака утврдената граница, вкупната површина на ЗП - Осоговски Планини изнесува 48807.16 ha.

Според истата Одлука, со Заштитениот предел - Осоговски Планини, управува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“– Скопје. Сите активности кои во границите на ЗП - Осоговски Планини ги вршат други субјекти (физички и правни лица), а може на било кој начин да влијаат врз заштитата на природата, биолошката разновидност и природното наследство, треба да бидат претходно најавени, контролирани и одобрени од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“, кој ќе управува со територијата под заштита, врз основа на План за управување.




**Слика 4 Надворешна граница на предлог ЗП „Осоговски Планини“**

Анализираниот План за управување со Заштитениот предел - Осоговски Планини е прв план за управување со ова заштитено подрачје, со важност од 10 години.

Планот за управување со Заштитениот предел - Осоговски Планини е изработен во согласност со Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачје и годишните програми за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/12), а во него се опфатени следниве содржини:

I. Вовед;
II. Опис на подрачјето;
III. Стратегија за управување;
IV. Оперативен план;
V. Управување и раководење;
VI. Анекси

### 3.2. Законски основи и историјат на прогласување на подрачјето

Природните вредности на Осоговските Планини се препознаени во повеќе национални, регионални и локални стратешки документи за зачувување на природата, а исто така подрачјето е вклучено во различни меѓународни иницијативи.

Структурираното планирање на заштитата на природните вредности и реткости за Источна Македонија датира од 1981 година, кога е изработен Просторниот план на регионот Источна Македонија. Осоговските Планини, како природна целина која поседува природни вредности, се препознаени за прв пат во Секторската студија за заштита на природни реткости изработена за потребите на овој План (Институт за просторно планирање - Охрид 1978), во која подрачјето е валоризирано како „природен комплекс од пошироко значење“. Делови од овој планински масив биле препознаени како природна реткост т.е. „предели со посебни природни карактеристики“ (Царев Врв, горен тек на Злетовска Река и Пониква) или „карактеристични пејсажи“ (Предели на манастир Лесново и Езеро Градче) и „споменици на природата (СП)“ (Даб благун – с. Бели и насад од смрча кај с. Лесново).

Во „Просторниот план на Република Македонија“ (донесен 2004 година, со важност до 2020 година), неколку локалитети на Осоговските Планини се евидентирани за заштита. Во секторската студија на тој Просторен План, која се однесува на „Заштита на природното наследство“ (1999 година), наведени се следните предложени подрачја за заштита: Злетовска Река и Црвена Река (како научно истражувачки природни резервати).

Во септември 2009 година, МЖСПП покрена иницијатива за прогласување на подрачјето Раткова Скала во категоријата Споменик на природата (11500 ha). Донесена е одлука за прифатливоста на предлогот за прогласување на интегралната целина Раткова Скала на Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата Споменик на природата (Службен Весник на РМ бр. 138/2009).

Во рамки на Репрезентативната национална мрежа на заштитени подрачја (МЖСПП, 2011) е предложено ново подрачје за заштита наречено „Осоговски Планини“ со површина од 77226 ha. Ова подрачје во себе ги вклучува следните четири предложени или заштитени подрачја од Просторниот план на РМ: СП „Даб“ во с. Бели (Кочани), СП „Црна дудинка“- Лесновски Манастир, Научно-истражувачки природен резерват „Злетовска Река“ и Научно-истражувачки природен резерват „Црвена Река“.

Во Националната стратегија за заштита на природата (МЖСПП, 2018) високите врвови на Осоговските Планини (Руен и Царев Врв со глацио-периглацијални форми), Раткова Скала (тектонско-флувијално формиран отсек од кварцити со кварцитен релјеф кај Злетово) и тресетиштата кај Слана Бара под Царев Врв, се издвоени како локалитети на значајно геонаследство од сферата на геоморфологијата, кои треба да се земат предвид при прогласување на заштитено подрачје и при изработката на новиот Просторен План на Република Северна Македонија. Исто така, во оваа Стратегија, посочени се и Станечки Водопад (постојан ерозивен водопад на Козја Река), слапот на Бабакарина Река, вулканските бомби и пирамиди во Горно Кратово и Кундинско Езеро, кои не влегуваат во предлог ЗП „Осоговски Планини“, но треба да бидат заштитени како изолирани области.

Преку повеќегодишни истражувања, поврзани со природните вредности, социоекономските аспекти и потребите за развој на подрачјето во соработка со МЖСПП, локалните самоуправи и другите чинители од регионот, во 2012 година, беше изработена „Студија за валоризација со предлог за формирање на заштитен предел на Осоговските Планини“ и доставена до МЖСПП. По овој предлог не беше донесена конкретна одлука за прогласување на подрачјето. Во секој случај, државата и голем дел од клучните страни, врз основа на собраните податоци стануваат свесни и добро запознаени со природните вредности на подрачјето, како и можностите за развој на Осоговијата во рамките на заштитено подрачје.

Во првата фаза од „Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија“ при реализација на активноста „Анализа на недостатоци во еколошките податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница“, беше изработен *Извештај за состојбата со заштитените подрачја во сливот на река Брегалница*. Во него е претставена состојбата со постојните заштитени подрачја, направена е анализа и дополнителни истражувања за предложените подрачја за заштита според различни плански и стратешки документи, како и меѓународно значајните подрачја за растенија, птици и пеперутки и Емералд подрачјата. Врз основа на сите наведени податоци беше подготвен предлог со подрачја за заштита во Брегалничкиот слив за кои би требало да се обезбеди заштита на најзначајните живеалишта и видови.

Овој извештај беше користен од страна на Агенцијата за планирање на просторот (АПП) при изработката на Просторниот план за Источниот плански регон, како основа за организирање на заштитата на природата во Брегалничкиот слив и преземање чекори за прогласување на поединечни подрачја за заштитени.

## 3.3. Сопственички и кориснички права

Според анализите од Планската документација за искористеност на земјиштето во заштитениот предел „Осоговски Планини“ можат да се издвојат шест основни категории на искористеност на земјиште (Табела 2). Најголемиот дел од подрачјето е под природни живеалишта. Дури 88,5 % од анализираното подрачје отпаѓа на површини кои се користат како шуми и пасишта (Слика 6).

**Табела 2** Преглед за искористеност на земјиштето во рамки на ЗПр „Осоговски Планини“

| Категорија на искористеност на земјиште | Површина ( %) |
|---|---|
| **Природни** | |
| **Шуми и грмушки** | |
| **Иглолисна шума** | 0.17 |
| **Листопадна шума** | 53.90 |
| **Мешана шума** | 0.15 |
| **Посадена шума** | 1.40 |
| **Грмушки** | 13.41 |
| **Пасишта** | |
| **Пасишта** | 4.98 |
| **Пасишта со грмушки** | 2.82 |
| **Планинско пасиште** | 11.12 |
| **Карпа** | 0.57 |
| **Антропогени** | |
| **Земјоделско земјиште** | |
| **Чистина во шума** | 4.23 |

| | |
|---|---|
| **Ливада** | 3.73 |
| **Обработена површина** | 2.35 |
| **Лозје** | 0.02 |
| **Овоштарник** | 1.01 |
| **Населби** | |
| **Градежно земјиште (нискоградба)** | 0.07 |
| **Државна институција** | 0.01 |
| **Медицински центар** | 0.0005 |
| **Училиште** | 0.01 |
| **Акумулации на вода** | |
| **Езеро** | 0.03 |
| **Рибник** | 0.001 |
| **Вештачки** | |
| **Религиозно место** | 0.01 |
| **Индустриска зона** | 0.0004 |
| **Рудник** | 0.01 |
| **Аеродром** | 0.002 |
| **Вкупно** | 54772 |

Површините под шуми, во потешко достапните делови на Осоговските Планини, главно се користат за собирање на шумски плодови и туристичко-рекреативни цели и делумно за сеча на дрва за огрев и тоа главно од шумските стопанства. Од друга страна, површините под шуми на јужниот, југозападниот и југоисточниот дел на заштитеното подрачје се подостапни, па оттука и сразмерно поинтензивно искористувани од страна на луѓето (собирање на шумски продукти, дрва за огрев и делумно за рекреативни цели). Дополнително, голем дел од сегашните површини под шуми и грмушки во овој дел од подрачјето порано се искористувале за напасување на стока, па така антропогениот притисок врз шумите во овој дел отсекогаш бил позабележителен.




**Слика 5** Процентуално учество на типови на искористеност на земјиште во рамки на ЗПр „Осоговски Планини“

Од површините под пасишта (19,5%), во подрачјето, најголем дел отпаѓа на површините под планински пасишта (57 %). Планинските пасишта се карактеристични за највисоките делови на Осогово (Калин Камен и Султан Тепе). Брдските пасишта и брдските пасишта со грмушки

покриваат 40 % од предлог подрачјето за заштита и се најмногу застапени на јужните и делумно западните падини на Осогово.

Како резултат на миграцискиот процес (село-град) отпочнат во втората половина на минатиот век и сè уште трае (Државен завод за статистика, 2012), интензитетот на искористување на површините под пасишта е значително намален и продолжува да опаѓа (Jovanovska & Melovski 2013). Така, занемарувањето на сточарските практики постепено води кон напуштање на површините користени како пасишта, што пак води кон сукцесивно обраснување со грмушки. Традиционалните сточарски практики имаат особено значење за негување на секундарно настанатите-антропогени живеалишта кои се значајни за зачувување, особено од аспект на зачувување на биодиверзитетот чиј опстанок е тесно поврзан со овие живеалишта. Оттука, преземање на активности и креирање на развојни и поддржувачки политики во контекст на заживување на сточарските практики ќе биде неопходно за во иднина да се запази овој традиционален начин на искористување на земјиштето.

Човековото присуство во заштитеното подрачје се огледува преку незначителното присуство на површини под земјоделско земјиште (11 %), најчесто распоредено околу атарите на поголемите села, на пр. Јастребник, Пантелеј, Нивичани во јужниот дел на подрачјето, Мушково во северо-западниот дел на подрачјето и Главовица во источниот дел на подрачјето. Површините под земјоделско земјиште во заштитеното подрачје се релативно мали по површина и во најголем дел традиционално стопанисувани. Земјоделското земјиште во најголем дел е претставено со ливади и чистини во шуми (8 %). Површините под ниви и полиња (2,35 %) и лозја и овоштарници (1 %) се незначителни. Поради миграцијата село-град (Државен завод за статистика, 2012) голем дел од површините, окарактеризирани како земјоделски, се напуштени. Одамна напуштените обработливи површини денеска се често обраснати со антропогени широколисни состоини, грмушки и ретки ниskostеблести дабови дрвја.

Во заштитеното подрачје влегуваат и атарите на неколку села од разбиен тип со поголем број на т.н. маала. Сепак, доколку се исклучат земјоделските површини, вкупниот процент на т.н. исклучително антропогено користено земјиште (населби, акумулации на вода) зафаќаат незначителна површина (0,1 %). Категоријата вештачки создадени површини (артифициелни) зафаќа само 0,03 % и вклучува така назначена индустриска зона во близина на Шопска Маала, туристичкиот комплекс на Пониква (државна институција), потоа неактивните рудници за неметали кај Раткова Скала (рудник) и слетувалиштето на локалитетот Орлова Чука како и религиозни објекти - цркви и манастири.




**Слика 6** Визуелен приказ на типови на искористеност на земјиште во подрачјето

## 3.4. Зонирање на заштитеното подрачје

Во рамките на заштитеното подрачје ЗПр „Осоговски Планини“, се предвидени три зони: зона на одржливо користење, зона на активно управување и зона на строга заштита, кои се воспоставуваат заради вршење на дејноста за заштита и унапредување на природата, и се во корелација со Законот за заштита на природа (Службен весник 67/04 и соодветните дополнувања) Член 92, 93 и 104. Визуелен преглед на зоните е даден на Слика 3. Површините на зоните во ЗПр „Осоговски Планини“ се дадени во Табела 4, од која се забележува дека зоната за строга заштита има 1833,04 ha учествува со 3,76% во вкупната површина на подрачјето, зоната за активно управување има површина 2546,6 ha (5,22%) и зоната за одржливо користење зафаќа 44345,27 ha (90,86 %).

Дополнително, согласно член 107 од Законот за заштита на природата, воведен е заштитен појас кој се воспоставува во рамките на заштитеното подрачје меѓу зоните чиј режим на заштита и управување меѓусебно се исклучува, како што е случајот со зоната за строга заштита на Царев Врв и зоната за одржливо користење. Заштитниот појас зафаќа површина од 82,25 ha односно само 0,17 % од површината на заштитено подрачје ЗПр „Осоговски Планини“.

**Табела 3** Преглед на површина на зоните во ЗПр „Осоговски Планини“

| Зони во предлог ЗП „Осоговски Планини“ | Површина (ha) | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **Зона за строга заштита** | 1833.04 | 3.76% |
| **Зона за активно управување** | 2546.6 | 5.22% |
| **Зона за одржливо користење** | 44345.27 | 90.86% |
| **Заштитен појас** | 82.25 | 0.17% |
| **Вкупна површина на ЗП** | 48807.16 | 100.00% |

Зонирањето вклучува 12 зони за строга заштита, 13 за активно управување, еден заштитен појас и останатиот дел отпаѓа на зоната за одржливо користење. Во табелата подолу е даден преглед на одделните зони и заштитениот појас, дефинирани во ЗПр „Осоговски Планини“.

**Табела 4** Преглед на зоните во рамки на ЗПр „Осоговски Планини“

| Код на зона | Зонирање | Површина (ha) | Процентуална застапеност |
|---|---|---|---|
| | **Зона за строга заштита** | 1833.04 | ***3.76%*** |
| **СЗ01** | Царев Врв - Извори на Врањанска Река | 88.4 | *0.18%* |
| **СЗ02** | Царев Врв - Алтан Чешма | 91.77 | *0.19%* |
| **СЗ03** | Царев Врв - Ташово | 46.24 | *0.09%* |
| **СЗ04** | Царев Врв - Бабина Чешма | 149.87 | *0.31%* |
| **СЗ05** | Царев Врв - Маркова Стапка | 60.11 | *0.12%* |
| **СЗ06** | Модра Река | 176.12 | *0.36%* |
| **СЗ07** | Горна Злетовица | 94.2 | *0.19%* |
| **СЗ08** | Венечка Река | 57.98 | *0.12%* |
| **СЗ09** | Злетовска Река | 138.48 | *0.28%* |
| **СЗ10** | Орлов Камен | 498.78 | *1.02%* |
| **СЗ11** | Раткова Скала | 228.73 | *0.47%* |
| **СЗ12** | Велика (Голема) Река | 202.36 | *0.41%* |
| | **Зона за активно управување** | 2546.6 | ***5.22%*** |
| **АУ01** | Царев Врв - Ташово | 67.73 | *0.14%* |
| **АУ02** | Царев Врв - Маркова Стапка | 157.56 | *0.32%* |
| **АУ03** | Царев Врв - Бабина Чешма | 161.83 | *0.33%* |
| **АУ04** | Модра Река | 198.89 | *0.41%* |
| **АУ05** | Горна Злетовица | 313.41 | *0.64%* |
| **АУ06** | Венечка Река | 104.07 | *0.21%* |
| **АУ07** | Злетовска Река | 968.91 | *1.99%* |
| **АУ08** | Орлов Камен | 341.03 | *0.70%* |
| **АУ09** | Раткова Скала | 49.46 | *0.10%* |
| **АУ10** | Велика (Голема) Река | 161.12 | *0.33%* |
| **АУ11** | Катанци - север | 3.96 | *0.01%* |
| **АУ12** | Катанци - југ | 3.62 | *0.01%* |
| **АУ13** | Блатец | 15.01 | *0.03%* |
| | **Зона за одржливо користење** | 44345.27 | ***90.86%*** |
| **ОК01** | Осоговски Планини | 44345.27 | *90.86%* |
| | **Заштитен појас** | 82.25 | ***0.17%*** |
| **ЗП01** | Царев Врв - Извори на Врањанска Река | 82.25 | *0.17%* |
| | **Вкупно** | **48807.16** | ***100.00%*** |

➢ **Зона на строга заштита**

Зона за строга заштита претставува дел од заштитеното подрачје со највисок интерес за заштита, што се карактеризира со изворни, неизменети карактеристики на екосистемите или има сосема мали промени како резултат на традиционалните управувачки практики. Во зоната за строга заштита се дозволени научно-истражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на подрачјето (член 104 од Законот за заштита на природата).

Зоната за строга заштита во ЗПр „Осоговски Планини“ зафаќа 1833,04 ha или 3,76 %. Тоа се дисперзно распоредени помали површини, кои ги вклучуваат најзначајните и најрепрезентативни живеалишта (хабитати), како: високопланински пасишта, добро сочувани и репрезентативни шумски заедници од габер, крајречни заедници со врба, топола и евла и мали површини од букова шума (рефугиуми или шумски површини со минимални антропогени интервенции), тресетишта, изворишни делови на реките, карпести предели и дел од вриштините.

Зоната за строга заштита е расцепкана на 12 помали делови, а прегледот на површините е даден во Слика 7, Табела 3 и Табела 4:

- ***ЗСЗ 01 Царев Врв*** - **Извори на Врањанска Река** опфаќа површина од 88,41 ha;
- ***ЗСЗ 02 Царев Врв - Алтан Чешма*** опфаќа површина од 91,77 ha;
- ***ЗСЗ 03 Царев Врв – Ташово*** опфаќа површина од 47,62 ha;
- ***ЗСЗ 04  Царев Врв - Бабина Чешма*** опфаќа површина од 149,87 ha;
- ***ЗСЗ 05 Царев Врв - Маркова Ступка*** опфаќа површина од 60,11 ha;
- ***ЗСЗ 06 Модра Река*** опфаќа површина од 176,12 ha;
- ***СЗС 07  Горна Злетовица*** со површина од 94,10 ha;
- ***ЗСЗ 08 Венечка Река***  опфаќа површина од 57,99 ha.
- ***ЗСЗ 09 Злетовска Река*** опфаќа површина од 138,49 ha.
- ***ЗСЗ 10 Орлов Камен*** опфаќа површина од 497,36 ha**.**
- ***ЗСЗ 11 Раткова Скала*** опфаќа површина од 228,74 ha.
- ***ЗСЗ 12 Велика (Голема) Река*** опфаќа површина од 202,37 ha.

➢ **Зона за активно управување**

Зоната за активно управување (ЗАУ) претставува зона од висок интерес за заштита, во која се потребни поголеми управувачки интервенции со цел да се реставрираат, ревитализираат или рехабилитираат живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот. Во зоната за активно управување се дозволени активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита на подрачјео, како екотуризам или традиционално екстензивно земјоделство (член 105 од Закон за заштита на природата). Зоната за активно управување во ЗПр „Осоговски Планини“ зафаќа 2546,6 ha или 5,22 % од вкупната површина на подрачјето и е дефинирана најчесто околу површините на зоната за строга заштита со исклучок на малите површини кај с. Рајчани.

На територијата на ЗПр „Осоговски Планини“ се утврдени следните Зони за активно управување:

- **ЗАУ 01 Царев Врв - Ташово** зафаќа површина од 62,94 ha
- **ЗАУ 02  Царев Врв – Маркова** Стапка има површина од 157,57 ha
- **ЗАУ 03 Царев Врв - Бабина Чешма** има површина 161,83 ha
- **ЗАУ 04 Горна Злетовица – Модра Река** зафаќа површина од 198,89 ha
- **ЗАУ 05 Горна Злетовица** има површина од 313,41 ha.
- **ЗАУ 06 Венечка Река** зафаќа површина од 104,07 ha
- **ЗАУ 07 Злетовска Река** зафаќа површина од 571,35 ha.
- **ЗАУ 08 Орлов Камен** зафаќа површина од 740,01 ha
- **ЗАУ 09 Раткова Скала** зафаќа површина од 49,47 ha.

- **ЗАУ 10 Велика (Голема) Река** зафаќа површина од 161,13 ha
- **ЗАУ Блатец** опфаќа површина од 15,02 ha
- **ЗАУ Катанци – север** зафаќа површина од 3,96 ha
- **ЗАУ Катанци – југ** зафаќа површина од 3,62 ha

➢ **Зона за одржливо користење**

Зоната за одржливо користење (ЗОК) претставува значителен дел од заштитеното подрачје. Овој простор не поседува високи вредности за заштита, во него се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство, типови на шумски насади коишто не се карактеристични за подрачјето, како и населени места со околното земјоделско земјиште (согласно член 106 од Законот за заштита на природата).

Зоната за одржливо користење (ЗОК) во ЗПр „Осоговски Планини“ зафаќа 44345,27 ha или 90,86 % од просторот кој е ставен под заштита. Границата на ЗОК ја следи границата на целото заштитено подрачје.

➢ **Заштитен појас (бафер зона)**

Заштитниот појас во ЗПр Осоговски Планини е воспоставен во делот околу Царев Врв, меѓу зоните чиј режим на заштита и управување меѓусебно се исклучува односно Царев Врв - Извори на Врањска Река (С301), Царев Врв – Алтан Чешма (С302), со цел обезбедување растојание од 100 m за инфраструктурните зафати во рамките на планираниот ски-центар Царев Врв. Во овој дел од заштитеното подрачје, каде е регистрирана концентрација од природни вредности (значајни видови и живеалишта), а од друга страна идентификувани се и потенцијали и интереси за економски развој (ски туризам), не беше возможно да се дефинира зона за активно управување и затоа е дефиниран заштитен појас (со површина до 82.25 ha). Целта на воспоставување на заштитен појас е да се ублажат влијанијата и да се заштитат вредностите во зоните за строга заштита (С301 и С302), види слика 7.




**Слика 7** Заштитен појас во ЗПр Осоговски Планини во делот околу Царев Врв

## 3.5. Концепт на просторниот развој

Визијата за Заштитениот предел „Осоговски Планини“ е дефинирана врз основа на вредностите на подрачјето и аспирациите (желбите/стремежите) на локалното население и различни засегнати страни од Осогово. Како основа е земена визијата на локалното населние за Осогово и истата е надградена со видувањата на засегнатите страни и управувачот.

Во согласност со погоре напишаното е утврдена предлог ***визијата*** на Заштитениот предел „Осоговски Планини“, која гласи:

> „Осогово е подрачје со зачувани пределски карактеристики, богата биолошка разновидност, со одржана хармонична поврзаност меѓу луѓето и природата, пристојно место за живеење со сочувани природни и културни вредности и традиции, со можности за научни истраживања и едукација, препознатлива туристичка дестинација, и поддржува одржлив развој на регионот со вклучување на локалните заедници и во баланс со природата“

Визијата се стреми кон обезбедување заштита и зачувување на природното наследство преку соодветно управување со природните вредности, почитувајќи го притоа воспоставениот режим на заштита (зонирање) на заштитеното подрачје. Истовремено, визијата се базира и на овозможување услови за развој на одржлив туризам, во функција на локален економски развој и едукација.

Согласно Визијата на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ и Одлуката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитен предел, притоа имајќи ги предвид препораките од IUCN, предложени се следните основни цели за заштита и управување со заштитеното подрачје ЗП Осоговски Планини:

1. *Карактеристичниот осоговски предел е зачуван преку одржување на хармонична интеракција меѓу природата и културата и продолжувањето на традиционалниот начин за користење наземјиштето.*
2. *Вредностите на природата (биолошката, геоморфолошката, агробиолошката и пределната разновидност) на Осогово од национална и европска важност се заштитени. Вредностите и функциите на природните и полуприродните екосистеми се зачувани, тие се репрезентативно претставени, мозаично поврзани и претставуваат функционални јадрови подрачја и коридори за присуство и движење на дивите видови на Балканот;*
3. *Културните вредности и традиции се сочувани за идните генерации и се достапни и атрактивни за посетителите и туроператорите;*
4. *Осогово ќе претставува модел на отворена училница во која се спроведува еколошка едукација, едукација за одржлив развој и научните истражувања за вредностите на поддрачјето преку комуникација со засегнатите страни и локалните заедници;*
5. *Осогово е препознатлива туристичка дестинација со воспоставени едукативни и туристички посети до одржливи граници;*
6. *Управувањето со природните ресурси е оддржливо и се спроведува со примена на интегриран пристап во соработка со сите засегнати страни. Наплатата за екосистемските услуги е регулирана и контролирана и претставува основа за поддршка и социјален развој на локалните заедници во и околу Осогово.*
7. *Телото за управување е воспоставено со соодветен кадар кој ќе овозможи успешно управување со вредностите на подрачјето и исполнување на визијата за заштитениот предел.*

Во согласност со одредбите од Законот за заштита на природата, како и Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштитата на природата (Сл. Весник на РМ бр. 26/2012), а се со цел да се овозможи непречено одвивање на природните процеси и функции, да се зачуваат и одржат ендемските и автохтоните видови, како и да се ублажат или елиминираат идентификуваните закани, а при тоа да се овозможи одрживо користење на екосостемските услуги и да се елеиминираат евидентирание закани, идентификувани се осум програми за управување со Заштитениот Предел. Активностите предвидени во програмите за управување се усогласени со Визијата на подрчјето, како и со Целите за заштита на истото. Идентификуваните програми за управување се следните:

- Програма 1 - Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство;
- Програма 2 - Одржливо користење на природните ресурси во подрачјето;
- Програма 3 - Управување со шумски живеалишта и екосистеми;
- Програма 4 - Управување со културното наследство;
- Програма 5 - Развој на одржлив туризам и рекреација;
- Програма 6- Локален развој (со акцент на одржување на традиционалните стопански дејности);
- Програма 7 - Информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација и
- Програма 8 - Раководење, управување, финансирање и админстрација

### 3.5.1. Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство

Оваа програма се однесува на воспоставување редовен/долгорочен мониторинг на состојбата на видовите, живеалиштата, пределите, мониторинг на геонаследството и климата. Потпрограмите за мониторинг претставуваат основа за планирање и преземање соодветни мерки за заштита и ревитализација на загрозените видови и живеалишта. Заради, тоа мерките и активностите за ревитализација се помалку застапени во петгодишниот план. Исполнувањето на планираните мерки и активности ќе придонесат кон остварување на основната визија за подрачјето, бидејќи ќе помогне да се зачуваат пределските карактеристики на Осогово, богатата биолошка разновидност и геонаследството, ќе овозможи спроведување научни истражувања и едукативни активности, како и одржување на екосистемските услуги кои ќе придонесат за одржлив развој на регионот во баланс со природата.

За спроведување на оваа програма потребна е соодветна експертиза и има голема потреба за јакнење на капацитетите на управувачот. Во првиот петгодишен период од Планот за управување, за спроведување на истражувањата и активностите за мониторинг треба да се обезбеди вклучување на надворешни експерти кои во исто време би спроведувале обуки за чуварите и стручните лица од ЈПНШ: препознавање, документирање на видови (картирање, база на податоци), усвојување на теренска методологија, основни анализи, итн.

Програмата е комплексна и содржи мерки и активности кои се групирани во четири потпрограми кои се претставени во табелата подолу.

**Табела 5** Преглед на потпрограмите во Програма 1 и соодветните посебни цели

| Потпрограма | Посебни цели |
|---|---|
| Управување и мониторинг на пределите | ✓ Следење на состојбата со пределите и идентификување на процеси и закани, кои влијаат врз пределите;<br>✓ Одржување на структурните, функционалните и визуелните карактеристики на пределите |

| | |
|---|---|
| Долгорочен мониторинг на видовите, живеалиштата и пределите | ✓ Следење на популациите на одредени, избрани, видови и групи на видови за да се утврдат процесите и законите кои влијаат врз трендовите на популациите;<br>✓ Следење на состојбата со живеалиштата и идентификување на процесите и законите врз нив;<br>✓ Следење на состојбата со инвазивните алохтони видови<br>✓ Подобрување на познавањето на видовите, живеалиштата и пределите |
| Управување и ревитализација на видови и живеалишта | ✓ Ревитализација на засегнатите типови на живеалишта;<br>✓ Подобрување на статусот и вредноста на живеалиштата особено оние кои се под закана;<br>✓ Одржување на состојбата на приоритетните живеалишта;<br>✓ Зачувување и подобрување на состојбата на приоритетни видови; |
| Зачувување на геонаследството | ✓ Следење на процесите на деградација и забрзано уништување на значајните геолокалитети и гео појави<br>✓ Формирање геобаза за геонаследство со нови сознанија<br>✓ Одржливо туристичко користење на геонаследството |
| Долгорочен мониторинг на климата и адаптација кон климатските промени | ✓ Надминување на недостигот на мониторинг станици за следење на климата и климатските промени<br>✓ Адаптација кон климатските промени |

#### 3.5.2. Одржливо користење на природните ресурси во подрачјето

Оваа програма се однесува на исполнување на целата визија за подрачјето бидејќи истата треба да помогне да се одржи хармонична поврзаност меѓу луѓето и природата, а Осогово да стане пристојно место за живеење со сочувани природни и културни вредности и традиции. Истата ќе го поддржи одржливиот развој на регионот преку директно учество на локалните заедници и во баланс со природата.

Осоговските Планини располагаат со различни природни ресурси чија употреба во одржливи граници и на традиционален начин може да придонесе за одржување на карактеристичниот осоговски рурален предел, но и да овозможи локален економски развој. Негативните економски трендови имаат негативно влијание врз шумските екосистеми, пасиштата, агробиолошката разновидност и водните екосистеми. Влошувањето на општата состојба на економијата доведе до зголемување на интересот за употреба на природни ресурси, кои се повеќе се користат на интензивен начин. Присутен е трендот на напуштање на пасиштата особено традиционалните практики на напасување на стока. Ова бара примена на интегриран пристап на управување и строга контрола врз употребата на различните ресурси со примена на одржливи практики, со цел да не се наруши стабилноста на живеалиштата на видовите, кои се предмет на употреба.

Програмата е комплексна и содржи мерки и активности кои се групирани во четири потпрограми, претставени во табелата подолу.

**Табела 6** Преглед на потпрограми во Програма 2 и соодветните посебни цели

| Потпрограми | Посебни цели |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Зачувување/одржување на агробиолошката разновидност | ✓ Одржување на традиционалните производни системи и обезбедување екосистемски услуги<br>✓ In situ in vivo и/или ex situ in vivo програми за одржување и конзервација на биолошката разновидност кој домашните животни<br>✓ Образование и едукација во областа на конзервација и одрживо користење на агробиолошката разновидност<br>✓ Долгорочно зачувување на автохтоните и локални сорти од земјоделските култури во ген банки за да се намали заканата за нивно исчезнување поради депопулација на населбите<br>✓ In situ маркирање и ревитализирање на напуштени стари сорти овошки и оформување на овошни колекции<br>✓ Диверзификација на земјоделството со запоставени култури и сорти |
| Одрживо управување со пасишта | ✓ да се обезбеди одрживо користење на високопланинските пасишта<br>✓ да се спречи обраснување на пасиштата со непожелни видови<br>✓ да се зачуваат тревестите живелишта и видови кои се од национално и европско значење |
| Одрживо управување со водни екосистеми | ✓ Да се обезбеди рационално користење на водните ресурси преку воспоставување соработка со релевантните институции на локално и национално ниво и имплементирање на интегриран пристап на управување<br>✓ Да се обезбеди зачувување на автохнотата акватична флора и фауна преку заштита на нивните живеалишта редовен монитотинг<br>✓ Да се заштитат водните екосистеми и ретки и загрозени видови преку зајакната контрола на терен<br>✓ Да се подигне јавнат свест за значењето и потребата од рационално и интегрирано користење на водните ресурси |
| Одрживо управување со дивечот | ✓ Дивечот да се користи на одржлив начин и со почитување на правата и потребите на  окалните заедници<br>✓ управувањето со ловниот дивеч да се спроведува врз основа на научно признат мониторинг со активно вклучување на ловците/концесионерите и со намалување на негативното влијание врз биолошката разновидност<br>✓ да се минимизира криволовот<br>✓ да се воведат одрживи практики на ловен туризам и Осогово да стане позната ловно туристичка дестинација (потенција за трофеен лов) |

| | |
|---|---|
| Одржливо користење/ управување со други шумски производи | ✓ да се озбезбеди зачувување на засегнати видови ЛАР преку in situ, ex situ и on farm мерки<br>✓ да се собере и умножи генетски материјал од загрозените видови ЛАР<br>✓ да се обезбеди зачувување на економски значајни видови габи<br>✓ да се обезбеди зачувување на економски значајни видови полжави<br>✓ да се обезбеди одржливо користење на економски значајни ЛАР преку дефинирање квоти и обука на собирачите<br>✓ да се ревитализираат загрозените популации ЛАР<br>✓ да се поддржи собирање и производство на ЛАР по принципите на органско проиводство<br>✓ да се обезбеди одржливо користење на комерцијални видови габи<br>✓ да се обезбеди одржливо користење на шумски плодови<br>✓ да се подигне свеста кај локалното население за собирање на ЛАР, габи и полжави на одржлив начин<br>✓ да се поттикне одгледување на ЛАР на поголеми површини со цел запирање на ерозија<br>✓ да се промовирање на традиционални лековити и прехранбени производи под еден бренд |

### 3.5.3. Програма за управување со шумски живеалишта и екосистеми

Оваа програма се однесува на исполнување на целата визија за подрачјето, бидејќи истата треба да помогне да се одржи хармонична поврзаност меѓу луѓето и природата, Осогово да стане пристојно место за живеење со сочувани природни и културни вредности и традиции но и да поддржи одржлив развој на регионот со вклучување на локалните заедници и во баланс со природата.

Програмата ќе води кон подобро управување со шумските подрачја. Управувањето со шумите треба да се заснова на екосистемски пристап и прилагодување на шумските практики во согласност со еколошките процеси и модели.

На Осоговските Планини се препознаени поголем број природни вредности, а меѓу нив шумите и шумските ресурси имаат посебно значење. Шумите се едни од најраспространетите природни ресурси на Осоговските Планини и исполнуваат голем број еколошки, социјални и економски функции. Територија на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ може да ги намали можните влијанија и притисоци врз екосистемите во пределот, кои се јавуваат како резултат на користење на ресурсите во соседните територии/подрачја. Економските трендови имаат негативно влијание врз шумите/или шумските екосистеми и биолошката разновидност.

Влошувањето на општата состојба на економијата доведе до зголемување на интересот за употреба на ресурси од дрво и други производи. Покрај разновидните шумски заедници на различни места на Осоговските Планини се среќаваат и други природни вредности кои заслужуваат висок степен на заштита. Такви се енклавите од стари, реликтни, ретки или мешани шумски состоини или единечни стари вековни дрвја, кои имаат високи природни вредности. Ова бара строга контрола врз користењето на различните ресурси, со цел да не се

наруши стабилноста и диверзитетот на шумските живеалишта, нивната внатрешна структура, форма, видова и генетска разновидност, кои се често предмет на користење.

Заради значењето на шумите и можноста за користење на шумските ресурси во заштитеното подрачје „Осоговски Планини“, оваа програма е разработена во пет (5) потпрограми

**Табела 7** Преглед на потпрограмите во Програма 3 и соодветните посебни цели

| Потпрограми | Посебни цели |
|---|---|
| Подобрување на состојбата на различни видови шумски екосистеми. | ✓ Да се воспоставaт рационални управувачки механизми, кои се во согласност со одржувањето на значајните еколошки, економски и социјални вредности на шумите во ЗП Осоговски Планини;<br>✓ Да се обезбедат поволни шумски живеалишта за целокупната флора фауна и фунгија;<br>✓ Да се обезбеди заштита на старите шумски состоини и единечни стари/вековни дрвја и „биотопни дрвја“;<br>✓ Да се зголемат вредностите на шумите со создавање на хетерогени шуми;<br>✓ Да се обезбеди одржување на интегритетот на шумските екосистеми и површинските води;<br>✓ Подобрување на условите во животната средина и ревитализација на деградираните шумски состоини;<br>✓ Трансформација на дел од изданковите дабови и букови шуми во шуми од семено потекло;<br>✓ Да се идентификуваат инвазивни растителни и животински видови на територијата на ЗП Осоговски Планини и да се спроведат мерки за контрола на нивната распространетост;<br>✓ Да се запре пошумувањето со алохтони видови дрвја на територијата на ЗП Осоговски Планини;<br>✓ Да се намали ризикот од лизгање на земјиште (ерозија), поплава и пожари. |
| Идентификација и управување на шуми со високи конзервациски вредности. | ✓ Да се идентификуваат шумите со високи конзервациски вредности и клучните живеалишта и да се обезбеди нивно одржливо управување во насока на исполнување на важните еколошки, економски и социјални функции на шумските екосистеми. |
| Идентификација и заштита на дрвјата значајни за биолошката разновидност и идентификација на мртва шумска дрвесина.<br>Идентификација и заштита на стари | ✓ Да се обезбеди екосистемски пристап при правување со шумите (идентификација, известување и интегрирано управување со сите екосистемски елементи);<br>✓ Да се приспособат шумските практики кон |

| | |
|---|---|
| шуми/шуми во фаза на старост (ШФС). | еколошките процеси и модели. |
| Сертификација на шумите. | ✓ Усогласеност со националното и меѓународното законодавство, почитување на правата на локалните заедници, заштита на биолошката разновидност во шумите и одржување на нивните еколошки функции, обезбедување долгорочна економска одржливост, соодветно планирање и мониторинг на шумски активности. |
| Пошумување на необновени сечишта, отворени терени, после природни или антропогени катастрофи, терени со ерозија и ревитализација на деградирани шумски состоини. | ✓ Подобрување на условите на животната средина и ревитализација на деградирани шумски состоини;<br>✓ Обновување на матичните шумски екосистеми;<br>✓ Заштита на земјиштето од лизгање и поплава;<br>✓ Зголемување на површината под шуми - зголемување на шумската покривка во ЗП Осоговски Планини. |

### 3.5.4. Управување со културното наследство

Програмата за управување со културното наследство во заштитеното подрачје ЗПр „Осоговски Планини“ се однесува на исполнување на делот од визијата за зачувување на културните вредности и традиции. Оваа програма е тесно поврзана со програмите за заштита на природното наследство, како и програмата за развој на одржлив туризам и рекреација, кои се основа за поттикнување одржлив развој на регионот во баланс со природата. Целите за заштитата се дел од една единствена политика на планирање и не се исклучуваат меѓу себе.

Културното наследство, само по себе, го поттикнува чувството на идентитет, стабилност и социјален континуитет. При планирање на развојните препораки за заштита на културното наследство, потребен е баланс со природното наследство и со околниот пејсаж. Само така, локалното население и посетителите во целост ќе ги препознаваат вредностите и придобивките од културното наследство, кое е во директна комуникација со природните вредности, особено во рамки на ЗПр„Осоговски Планини“. Луѓето на овие простори не само што оставиле печат врз пределот, туку тие до ден денес, со своите активности го одржуваат специфичниот осоговски рурален предел. Заради засилениот процес на миграција на локалното население од Осогово и напуштање на традиционалните практики, специфичниот (полуприроден) осоговски предел е под силна закана. Затоа е потребно да се преземат чекори кон зачувување не само на недвижното туку и на духовното културно наследство во овој регион. Традиционалните навики на користење на земјиштето треба да бидат одржувани и негувани. Културните вредности на Осогово треба да бидат зачувани и негувани и да водат кон културен и духовен развој на заедницата во регионот, да бидат ставени во функција на развој на туризмот и да поттикнат локален развој. За тоа е потребен концепт, кој не ја исклучува развојната политика и основните цели на заштита, при планирањето,напротив тие треба да бидат во взаемен баланс. Особено внимание треба да се посвети кон создавање на сите предуслови за развивање и унапредување на т.н. селски туризам односно рурален туризам како алтернативен вид туризам, по примерот на Словенија, како важен бизнис-модел со голем потенцијал.

При управување со заштитеното подрачје потребно е да се вклопат подеднакво интересите за грижа и промоција на карактеристични традиционални обележја и заштита на евидентираното

културно наследство во просторот. За таа цел, неопходно е управувачот со заштитеното подрачје да води непосредна грижа во делот на зачувување на автентичноста на културно наследство во регионот. ЈПНШ, како управувач со заштитеното подрачје, само по себе не може да ги оствари овие цели без соработка со релевантни надлежни институции од областа на културното наследство. Негова примарна цел треба да биде непосредната грижа кон евидентираните културни добра и идентификување на случајно или намерно уништување или оштетување на објект или целина, и навремено и адекватно информирање до надлежните институциите за понатамошна интервенција. Затоа, потребна е комуникација и отворена соработка со релевантните надлежни институции од локален и национален ранг, кои треба да дадат поддршка во остварување на заедничките цели за заштита и промоција на културните вредности на Осогово, особено во делот на создавање на соодветна база на податоци за културните вредности од движен и недвижен карактер и нејзино континуирано ажурирање.

Неопходна е директна вклученост на надлежните релевантни институции во делот на: прибирање, обработка и проценка на неопходните податоци за спроведување на нивна заштита. Вклученоста на релевантните институции е неопходна во делот на унапредување на знаењата и заштитата на културното наследство преку изготвување на соодветни елаборати и програми и спроведување на постапки и донесување на одлуки за развојните политики и заштитата на културното наследство. Развојната политика не се спроведува во вакуум простор, туку на конкретна локација со постојно опкружување, и испреплетени ингеренции, затоа е потребно да се дадат основни насоки и приоритети, кои ќе доведат до структурен развој и ќе ја унапредат заштитата и заедницата.

**Табела 8** Преглед на потпрограми во Програма 4 и соодветните посебни цели

| **Потпрограми** | **Посебни цели** |
|---|---|
| Грижа и долгорочен третман на културното наследство преку активна соработка со релевантните институции | ✓ Да се валоризира/ревалоризира движното и недвижното културно наследство во ЗПр Осоговски Планини<br>✓ Да се заштити и зачува движното, недвижното и нематеријалното културно наследство на одредена комплексна целина, која може да опфаќа повеќе различни содржини од движно, недвижно и духовно културно наследство. Да опфаќа истовремено елементи и од археологија, историја, етнологија преку изготвување на елаборат за валоризација за конкретните содржини од областа на културното наследство и поднесување на проект за негово прогласување во статус на културен предел на Осогово, со што ќе биде направен и првиот чекор во негово зачувување, а во исто време и промовирање на неговата содржина. |
| Одржливо управување со културното наследство и остварување на соработка со релевантни институции | ✓ Да се конзервираат, реставрираат и ревитализираат, објекти и целини евидентирани како дел од културното наследство во ЗПр Осоговски Планини.<br>✓ Да се зачуваат традиционалните рурални целини со капацитет за одржливо користење<br>✓ Да се предложат неколку атрактивни рурални места (села) кои имаат потенцијал за развој на селски туризам |
| Промоција на културното наследство | ✓ Да се популаризира културното наследство во регионот заради развој на туризмот<br>✓ Да се зголеми едукацијата за културнотонаследство |

| | |
|---|---|
| | во регионот<br>✓ Да се искористи постоечката инфраструктура за промоција и развој на руралниот или селски туризам. |

### 3.5.5. Програма за Развој на одржлив туризам и рекреација

Програмата за одржлив развој на туризмот на Осоговските Планини има за цел дефинирање на насоки за системски поставен развој на туризмот, кој е прилагоден на генералниот концепт на Планот за управување со заштитеното подрачје.

Визијата за заштитеното подрачје Осоговски Планини е да прерасне во препознатлива туристичка дестинација, каде што ќе егзистираат повеќе видови туристички производи со висок квалитет, ќе се остварува значителен туристички промет кој ќе биде еден од главните двигатели на локалниот и регионалниот економски развој, со крајна цел подобрување на животот на локалното население, заштита на природните и културни вредности и афирмирање на севкупниот потенцијал на регионот и Република Северна Македонија во светот.

Туризмот во заштитеното подрачје Осоговски Планини треба да почива на локалните природни и културни вредности и локалните заедници, а главна цел на програмата е поставување почетна основа за развој на туризмот во заштитеното подрачје како единствена туристичка дестинација интегрирана во поширокото туристичко опкружување во земјата и во регионот.

Цел на програмата за развој на туризмот во заштитеното подрачје Осоговски Планини е да се создадат компетентни капацитети за креирање туристички производи во поглед на организациската поставеност, потребните човечки ресурси, инфраструктурата и промоцијата, и преку поврзување на различни туристички содржини да се создаде функционална целина – туристичка дестинација, која ќе биде конкурентна според својата вредност и цена на домашниот, регионалниот и светскиот пазар.

Програмата за развој на туризмот во заштитеното подрачје Осоговски Планини има цел да се преземат реално остварливи активности кои ќе придонесат за воспоставување туристички процеси и создавање туристичка дестинација на територијата на заштитеното подрачје како организирана функционална целина.

**Табела 9** Преглед на потпрограми во Програма 5 и соодветните посебни цели

| **Потпрограми** | **Посебни цели** |
|---|---|
| Стратешки документи и управувачки механизми | ✓ Иницирање и ставање во функција на координативно тело за развој на туризмот;<br>✓ Изработка на студија за развој на туризмот, мастер план и акциски планови за период од пет и десет години;<br>✓ Изработка на стандарди за унифицирање и поставување на инфраструктура<br>✓ Мониторинг на туристичките активности |
| Развој на туристичка инфраструктура и препознатливост | ✓ Дефинирање на мрежен систем на патеки за планински туризам<br>✓ Означување и уредување на патеки за планинарење, велосипедизам, рекреација едукација и сл.<br>✓ Дефинирање на локации за мали кампинзи и нивно прилагодување<br>✓ Ставање во функција на туристичко-информативен центар |

| | |
|---|---|
| | ✓ Изградба на авантуристички парк<br>✓ Развој на велотуризам<br>✓ Развој на агротуризам |
| Промоција и маркетинг | ✓ Брендирање на туристичката дестинација<br>✓ Изработка на промотивни материјали за природните и културните вредности<br>✓ Креирање и промоција на дестинациска препознатливост |
| Зајакнување на човечките ресурси за развој на туризмот | ✓ Создавање на капацитети за развој на стандардизаиран и одржлив туризам |

#### 3.5.6. Локален развој (со акцент на одржување на традиционалните стопански дејности)

Оваа програма треба да обезбеди исполнување на визијата за заштитениот предел Осоговски Планини да стане пристојно место за живеење со сочувани природни и културни вредности и традиции, како и да го поддржи одржливиот развој на регионот преку директно учество на локалните заедници и во баланс со природата.

Одржливиот локален развој како поим е дефиниран многу одамна, со цел да го објасни предизвикот на денешницата: јакнење на економските текови и активности заради намалување на сиромаштијата и нееднаквоста, на начин кој ќе го минимизира еколошкиот отпечаток. Жителите во планинските региони не ги уживаат подеднакво технолошките и економски придобивки добиени како резултат на интензивното користење на природни ресурси, што од своја страна ги засилува трендовите на миграција „село-град“. Надополнети со негативните демографски статистики од новиот век, овие трендови укажуваат на неопходност од стратешко делување за унапредување на локалниот развој преку вклучување на месното население и креирање придобивки за безбеден, достоинствен и квалитетен живот во планинските региони.

Од друга страна, локалниот развој во планинските подрачја е клучен за овозможување на долгорочен одржлив глобален развој преку намалување на сиромаштијата и транзиција кон зелена економија. Во свет кој оди кон криза со вода, храна и енергија, одржливиот развој на планините е глобален приоритет. Преку обезбедување на чиста вода за пиење, планинските екосистеми играат критична улога во развојот на светот. Ова е особено важно во период кога нашата држава се соочува со долги и сушни лета како резултат на климатските промени. За таа цел, светот оди кон трендот на воведување на инструмент на компензација на локалното население преку Плаќања за екосистемски услуги (ПЕС), чии можности за воведување треба сериозно да се разгледаат и кај нас. Ова е особено важно ако земеме предвид дека месното население кое живее во заштитениот предел „Осоговски Планини“ е помеѓу најсиромашното население во Источниот плански регион на државата, иако неговата улога е клучна во одржување на планинските екосистеми, како и обезбедување на услуги со цел нивна заштита и искористување во функција на локален економски развој. Дополнително, воведувањето поттикнувачки мерки за намалување на сиромаштијата преку одржливо користење на природата и плаќањето за екосистемски услуги како и мобилизација на средства од плаќањето за екосистемски услуги во заштитени подрачја и надвор од нив, се едни од акциите дефинирани во двете најзначајни стратегии (Стратегија за заштита на природата со акционен план 2017-2027 и Стратегија за биолошка разновидност 2018-2023) што може да обезбедат ефикасно и одржливо финансирање на заштитените подрачја Освен воведување на инструменти како ПЕС, за да се подобрат условите за живот на локалните заедници во овие региони, неопходно е тие да ја добијат својата улога на „управувачи“ со планинските предели и ресурси со што ќе им се овозможи да преземат одговорност за зачувување на природните

ресурси и да ја исполнат својата улога како „неформални“ планински управувачи, што пак е возможно преку воведување на политики за добро управување со јавното земјиште.

Во период кога светот е под закана на климатските промени, знаењата и искуствата на локалните заедници, развиени низ потребата за прилагодување на високо диференцираните, кревки и немилосрдни временски влијанија и непогоди, претставува можност за развивање на едукативни програми за одржлив развој, како надополнување на еколошките програми и настава во природа. Уште повеќе, нивните одржливи и традиционални практики во земјоделството, културата и туризмот, претставуваат идеална основа за понатамошно унапредување на економскиот развој на регионот и државата, преку воведување на соодветни програми за поддршка, едукација и развој.

Токму од таа причина се изработува и Програмата за локален развој, која е поврзана со останатите програми, особено во делот на користењето на природните ресурси, туризмот и културното наследство и има за цел да ги идентификува и надополни активностите кои нудат можности за интензивирање на економски развој преку искористување на природните и културни ресурси на начин кој е одржлив и овозможува вклучување на локалните заедници.

Заради клучното значење на различните аспекти и предуслови, како и вклучување на сите релевантни чинители за овозможување и унапредување на локалниот економски развој во заштитениот предел „Осоговски Планини“, оваа програма е разработена во три (3) потпрограми:

**Табела 10** Преглед на потпрограми во Програма 6 и соодветните посебни цели

| **Потпрограми** | **Посебни цели** |
|---|---|
| Добро управување со земјиште како предуслов за добро управување со природните ресурси и локален развој | ✓ Да се воспостават механизми за подеднакво учество и вклученост на локалните заедници кои живеат во Осоговски Планини во носењето на одлуки;<br>✓ Да се овозможат практики на користење и обработка на земјиштето кои се во согласност со значајните еколошки, економски и социјални вредности на природните ресурси во ЗП Осоговски Планини;<br>✓ Да се воспостават механизми за правување со ризик и намалување на ризикот од лизгање на земјиште (ерозија), поплава и пожари;<br>✓ Да се воспостави одржлив систем за управување со отпадот;<br>✓ Да се разработи шема преку отворен дијалог и да се иницира воведување на фискални инструменти (ПЕС) за компензација на локалното население за еколошките услуги; |
| Поддршка на локалниот развој преку вклучување на локалните заедници во креирање на локалните економски текови во Осогово и регионот | ✓ Да се вклучат локалните заедници во локалните економски текови преку интеграција на пазар на труд и поврзување со пазарот на финални добра и услуги<br>✓ Да се создадат потребните услови и инфраструктура за промоција и продажба на локалните производи на пазарот на |

| | |
|---|---|
| | финални добра и услуги |
| Зголемување на економските и социјални придобивки за локалната заедница, преку одржливо користење на природните ресурси во Осогово | ✓ Да се заштитат и промовираат прехранбени производи од автохтони раси и сорти со ознака за географски назив, потекло и/или гарантиран традиционален специјалитет<br>✓ Да се интегрираат фарми и земјоделски продукти во туристичките понуди – агротуризам<br>✓ Да се интегрира локалното население во вкупната туристичка понуда<br>✓ Да се унапреди традиционалното земјоделство во органско производство<br>✓ Да се подигне свеста на населението за вредноста на локалните сорти и раси и нивниот потенцијал за економска корист<br>✓ Да се премине од локална економија заснована на суровини на економија заснована на продажба на финални добра и услуги. |

### 3.5.7. Информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација

Оваа програма е наменета да го доближи новопрогласеното заштитено подрачје поблиску до јавноста и локалното население. Со користење на модерни алатки за информирање и едуцирање, програмата ќе цели да ја исполни визијата на подрачјето, како место, што живее со и поради поврзаноста на луѓето и природата, но и како простор за образование, истражување и заедничка соработка. Програмата ќе води до поефикасно информирање на јавноста за важноста и значењето на подрачјето, ќе ги промовира неговите биолошки, геолошки и екосистемски вредности, ќе служи и како место каде јавноста ќе учи за значењето на заштитените подрачја и концептот за одржлив развој. Со оваа програма ќе се поставуваат нови стандарни за информирање на јавноста за заштитените подрачја, како и нивно исползување за образовни и научно-истражувачка цели.

Осогово е прво заштитено подрачје од оваа категорија во државата и отвора ново поглавје во управувањето со природното наследство. Низ векови зачуваната врска помеѓу луѓето и природата служи како основа на која ќе се темелат новите методи на комуницирање и информирање на јавноста и на локалните заедници околу значењето, работата, но и идните планови на подрачјето. Биолошките, геолошките и екосистемските вредности како и традиционалниот начин на живот, како главни обележја на подрачјето, ќе се искористат како главни симболи во првичната кампања за промоција на подрачјето во национални и регионални рамки. Различните предели и бројните екосистеми на Осогово преставуваат одлично поле за еколошко образовани, општа едукација за вредноста на природата како и место за изведување на пропишаната настава во природа и училишни екскурзии на образовните инстуции на локално и национално ниво (Осогово – отворена училница). Целта на програмата е да се воспостават основни насоки за комуницирање со јавноста, локалното населние како и насоки за развој на еколошко образование и образование за одржлив развој кои ќе помогнат во развојот на новата управувачка администрација. Програмата ќе цели и кон оставрување на соработка со научната, истражувачката и воспитно-образовната заедница и спроведување на заеднички акции за унапредување на истражувањата и едукацијата за и во природа, како и популаризација на истите.

**Табела 11** Преглед на потпрограмите во Програма 7 и соодветните посебни цели

| Потпрограми | Посебни цели |
|---|---|
| Креирање на визуелен изглед (брендирање) и означување на подрачјето | ✓ Да се креира нов визуелен и графички идентитет;<br>✓ Да се изработи статегија за означување и унифицирање на подрачјето;<br>✓ Да се означи подрачјето согласно законските прописи и<br>✓ Да се имплементира и синхронизира новиот визуелен идентитет на веќе постоечката инфраструктура |
| Односи со јавност и информирање | ✓ Да се креира модерна стратегија за комуникација на подрачјето;<br>✓ Да се формираат основни средства и канали за комуникација, кои континуирано ќе се одржуваат и ажурираат;<br>✓ Да се промовира подрачјето пред општата јавност и<br>✓ Да се воспостави транспарентен и ефикасен систем за комуникација со јавноста. |
| Воспоставување соработка со засегнати страни | ✓ Да се воспостави постојана, директна комуникација со локалните заедници во рамките на заштитеното подрачје;<br>✓ Да се воспостави официјална соработка со локални граѓански организации, движење и коалиции;<br>✓ Да се воспостави соработка со медиумите и<br>✓ Осогово да стане место отворено за соработка со истражувачката и научната заедница |
| Еколошко образование | ✓ Да се ревидира и унапреди постоечката едукативна инфраструктура;<br>✓ Да се воспостави едукативен центар на Пониква;<br>✓ Да се промовира подрачјето со концептот Осогово отворена училница<br>✓ Да се воспостави официјална соработка со локални и регионална училишта и училишни центри |

### 3.5.8. Раководење, управување, финансирање и администрација

Програмата за раководење, управување, финансирање и администрација на ЗПр „Осоговски Планини” се развива заради остварување на целата визија на заштитеното подрачје, односно истата треба да му помогне на управувачот ЈП Национални шуми да ги изгради потребните капацитети за да може да ги спроведе предвидените мерки и активности во овој План за управување.

Програмата е директно поврзана со постигнување на една од главните цели на управување – цел 7, Телото за управување е воспоставено со соодветен кадар кој ќе овозможи успешно управување со вредностите на подрачјето и одржување на Осоговскиот рурален предел, додека индиректно ќе помогне во исполнување и на останатите шест цели на управување на подрачјето.

Програмата е основа за ефикасно спроведување на визијата, главните цели на управување на подрачјето, програмските мерки и активности и дефинираните посебните цели на кои се темели идното управување со ЗПр „Осоговски Планини”. Активностите на Телото за правување се главната гаранција за спроведување на Планот за управување. Истите треба да бидат насочени кон: преструктуирање на ЈПНШ за воспоставување на Телото за управување со ЗПр

Осоговоски Планини преку обезбедување соодветни човечки и технички ресурси, водење на финансии, механизми за соработка с засегнатите страни, како и администрирање на планот за управување согласно обврските од Законот за заштита на природата

**Табела 12** Преглед на потпрограмите во Програма 8 и соодветните посебни цели

| **Потпрограми** | **Посебни цели** |
| --- | --- |
| Воспоставување на Телото за управување со ЗПр Осоговски Планини | ✓ Да се воспостават капацитети на ЈПНШ со професионален и едуциран персонал<br>✓ да се обезбеди соодветната техничка опременост и инфрастурктура која е потребна за ефективно управување со ЗПр „Осоговски Планини“<br>✓ да се реализираат потребни обуки согласно изработен план за потреби и приоритети |
| Финансирање | ✓ Да се воспостават соодветни капацитети за ефикасно планирање и водење на финансиите за ЗП<br>✓ Да се обезбеди долгорочно финасирање на ЗПр „Осоговски Планини“ со намалување на користење на природните ресурси и воведување на алтернативни извори/механизми на финансирање |
| Ефикасно и ефективно управување со ЗПр | ✓ Да се обезбеди ефикасно и ефективно управување на ЗПр „Осоговски Планини“ преку механизми и процедури за консултации и учество на засегнатите страни во управувањето<br>✓ мониторинг на импементацијата на планот за управување, преку: евалуација и известување за имплементацијата;<br>✓ изработка на годишни програми за зачувување на природата во ЗПр „Осоговски Планини“<br>✓ ревизија/ажурирање на Планот за управување и подготовка на нов план |

#### 3.5.9. Оперативен план

Во согласност со Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита, во Планот се презентирани активностите кои Јавното Претпријатие „Национални Шуми“ треба да ги спроведе, во текот на временската рамка опфатена со Планот за управување. Деталите за овие активности се прикажани за првиот петгодишен период (од 2021 до 2025 година), за периодот од 2026 – 2030 активностите се прикажани сумарно. По истекот на периодот од пет години, а во согласност со Член 99 од Законот за заштита на природата, потребно е да се изврши ревизија на Планот за управување. Активностите се организирани во осум Програми, чија главна цел е исполнување на Целите за заштита на подрачјето опфатени во временската рамка на Планот за управување.

Табеларно е прикажан преглед на десетгодишниот план за спроведување на програмите за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

За секоја Програма, заедно со вклучените Потпрограми е изработен план за спроведување, во кој се вклучени следните елементи:

- Мерки за постигнување на целта на Потпрограмата;
- Активности за постигнување на целта на Потпрограмата;
- Врска со закана/потреба од мониторинг;
- Индикатор за приоритет, со три степени за одредување на приоритетноста на активностите:
    - ✓ Приоритет 1: Активности кои се критични за исполнување на целите на планот и овие активности мора да се реализираат, дури и кога другите активности нема да се реализираат
    - ✓ Приоритет 2: Активности кои се важни за постигнување на планот и треба да се направи напор да се исполнат овие цели, мора да постои добра причина за нивното неисполнување.
    - ✓ Приоритет 3: Активностите се пожелни, но не се критични за постигнување на целта на планот. Инвестициите во овие активности треба да се направат само откако е сигурно дека активностите со приоротет 1 и 2 ќе бидат иполнети.
- Индикатор на исполнување: кој ќе го олесни мониторингот на имплементацијата на Планот преку укажување како да се мери успешната имплементација
- Временска рамка за импламентација на активностите, за период од десет години, која покажува во која година треба да се исполни активноста
- Носител на активноста: се однесува на субјектот кој е одговорен за реализација на активноста или на еден или повеќе надворешни партнери со кои би соработувал субјектот.
- Очекуван буџет за првите пет години изразен во Евра
- Можен извор на финансирање

ЈП Национални Шуми ќе врши мониторинг на спроведувањето на оперативниот план. По истекот на петтата година, оперативниот план, во согласност со Законот за заштита на природата, треба да се ревидира и да се обнови за преостанатите пет години, колку што е траењето на Планот за управување.

Според Табеларниот приказ на десетгодишниот план за спроведување на програмите за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“, во продлжение е прикажан бројот на потпрограми и активности за секоја програма:

- ✓ Програма 1 - Зачувување и мониторинг на природното наследство. Како дел од оваа програма се разработени пет под-програми кои опфаќаат 40 активности;
- ✓ Програма 2 - Одржливо користење на природните ресурси во подрачјето. Оваа програма разработува пет под-програми и 71 активности;
- ✓ Програма 3 - Управување со шумски живеалишта и екосистеми, опфаќа пет под-програми со 32 активности;
- ✓ Програма 4 - Управување со културното наследство. Програмата опфаќа три под-програми со 22 активности;
- ✓ Програма 5 - Развој на одржлив туризам и рекреација, Оваа програма вклучива четири под-програми и 24 активности;
- ✓ Програма 6-Локален развој (со акцент на одржување на традиционалните стопански дејности). Во оваа програма се вклучено три подпрограми, кои опфаќаат 53 активности;
- ✓ Програма 7 - Информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација. Во прокрамата се вклучени четири под-програми и 29 активности;
- ✓ Програма 8 - Раководење, управување, финансирање и админстрација. Прокграмата вклучува три под-програми со 27 активности.

## 3.6. Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи

Природните вредности на Осоговските Планини се препознаени во повеќе национални, регионални и локални стратешки документи за зачувување на природата, а исто така

подрачјето е вклучено во различни меѓународни иницијативи. Природните вредности на Осоговските Планини, како природна целина која поседува природни вредности се препознаени за прв пат во Секторската студија за заштита на природни реткости изработена за потребите на овој План (Институт за просторно планирање - Охрид 1978), во која подрачјето е валоризирано како „природен комплекс од пошироко значење“.

Во „Просторниот план на Република Македонија“ (донесен 2004 година, со важност до 2020 година), неколку локалитети на Осоговските Планини се евидентирани за заштита. Во секторската студија „Заштита на природното наследство“ (1999 година) наведени се следните предложени подрачја за заштита: Злетовска Река и Црвена Река како научно истражувачки природни резервати.

Во рамки на Репрезентативната национална мрежа на заштитени подрачја (МЖСПП, 2011) е предложено ново подрачје за заштита наречено „Осоговски Планини“ со површина од 77226 ha.

Во Националната стратегија за заштита на природата (МЖСПП, 2018) високите врвови на Осоговските Планини (Руен и Царев Врв со глацио-периглацијални форми), Раткова Скала (тектонско-флувијално формиран отсек од кварцити со кварцитен релјеф кај Злетово) и тресетиштата кај Слана Бара под Царев Врв. Исто така, во оваа Стратегија, посочени се и Станечки Водопад (постојан ерозивен водопад на Козја Река), слапот на Бабакарина Река, вулканските бомби и пирамиди во Горно Кратово и Кундинско Езеро кои не влегуваат во предлог ЗП „Осоговски Планини“ но треба да бидат заштитени како изолирани области.

Преку повеќегодишни истражувања поврзани со природните вредности, социоекономските аспекти и потребите за развој на подрачјето во соработка со МЖСПП, локалните самоуправи и другите чинители од регионот, во 2012 година, беше изработена „Студија за валоризација со предлог за формирање на заштитен предел на Осоговските Планини“ и доставена до МЖСПП. Во рамки на првата фаза од „Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија“ при реализација на активноста „Анализа на недостатоци во еколошките податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница“, беше изработен Извештај за состојбата со заштитените подрачја во сливот на река Брегалница. Во него е претставена состојбата со постојните заштитени подрачја, направена е анализа и дополнителни истражувања за предложените подрачја за заштита според различни плански и стратешки документи, како и меѓународно значајните подрачја за растенија, птици и пеперутки и Емералд подрачјата. Врз основа на сите наведени податоци беше подготвен предлог со подрачја за заштита во Брегалничкиот слив за кои би требало да обезбеди заштита на најзначајните живеалишта и видови.

Во табелите подолу даден е приказ на корелацијата (усогласеност/неусогласеност) на целите за развој и целите за заштита на животната средина во постојните национални, регионални и локални стратешки и плански документи, со целите и активностите од Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

**Под усогласеност на целите** се подразбира дека имплементацијата на целите и активностите, предвидени во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“, ќе придонесат за постигнување на целите на веќе донесените стратешки и плански документи.

**Под неусогласеност на целите** се подразбира дека имплементацијата на дел од целите и активностите дефинирани во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“, заради нивната природа и трендови за развој, не може во целост да се усогласат на ниво на стратешки документ, туку тоа ќе се постигне на пониско ниво на програма или активност, во процесот на имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ или пак на проектно ниво. Исто така, неусогласеност може да се дефинирана за цели и активности, доколку истите не се земени предвид во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

**Табела 13** Корелација на целите на Планот за управување со целите на релевантните национални плански документи

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Национални стратешки/плански документи** | | |
| **Просторен план на Република Македонија (2004-2020)** | -Зголемување на вработеноста и постојано подобрување на материјалните, културните, општествените и другите услови за живот и работата на граѓаните;<br>-Остварување на порамномерен регионален развој, со побрз развој на стопански недоволно развиените краишта;<br>-Остварување на рационално користење, организирање и уредување на просторот со рационално разместување на производните сили;<br>-Обезбедување доволно количини квалитетна вода за пиење и ревитализација и модернизација на системите за наводнување и водоснабдување;<br>-Зачувување и заштита на сите простори (места) со исклучиви и неповторливи природни вредности од значење за научната, културно образовната, воспитната, рекреативната и други функции.<br>-Утврдување на програмски индикатори и мониторинг за следење на здравствената состојба на населението, во релација со квалитетот на средината; | *Усогласеност*: Во „Просторниот план на Република Македонија“ (донесен 2004 година, со важност до 2020 година), неколку локалитети на Осоговските Планини се евидентирани за заштита. Во секторската студија „Заштита на природното наследство“ (1999 година) наведени се следните предложени подрачја за заштита: Злетовска Река и Црвена Река како научно истражувачки природни резервати<br>Со Планот за управување со ЗП „Осоговски Планини“ се предвидува јакнење и проширување на Јавното претпријатие со едуциран и искусен кадар, како и отварање на нови бизниси (мали и средни) поврзани со реализација на идното управување со подрачјето, зголемување на туристичката понуда и сл, што ќе ги подобри материјалните, културни, општествените и други услови за живот и работа на жителите од селата во и околу подрачјето, како и во околните градови.<br>Изработката на Планот за управување ЗП „Осоговски Планини“ се темели на основните принципи, развојни цели и одредби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија во однос на просторниот и социо економскиот развој, користењето и намената на земјиштето, искористувањето на ресурсите, заштита на просторите кои располагаат со природни вредности, заштита на животната средина и сл.<br>Имплементацијата на Планот ќе придонесе за исполнување на законските обврски за просторно планирање на заштитени простори, создавање услови за реализација на националните, регионалните и локалните интереси во планското подрачје, во областа на заштита и зачувување на посебните природни вредности, значајните природни ресурси и споменичкото наследство, како и нивно уредување и користење кои ќе се темели на принципите на одржливиот развој. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009-2019)** | Главните стратешки цели на Стратегијата се:<br>-Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој;<br>-Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија помеѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија.<br>За постигнување на овие цели дефинирани се приоритети:<br>***Стратешка цел 1:***<br>*Приоритет 1.1*. Поттикнување на економскиот раст во планските региони,<br>*Приоритет 1.4*. Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските Региони,<br>*Приоритет 1.5.* Креирање на конкурентски предности на планските региони,<br>*Приоритет 1.6*. Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони,<br>*Приоритет 1.7*. Заштита на животната средина во планските региони<br>***Стратешка цел 2:***<br>*Приоритет 2.2.* Градење на функционално - просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони,<br>*Приоритет 2.7.* Подигнување на капацитетите за планирање и реализација  на развојот во планските региони. | *Усогласеност:* Одредбите и целите на Планот за управување со ЗП „Осоговски Планини“, како и предвидените програми, потпрограми и мерки и активности, дефинирани во оперативниот план, ќе допринесат за економски развој, заштита и оптимално користење на природните ресурси, јакнење на туристичката понуда, обезбедување на нови бизниси, поврзани со екосистемските услуги, што ќе допринесе кон одржливиот развој на Источниот и Северо-Источниот Плански Регион. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)** | Основни цели на Стратегијата за одржлив развој се:<br>-Да се користи механизмот за чист развој според протоколот од Кјото како дополнителна алатка за спроведување на проекти за намалени емисии на стакленички гасови и поттик на руралниот развој.<br>Во Стратегијата е ставен акцент на:<br>-Обезбедување заштита на природата во Македонија базирана на принципите на „Натура 2000“ мрежата преку засилена имплементација на Стратегијата за биолошка разновидност и Акциониот План;<br>-Промовирање нова мрежа за мониторинг на животната средина;<br>-Да се поддржат шумскиот, земјоделскиот и руралниот развој, како основни економски активности во синергија со Планот за зачувување и управување на природните ресурси.<br>-Да се воведе управување со водните ресурси и да се намали загубата на вода и влијанието од загадувањето како основа за развој на планови за управување со речни корита; | *Усогласеност*: Во Планот за управување со ЗП „Осоговски Планини“ се предвидува ефикасна организација и користење на просторот, одрживо искористување на ресурсите и зачувување, заштита и унапредување на животната средина и животот на луѓето, со цел да обезбеди одржлив развој во подрачјето, а истовремено и заштита на животната средина.<br>Планот базира врз концептот на одрживо користење на природните реусрси, усогласен со прифатениот концепт на Р. С. Македонија за одржлив развој како начин кој води до економски напредок, социјална благосостојба и одржување рамнотежа во животната средина.<br>Во Планот се предвидени активности кои ќе придонесат за заштита на геолошката и биолошката разновидност, екосистемите, водите, шумите и сл., што е во корелација со целите на Стратегијата.<br>Во Планот се дадени насоки, одредби и мерки за одржлив развој на Заштитениот предел во планскиот период до 2031 година, кои треба да бидат земени предвид при изработка на просторниот План за подрачјето и документација од понизок ранг за користење на просторот и земјиштето. |
| **Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште во Република Македонија (2012-2020)** | Главна цел на Стратегијата е надминување на неповолната структура на земјоделското земјиште, како основен ресурс за економските активности, подобрување на условите за живот во руралните средини и обезбедување одржлива употреба на природните ресурси.<br>Специфични цели на Стратегијата се:<br>-Намалување на расцепканоста на земјишните парцели во насока на нивно групирање и подобрување на локацијата на земјишните имоти во однос на поставеноста на земјоделското стопанство;<br>-Подобрување на неправилната форма на земјишните парцели заради примена на посовремените техники и технологии на | *Усогласеност*: Планот за управување со ЗП „Осоговски Планини“, во Програма 2 вклучува 4 потпрограми и поголем број активности, кои се однесуваат на зачувување/одржување на агробиолошката разноводнмовство рамките на подрачјето. Овие активности опфаќаат евидентирање на автохтони сорти на земјоделски растенија, организирање обуки на земјоделците за условите и поддршките за одгледување на признати автохтони сорти на земјоделски растенија, организирање на фармери/сточари во признати организации, внесување на семенските примероци во ген-банки и на овошните садници во полски колекции и слично. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | производство;<br>-Зголемување на просечната големина на малите земјишни поседи;<br>-Обезбедување пристап на парцелите до новите или рехабилитирани системи за наводнување и обновената или новоизградена рурална патна инфраструктура;<br>-Намалување на површините на необработено и напуштено земјоделско земјиште;<br>-Минимизирање на негативните ефекти по оптималната земјишна структура при изведба на објекти од јавен интерес (патна, социјална или друга инфраструктура) или паралелно просторно реорганизирање на земјишните парцели заради подобрување на постојната неповолна структура;<br>-Подобрена еколошка заштита и одржливо управување со природните ресурси. | |
| **Национална Стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020)** | Главна цел на Стратегијата е зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство и прехранбената индустрија, развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси.<br>Ориентација кон потребите на потрошувачите и пазарните сигнали, да ја зголеми својата ефикасност во работењето, економијата на обем и адаптибилност на промените во насока на обезбедување на производ со поголема додадена вредност кој е атрактивен и квалитативно поразличен од конкуренцијата.<br>Во следниот период органското производство треба да ја подобри својата препознатливост на домашниот пазар и да ги зголеми капацитетите за пласман на надворешните пазари. Одржливото искористување на ресурсите и условите во шумарството во развојот на руралните заедници и зачувување и унапредување на шумскиот фонд, како и зголемување на аквакултурното производство во земјава особено од автохтоните | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | видови, одржливото рибарење и заштита на рибите, ќе бидат дел од целите во одржливото управување и унапредување на природните ресурси и живиот свет. | |
| **Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (2006)** | Главните насоки/цели утврдени со Стратегијата се:<br>-Мултифункционално стопанисување со шумите и одржлив развој на шумарството;<br>-Зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните области;<br>-Зголемување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку заедничка стратегија за развој, со севкупна валоризација на нејзините општокорисни и социјални функции;<br>-Подобрување на можностите за изнаоѓање на национални и меѓународни фондови за поддршка на развојот на секторот<br>-Подигнување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите;<br>-Усогласување на шумарското законодавство со националните интереси и меѓународните обврски;<br>-Преземање потребни економски, фискални, финансиски и институционални мерки со цел да се подобри ефикасноста на стопанисувањето со шумите;<br>-Создавање потребни организациски структури за соодветен капацитет, заради обезбедување интегрирано управување со просторот;<br>-Да се осигура соодветно јавно финансирање на активностите, поврзани со одржливото стопанисување на шумите, одржувањето на заштитните и јавните функции на шумите;<br>-Изработка на програми за адаптација на шумарството кон климатските промени. | *Усогласеност*:<br>Програмата 3 од планот за управување со ЗП „осоговски Планини“ се однесува на управување со шумски живеалишта и екосистеми. Оваа програма вклучува пет потпрограми, со поголем број активности, кои се однесуваат на заштита и обновување на шумските живеалишта и екосистеми, заштита на шуми со високи природни вредности, како и нивно одржливо користење, односно замена на постојните “Посебни планови за стопанисување со шумите со стопанска намена” со “Посебни планови за одгледување и заштита на шуми во заштитени подрачја”. |
| **Национална Стратегија за води** | Главна цел на Стратегијата е зачувување на добра состојба на водата, спречување на загадувањето на водата, спречување на | *Усогласеност*:<br>Во Програма 2, потпрограма: Одржливо управување со водни |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **(2011-2041)** | хидро-морфолошките промени и рехабилитација на статусот на водата каде што е нарушен.<br>Посебните цели кои треба да се постигнат со интегрираното управување со водите во Република Македонија се:<br>-Доволен квалитет на водата за пиење за јавно снабдување;<br>-Потребни количини на вода со соодветен квалитет за разни комерцијални цели;<br>-Заштита на луѓето и материјалните добра од штетните ефекти на водата;<br>-Да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и подземните водни тела;<br>-Заштита на водата и екосистемите зависни од вода;<br>-Усогласување на мерките на управување со водите со корисниците на просторот од другите сектори;<br>-Одржливо управување со водите со рационално и одржливо користење на водните ресурси. | екосистеми е предвидено Изработка на катастар на водни тела, вклучително со закани, притисоци, загадувачи и состојба; Воспоставување соработка со надлежните институции за мониторинг на квалитет на водите и анализа на извештаи; Контрола на зафати на вода (водоснабдување, наводнување, енергетика, аквакултура) и спроведување на водостопанската дозвола (биолошки минимум); Контрола на еколошки/биолошки минимум во водотоците, кои се користат за производтсво на ел. енергија во малите ХЕЦ; Контрола на испуштања на отпадна вода. |
| **Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за период 2008-2020 со визија до 2030** | Обезбедување сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија.<br>Во Стратегијата е поставена цел, до 2020 година, во однос на 2006 година, да се:<br>-зголеми учеството на обновливите извори на енергија до износ повисок од 20% од вкупната потрошувачка на финална енергија,<br>Учеството на биогоривата во вкупната потрошувачка на горива во сообраќајот во Македонија е планирано да изнесува 10% до 2020 година. | *Усогласеност*:<br>На територијата на ЗП „Осоговски Планини“ се изградени четири мали хидроелектрични централи, во контактната зона на подрачјето се изградени уште седум мали хидроелектрични централи, во фаза на изградба се две мали хидроелектрични централи, а уште десет се планирани за изградба.<br>Дополнително, на територијата на ЗП се наоѓаат акумулациите Кнежево и Речани. Една од планираните намени и на двете акумулации е производство на електрична енергија.<br>Но Малите хидро електрани се објекти кои предизвикуваат огромни влијанија, кои се манифестираат преку промени на физичко - хемиските катакетристики на водата, го намалуваат протокот на вода во реките и влијаат врз видовиот состав на акватичните видови во |
| **Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во** | Главна цел на оваа стратегија е да се добијат информации за потенцијалот и можната експлоатација на обновливи извори на енергија во Република Македонија.<br>-Заштита на животната средина и намалување на емисиите на | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Република Македонија** | стакленички гасови, намалување на увозната зависност на Македонија од енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разнообразност и со тоа и сигурност во снабдувањето со енергија што неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори во финалната потрошувачка на енергија. | реките. |
| **Стратегија за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија** | Стратегијата за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија до 2020 година превидува рамка за забрзано усвојување на практики за енергетска ефикасност на одржлив начин и преку намалување на зависноста од увозот, енергетската интензивност, непродуктивното користење на електричната енергија, подготовка на добра клима за да се максимизира вклученоста и можностите на приватниот сектор, обука и подигање на јавна свест.<br>Финалниот резултат на постигнувањето на оваа цел треба да биде реализација на заштеди на енергија во 2018 година во износ од над 9% од просечната потрошувачка во петгодишниот период 2002-2006, со континуирана промоција на енергетската ефикасност и мониторинг и верификација до 2020 година. | |
| **Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)** | Дел од општите и посебни стратешки цели во управувањето со отпадот се:<br>-Воведување стабилни финансиски ресурси и соодветни економски механизми за обезбедување на целосно покривање на трошоците за одржување на интегрираниот систем за управување со отпад;<br>-Воспоставување систем за собирање податоци/информации за изворите, природата, количествата и судбината на тековите на отпадот, како и за капацитетите за обнова на материјали/енергија и за депонирање на отпадот и обезбедување на потребниот пристап на јавноста до истиот;<br>-Воспоставување технички современ систем за управување со отпадот; | *Усогласеност*:<br>Во Програма 6, потпрограмата- Добро управување со земјиште, како предуслов за добро управување со природните ресурси и локален развој, опфатени се активности за мапирање на дивите депонии и изработка на план за чистење на дивите депонии, воспоставување систем за управување со отпадот во ЗП и дефинирање и спроведување кампања за намалување на отпадот во ЗП. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | -Примена на ефикасни и исплатливи техники за управување со посебните текови отпад. | |
| **Национален план за управување со отпад (2009-2015)** | Управување со отпадот е обезбедување соодветна политика за заштита на животната средина, рамка за одлучување, економска основа, учество на јавноста и постепено воспоставување на техничка инфраструктура за спроведување на активностите на управување со отпад, со цел да се реализира системот за управување со отпад во согласност со законската регулатива на ЕУ и со Акционата програма за животна средина на ЕУ, земајќи ги предвид нејзините приоритети во управувањето со отпадот. Планот ги наведува основните, меѓусебно поврзани мерки за сопирање или за ублажување на последиците врз животната средина предизвикани од сегашното управување со отпадот, од една страна и за изградба на рамка за постепено воспоставување на современ и одржлив систем за управување со отпад, преку оптимална комбинација на различни законски, економски и комуникациски механизми и инструменти, од друга страна. | |
| **Стратегија за демографски развој на РМ, 2008-2015** | Целта на Стратегијата е обезбедување одржлив демографски развој на Република Македонија преку подобрување на квалитетот на човечкиот капитал и социјална кохезија.<br>Специфични цели:<br>-Забавување на стапката на намалување на населението и создавање услови за одржлив демографски развој на земјата;<br>-Намалување на регионалните демографски нееднаквости и креирање одржлива територијална дистрибуција и квалитетен живот на населението;<br>-Намалување на постоечките разлики и нееднаквости помеѓу населението, со цел зголемување на социјалната кохезија. | *Усогласеност*:<br>Програмата , која се однесува на локален развој, од Планот за управување, предвидува активности кои ќе допринесат за активно учество на локалното население во управувањето со заштитеното подрачје (заштитен предел) и зголемување на економските придобивки за локалната заедница, преку одржливо користење на природните ресурси. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020** | Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, преку подобро користење и зајакнување на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, за работа и на општествените услови на сите граѓани, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развиток на механизмите за социјално вклучување на ранливите категории граѓани во локален контекст. | *Усогласеност*: Програмата за локален развој, од Планот за управување предвидува активности кои ќе допринесат за активно учество на локалното население во управувањето со Заштитениот предел и зголемување на економските придобивки за локалната заедница, преку: мапирање на работоспособно насление; идентификација на достапните програми за вклучување на пазарот на труд; лоцирање на потребите за изградба, надградба и унапредување на постојната физичка инфраструктура; исполнување на неопходните услови за унапредување на локалната економска активност; едукација за здобивање вештини и неопходни квалификации; мапирање на постојната инфраструктура и идентификување на потребите за нејзино унапредување; размена на искуства преку глобални иницијативи; идентификување на можностите за зголемување на инвестициите преку подобро поврзување со приватниот сектор и идентификување на меѓународни програми и фондовски средства достапни за РСМ;<br>Идентификување на достапните финансиски програми во банкарскиот сектор и развојните банки со специфична клаузула за зелена економија, која ги фаворизира предлозите со планинска компонента. Со имплементација на овие активности ќе се допринесе за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во подрачјето околу заштитеното подрачје-Заштитен предел Осоговски Планини |
| **Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013)** | Градење на имиџ на препознатлива европска дестинација за туризам, базиран на културното и природното наследство и препознатливост по производите со висок квалитет, инкорпорирано во заедничко име – туристички производ на Македонија.<br>Развој на производи и услуги (препознатливи производи, категоризација на сместувачките капацитети, вински туризам, рурален туризам, култура и занаети, бањи), соодветен пристап и | *Усогласеност*: Програмата 5: Програма за одржлив туризам и рекреација од Планот за управување, обработува четири подпрограми, со поголем број на акции, со чие имплементирање ќе се подобри досегашната туристичка понуда и ќе допринесе за зголемување на веќе препознаените туристички понуди на ЗПр „Осоговски Планини“. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | инфраструктура (патна инфраструктура, воздушен пристап);<br>Управување и заштита на животната средина и културното наследство, развој на туризмот преку јавно-приватно партнерство , како и подобрување на туристичката инфраструктура и туристичката понуда. | |
| **Национална Стратегија за рурален туризам (2012-2017)** | Идентификување на концептот и стратегијата за развој, поставување рамка за поттикнување на развојот како дел од севкупната туристичка понуда на Република Македонија, евиденција на сместувачки и угостителски објекти, зголемување на капацитетите, вработувањата и туристичката понуда во руралниот туризам. | |
| **Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план, 2018-2023** | Главна цел на Стратегијата е:<br>-Намалување на директните и индиректни притисоци врз биолошката разновидност;<br>-Подобрување на статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги. | *Усогласеност*: Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ претставува документ кој има цел управување и заштита на просторот кој се карактеризира со богата биолошка разновидност, односно уредување на просторот кој има особена важност како заштитено подрачје.<br>Во Планот има програми (Програма 1, програма 2, програма 3 и програма 7) и потпрограми за постигнување на посебните цели на заштита низ бројни активности, со кои треба да се обезбеди подобрување на состојбата на биолошката разновидност, поточно на природното наследство, мониторинг на состојбите, како и подобрување на медиумите и областите од животната средина што ќе придонесе за намалување на притисоците врз биолошката разновидност и постигнување заштита и унапредување на истите. |
| **Национална стратегија за заштита на природата, 2017-2027 (нацрт)** | Во Националната стратегија за заштита на природата, дефинирани се следните национални цели за заштита на природата:<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 1:*** Геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) соодветно да се идентификуваат, истражуваат, мониторираат и инвентаризираат.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 2:*** Да се заштитат, зачуваат и мониторираат компонентите на геодиверзитетот, геонаследството, биолошката и пределската разновидност.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 3:*** До 2022 година да се вгради политиката за заштита на природата во стратегиите, плановите и | |

| **Релевантни национални/регионалн и/локални стратешки и плански документи** | **Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи** | **Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација** |
|---|---|---|
| | програмите во другите сектори.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 4:*** Да се воспостави и практикува одржливо користење на геодиверзитетот, геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) преку употреба на традиционални знаења, иновации, најдобри пракси и позитивни стимулации за зачувување и одржливо користење на природата.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 5:*** Да се унапреди законодавната рамка, согласно ЕУ легислативата и релевантните ратификувани меѓународни договори за заштита на природата и да се обезбеди соодветна институционална рамка преку зајакнување на административните капацитети.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 6:*** Да се подигне нивото на информираност, едукација и промоција за вредностите и значењето на геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност);<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 7:*** Да се обезбеди континуирано и зголемено финансирање на заштитата на природата од буџетски средства на централно и локално ниво, од инвестиции и други извори на финансирање, преку воспоставување на соодветни одржливи и ефикасни модели на финансирање на заштитата и одржливото користење на природата. | |
| **Национална стратегија за развој на културата за периодот 2018-2022** | **Приоритет 1**: *Развој на координирана и ефикасна културна политика*<br>Цели:<br>✓ Воспоставување функционални законодавни, организациски, материјални и финансиски услови за развој на културата.<br>✓ Воспоставување експертска и вонпартиска кадровска политика.<br>✓ Обезбедување автономија на субјектите во културата.<br>✓ Воведување принципи на транспарентност и | *Усогласеност*: Во Програма 4: Програма за управување со културно наследство од Планот за управување, разработени се три потпрограми, кои опфаќаат одржливо управување, промоција и заштита на културното наследство во рамките на ЗП „Осоговски Планини“. Во потпрограмите се наведени поголем број активности, кои ќе допринесат за постигнување на целите за заштита, промоција и одржливо управување со културното наследство на Заштитениот предел. |

| Релевантни национални/регионалн и/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | партиципативност во процесите на носење одлуки и стратегиско управување, особено евалуација, анализи, истражувања и интерсекторско усогласување со другите ресори на државните политики.<br>**Приоритет 3:** *Заштита на културното наследство*<br>Цели:<br>✓ Адекватен третман на недвижното културно наследство во смисла на зачувувањето на оригинална содржина и форма;<br>✓ Ревитализација и промоција на споменичните добра во насока нивна самоодржливост како туристички и економски потенцијал;<br>✓ Запазување на мултикултурната димензија во заштитата на културното наследство како одраз на мултикултурниот карактер на општеството.<br>**Приоритет 4**: *Унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и со воневропските земји на билатерален, регионален и на меѓународен план преку културна соработка*<br>Цели:<br>✓Унапредување на добрососедските односи преку културната соработка со соседите.<br>✓Активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и со воневропските земји на билатерален, регионален и на меѓународен план преку културна соработка.<br>✓Грижа за македонските национални малцинства во соседството и за македонската дијаспора во светот и промоција и заштита на македонскиот национален идентитет во услови на глобален диверзитет на нациите и културите.<br>✓Преземање мерки, во согласност со сите цивилизациски | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | придобивки на меѓународен и на регионален план, да не се дозволи на кој било граѓанин на Република Македонија да му се оспорува неговата етничка, културна, јазична, религиозна, родова или друга определба.<br>**Приоритет 5:** *Интегрирање во Европската Унија*<br>Цели:<br>✓ Ставање на европската финансиска поддршка во функција на евроинтеграциските реформски процеси на целата држава и достапност на ИПА и на програмите на Унијата за установите и за граѓанските организации во културата.<br>✓ Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратегиски програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.<br>✓ Обезбедување техничка поддршка на националните и на локалните институции од областа на културата за подготовка на апликациски пакети за апсорпција на ЕУ-фондовите/приоритетите.<br>✓ Интегрирање на националните културни политики во европски контекст (компарирање, следење на актуелните трендови, стратегиски модели од земјите членки на ЕУ).<br>✓ Подготовка на анализи, развој на стратегии, акциски планови, иницијативи (национални, регионални и сл.) како помошни механизми во евроинтеграциските процеси.<br>✓ Обезбедување поголема видливост на европските програми и на реализираните проекти. | |
| **Трет Национален План на Република Македонија кон** | Зајакнување на базата на информации, аналитичкиот и институционалниот капацитет на клучните национални институции за интегрирање на приоритетите за климатските | *Усогласеност:* Како дел од потпрограмите во Програма 1: Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство, предвидени |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2014)** | промени во националните стратегии за развој и релевантните секторски програми со обезбедување финансиска и техничка поддршка.<br>Вклучување на Република Македонија во глобалните напори за ублажување на климатските промени и спроведување на обврските преземени од членството во Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатски промени и Кјото Протоколот.<br>Исто така Планот вклучува:<br>-Воспоставување на национален фонд за тестирање мерки за адаптација и воведување на видови, отпорни на суша;<br>-Формирање на национален центар за суша;<br>-Утврдување техники и постапки за култивирање, користење вештачки ѓубрива и рекламација на почвата за клучните култури во регионите погодени од климатските промени;<br>-Воведување различни практики на орање за промовирање одржливи земјоделски практики;<br>-Развивање техники за наводнување и водоснабдување;<br>-Развивање критериуми и идентификација на начини на употреба на земјиштето и агроеколошки зони и сл.<br>Исто така, една од целите на овој документ е спречување или намалување на загубата на биолошката разновидност, заради влијанијата од климатските промени. При тоа, планот ги идентификува следните потенцијални мерки за адаптација кон климатските промени:<br>-Следење на состојбата со туѓите (и инвазивни) видови растенија;<br>-Следење на состојбата со животинските видови-вектори на болести;<br>-Елаборација на листата видови за кои е потребно „ex situ“ | се активности за:<br>- Мониторинг на ретки видови растенија, со ограничено распространување во ЗП Осоговски Планини, често чувствителни на климатски промени (Dianthus microlepis, Lycopodium clavatum, Sphagnum fimbriatum, Geranium phaeum, Aquilegia aurea, Moehringia muscosa), изработка на протоколи, поврзување со климатскиот мониторинг<br>- Потпрограмата 1.4 Долгорочен мониторинг на климата и адаптација кон климатските промени, предвидува Поставување на автоматска височинска климатолошка станица (Пониква или Царев Врв) |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | зачувување;<br>-Приспособување на плановите за управување со шумите во главните шумски биокоридори со цел нивна подобра функционалност од аспект на ефектите од климатските промени;<br>-Дефинирање можни рути (биокоридори) за движење и миграција на животинските и растителни видови под закана од климатските промени;<br>-Детална ревизија на системот на заштитени подрачја во Македонија во однос на адаптацијата на климатските промени; | |
| **Национална стратегија за животна средина и климатски промени, 2014 - 2020** | Главната цел на Стратегијата е насочена кон подобрување на целокупниот квалитет на живот и избегнување на трајни штети врз животната средина. Од аспект на заштита на животната средина, целта е да се зачува и подобри квалитетот на водата, воздухот и почвата во Република Македонија, да се зачува постојната биолошка разновидност и природните ресурси. Од аспект на климатските промени целта на Стратегијата е да се намалат нивните негативни влијанија. | |
| **Стратегија за мониторинг во животната средина (2004)** | Целта на Стратегијата е мониторирање и известување за состојбата на сите медиуми на животната средина. | *Усогласеност*: Програма 1: Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство, вклучува неколку под-програми кои опфаќаат активности за мониторинг на пределите, живеалиштата, видовите и климата, во чиј состав влекугаат поголем број на активности кои се вклучени активностите за мониторинг. |
| **Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција (2005)** | Владината политика за оваа Стратегија е да спроведе детална анализа за статусот на имплементација на Конвенцијата, да обезбеди насоки и препораки за надминување на проблемите кои произлегуваат од имплементацијата на Конвенцијата и да препорача акционен план за спроведување на предложените мерки и следење на дадените насоки. | *Усогласеност*:<br>Дефинирањето на Визијата и главните цели на идното управување со заштитеното подрачје се дефинирани низ работни состаноци со вработените во ЈП „Национални шуми“, Советот на заинтересирани страни и Научниот совет. Процесот на подготовка на Планот и програмите, кои се негов составен дел, беше инклузивен односно ги вклучи и консултираше сите заинетерсирани страни. Исто така Програмата 7: Информирање, подигање на јавната свест и |

| **Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи** | **Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи** | **Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација** |
|---|---|---|
| | | обрзование, опфаќа активности за односи со јавноста и воспоставување на соработка со засегнатите страни.<br>Во постапката на усвојување на Планот и подготовката на Извештајот за СОЖС ќе биде обезбедено учество на јавноста што ќе придонесе во процесот на одлучување и донесување на одлуки. |
| **Регионално ниво** | | |
| **Просторен план на Источен плански регион (2013 – 2030) - Нацрт** | Основната цел на Планот е да се насочи интегралниот развој во регионот кон оптимално користење на природните погодности создавајќи услови за организација и уредување на просторот како единствена функционална и просторна целина преку:<br>• Поврзување на Регионот со неговото опкружување;<br>• Просторна организација која ќе овозможи интеграција и рамнотежа во развојот на населбите, стопанството и социоекономскиот живот;<br>• Синхронизација на сите активности во просторот преку дефинирање на намената и користењето на земјиштето;<br>• Создавање на погодни услови за живеење и инфраструктурна поврзаност на населбите во зависност од нивната просторната разместеност;<br>• Насочување и усогласување на изградбата на инфраструктурата (сообраќајна, енергетска, водостопанска) со потребите на населението и стопанството;<br>• Обезбедување на услови за создавање и одржување на стабилна еколошка рамнотежа (заштита на природата и животната средина). | *Усогласеност*: Предложените цели и активности за постигнување на предложените цели на Планот за управување со ЗП „Осоговски Планини“ во целост допринесуваат за постигнување на последната од целита на ПП на Источниот плански регион. Дополнително целите на Планот за управување се во корелација и со другите цели дефинирани во Просторниот план. |
| **Програма за развој на источниот плански регион (2015-2019)** | Источниот плански регион е модерен регион со динамичен економски развој базиран на развојот на човечките ресурси и современата технологија, препознатлив по зачувувана животната средина, одрживо земјоделство и подобрениот квалитет на живеење. Дефинирани се следните цели:<br>-Економски развиен регион, пошироко препознаен како атрактивен за инвестирање;<br>-Современо и квалитетно образование, здравство и социјални | *Усогласеност*: Предложените цели и активности за постигнување на предложените цели на Планот за управување со ЗП „Осоговски Планини“ се во корелација со целите дефинирани во програмата за развој на источниот плански регион. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | дејности во Регионот;<br>-Сочувана и унапредена животна средина;<br>-Создадени услови за организирано и поврзано искористување на капацитетите за земјоделски и рурален развој;<br>-Источниот регион е туристичка дестинација позната по разновидната понуда на селективните видови на туризам. | |
| **Регионален план за управување со отпад за источен плански регион 2015-2025** | Визија: Да се обезбеди регионална планска рамка за одржливо управување со отпадот и преработка на ресурсите преку развивање на интегриран систем за управување со отпад, со следниве општи цели:<br>**-** Минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, предизвикани од генерирањето и управувањето со отпадот и намалување на целокупните влијанија од употреба на ресурси.<br>**-**Минимизирање на негативните социјални и економски влијанија и зголемување на социјалните и економските можности.<br>**-**Усогласеност со правните барања, цели, принципи и политики утврдени во Европската и Националната правна и регулаторна рамка.<br>Предвидени следните опции:<br>-Собирање - систем на собирање со две канти (канта за отпад што може да се рециклира и канта за останат отпад), собирни места, одделно собирање на зелениот отпад,<br>-Третман на канта за отпад што може да се рециклира - инсталации за преработка на материјали - MRF),<br>-Третман на канта за останат отпад - Механичко - биолошка стабилизација (MBS),<br>-Третман на зелен отпад - Компостирање во бразди - компостирање на отворен простор,<br>-Третман на изворот: Домашно компостирање, | *Усогласеност*: Во програма 6, потпрограма 6.1 Добро управување со земјиштето како предуслов за добро управување со природните ресурси и локален разво, во ПУ за ЗП „Осоговски Планини“ предвидени се активности кои опфаќаат:<br>- Воспоставување на соработка и дијалог со сите општини и локалните заедници кои гравитираат кон ЗП<br>- Мапирање на дивите депонии и изработка на план за чистење на дивите депониите<br>- Чистење на дивите депонии<br>- Воспоставување систем за управување со отпадот во ЗП<br>- Дефинирање и спроведување на кампања за намалување на отпадот во ЗП |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| | -Депонија за останат отпад.<br>-Санација на 11 комунални депонии и 71 дива депонија, и изградба на една регионална депонија, чија локација се уште не е утврдена. | |
| **Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план (2015-2024)** | Источниот плански регион во следните неколку години да создаде неколку респектабилни туристички дестинации, чии производи ќе се базираат врз природното, движното и недвижното културно наследство на регионот и врз традицијата на луѓето што живеат тука; производи препознатливи по својот квалитет и целосно прилагодени кон барањата и потребите на современите туристи.<br>Водечките принципи кои беа идентификувани и се широко прифатени од страна на учесниците во процесот на изготвување на Стратегијата и врз чие почитување ќе се реализираат стратешките приоритетни цели и идното управување со развојот на туристичкиот сектор во ИПР, се:<br>• одржлив туризам,<br>• профитабилност<br>• селективни (приоритетни) инвестиции<br>• целен маркетинг и<br>• јавно приватно партнерство (ЈПП) | *Усогласеност*: ПУ за ЗП „Осоговски Планини“, во Програма 5-Развој на одржлив туризам и рекреација, обработува четири потпрограми со поголем број акции кои се однесуваат на развој и подршка на туристичката понуда во Осоговскиот Регион. |
| **Програма за развој на северо источниот плански регион (2015-2019)** | Визија на програмата: Унапредување на квалитетот на животот за сите во регионот преку долгорочен одржлив развој заснован на привлекување инвестиции, развој на човечкиот капитал и инфраструктурата и унапредување на конкурентноста на препознатливите дејности<br>Стратегиската платформа (рамка) за развој на Североисточниот регион се темели на **четири клучни столба** кои обезбедуваат остварување на синергетски ефект и креираат основа за целокупен општествено-економски развој на регионот и тоа:<br>1) Привлекување на инвестиции и унапредување на конурентноста<br>2) Развој на човечкиот капитал<br>3) Развој на севкупната инфраструктура<br>4) Унапредување на земјоделието, рурален развој и туризам | *Усогласеност*: Предложените цели и активности во Програма 6 и Програма 7 од Планот за управување со ЗП „Осоговски Планини“ се во корелација со целите дефинирани во програмата за развој на Северо - источниот плански регион. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите на стратешкиот/планскиот документ се вградени во Планот за управување на ЗП „Осоговски Планини“ или како истите ќе се постигнат со негова имплементација |
|---|---|---|
| **Регионален план за управување со отпад за северо источен плански регион 2015-2025** | Визија: Да се обезбеди регионална планска рамка за одрживо управување со отпадот и преработка на ресурсите преку развивање на интегриран систем за управување со отпад, со следниве општи цели:<br>Цел А: Минимизирање на негативните влијанија на животната средина и на здравјето на луѓето предизвикани од создавањето и управувањето со отпад.<br>Цел Б: Минимизирање на негативните социјални и економски влијанија и максимизирање на социјалните и економските можности.<br>Цел В: Усогласеност со законските барања, целите, принципите и политиките поставени со европската и националната правна и регулаторна рамка. | *Усогласеност*: Во програма 6, потпрограма 6.1 Добро управување со земјиштето како предуслов за добро управување со природните ресурси и локален разво, во ПУ за ЗП „Осоговски Планини“ предвидени се активности кои опфаќаат:<br>- Воспоставување на соработка и дијалог со сите општините и локалните заедници кои гравитираат кон ЗП<br>- Мапирање на дивите депонии и изработка на план за чистење на дивите депониите<br>- Чистење на дивите депонии<br>- Воспоставување на систем за управување со отпадот во ЗП<br>- Дефинирање и спроведување на кампања за намалување на отпадот во ЗП |

# 4. РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ ЗА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 4.1. Општи и демографски карактеристики

Осоговските Планини административно припаѓаат на девет општини во Република Северна Македонија и тоа: Кочани, Крива Паланка, Кратово, Каменица, Пробиштип, Ранковце, Чешиново-Облешево, Делчево и Виница. Заштитеното подрачје - Заштитен предел (ЗПр) „Осоговски Планини“ зафаќа површина од 48807,16 ha и се простира на територијата на шест општини: Кочани, Крива Паланка, Кратово, Македонска Каменица, Пробиштип, и Чешиново-Облешево, со различна површина, при што најголем процент зафаќа општина Кочани, а најмал дел е во границите на општина Македонска Каменица.

На Осоговските Планини се наоѓаат околу 70 населени места, од кои 4 се урбани населби. Во општините, чии територии делумно го опфаќаат и осоговскиот масив, живеат околу 103.000 жители од кои, околу 52.000 живеат на Осоговските Планини. Во границите на ЗП „Осоговски Планини“ влегуваат 28 населени места.




**Слика 8** Административна припадност со населени места во ЗПр Осоговски Планини

Во Табела 6 се прикажани населените места, кои се наоѓаат во границата на заштитеното подрачје ЗПр „Осоговски Планини“

**Табела 14** Населени места во граници на ЗПр „Осоговски Планини“

| Општина | Населени места кои целосно или делумно се наоѓаат во границите на заштитениот предел |
|---|---|
| **Кочани** | Вранинци, Главовица, Горно Градче, Јастребник, Костин Дол, Лешки, Небојани, Нивичани, Ново Село, Пантејел, Полаки, Пресека, Припор, Речани и Рајчани |
| **Кратово** | Емирица, Каврак, Кнежево, Којково, Куново, Луково и Мушково |

| | |
|---|---|
| **Крива Паланка** | Дренак |
| **Македонска Каменица** | Цера |
| **Пробиштип** | Јамиште, Зеленград, Лесново, и Шталковица |

Заштитениот предел „Осоговски Планини“ се наоѓа на околу 4-5 километри оддалеченост од локалните урбани места Крива Паланка, Македонска Каменица, Кратово и Пробиштип, додека пак од Кочани е на растојание помало од 1 km. Овие градови имаат посебна динамика, која помалку зависи од природните ресурси достапни на планината, за разлика од руралните населени места, кои се во голем дел зависни од природните ресурси кои ги опкружуваат и каде секоја промена во овие природни ресурси значително влијае врз начинот на живот.

Руралните населени места на Осоговоските Планини се доминантно од разбиен тип, претежно расфрлени на локалните ридови и поделени на маала, кои се формирале врз роднинска врска на членовите. Секое маало, од населените места на Осогово, е еден вид микро населено место кое е дел од поголемо. Повеќето од овие населени места биле самоодржливи низ времето, но индустријализацијата и удобноста на животот што доаѓаат со урбанизацијата, како и силната емиграција во странство, ја промениле нивната структура.

Историскиот развој на населението во населените места во ЗПр „Осоговски Планини“ е претставен во Табела 7, од која лесно е воочлив падот на население во овие рурални населени места, иако вкупниот број на население во општините е во пораст. Со други зборови, ако во 1948 година учеството на населението од ЗПр во вкупното население на општината би изнесувало 15,1%, тоа во 2002 година опаднало на само 1,9%.

**Табела 15** Население во населените места од ЗПр „Осоговски Планини“, според година на попис

| Населени места од општина/Попис-година | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 | 2002 Жени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кочани** | 5469 | 6094 | 5459 | 4438 | 2568 | 1378 | 875 | 405 |
| **Кратово** | 1963 | 2284 | 1759 | 1450 | 707 | 329 | 238 | 106 |
| **Крива Паланка** | 436 | 501 | 307 | 252 | 132 | 70 | 44 | 22 |
| **Македонска Каменица** | 970 | 1097 | 942 | 859 | 755 | 523 | 379 | 168 |
| **Пробиштип** | 1542 | 1674 | 1402 | 1101 | 615 | 334 | 287 | 138 |
| **Вкупно населени места во ЗПр „Осоговски Планини“** | 10380 | 11650 | 9869 | 8100 | 4777 | 2634 | 1823 | 839 |
| **Вкупно население во општините** | 68527 | 79351 | 81256 | 88091 | 90808 | 93189 | 93656 | 45908 |
| **Учество на населени места во општините (%)** | 15,1% | 14,7% | 12,1% | 9,2% | 5,3% | 2,8% | 1,9% | 1,8% |

(Извор: интернет страна на Државниот завод за статистика)

Тоа значи во последните седум децении постоела силна миграција во насока село-град. Табела 16 дава споредба на состојбата со населението во 2002 година во општините од опфатот на ЗПр „Осоговски Планини“, со онаа последно регистрираната од страна на Државниот завод за статистика (31.12.2017).

**Табела 16.** Демографска слика на ЗПр „Осоговски Планини“

| Општина | НАСЕЛЕНИЕ | | | Станови (2002) | Домаќинства (2002) | (km2) | Густина на население | | Пораст на население | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Проценка (31.12.2017) | Попис (2002) | Опфат (2002) | | | | 2017 г. | 2002 г. | 2017 г. | 2016 г. |
| Кочани | 37.663 | 38.092 | *875* | 14.464 | 11.981 | **360,36** | 104,5 | 105,7 | **-429** | **-334** |
| Кратово | 9.253 | 10.441 | *238* | 4.951 | 3.304 | **375,44** | 24,6 | 27,8 | **-1188** | **-1065** |
| Крива Паланка | 19.832 | 20.820 | *44* | 9.448 | 6.600 | **480,81** | 41,2 | 43,3 | **-988** | **-890** |
| Македонска Каменица | 7.461 | 8.110 | *379* | 2.971 | 2.437 | **190,37** | 39,2 | 42,6 | **-649** | **-586** |
| Пробиштип | 14.973 | 16.193 | *287* | 7.337 | 5.104 | **325,57** | 46,0 | 49,7 | **-1220** | **-1108** |
| Република С. Македонија | **2.075.301** | **2.022.547** | ***1.823*** | **698.143** | **564296** | **25713** | **80,7** | **78,7** | **52.754** | **51.155** |

(Извор: интернет страна на Државниот завод за статистика)

Старосната и половата структура на населението (Слика 9) се битни карактеристики, затоа што даваат приказ на состојбата со конкретна популација во поглед на возраста и полот, која потоа може да се искористи во разбирање на идните насоки на движење на населението, посебно во капацитетот за негова интеракција со природата и правилно искористување на расположливите ресурси.




**Слика 9** Пирамида на население во општините на предлог ЗП „Осоговски Планини“

Овој констриктивен тип на пирамида на население, со неговите карактеристики: стеснета популациска пирамида на дното, генерално постара популација во просек, ниска стапка на наталитет (7,5 на 1000 жители), релативно ниска стапка на смртност (10,6 на 1000 жители), и подолг животен век всушност покажува дека регионот значително старее. Природниот прираст на населението влегува во негативната зона на -3,1 лица за 1.000 жители, што во перспектива ќе предизвика значителна депопулација на општините.

Стапката на природен прираст кај сите пет општини во ЗПр „Осоговски Планини“ е во негатива, а кај некои овој пад е значителен, како кај Кратово и Пробиштип, следен од Македонска Каменица. Ако на ова се додадат и миграционите процеси, во кои лидери се Кратово, Крива Паланка, Македонска Каменица и Пробиштип, се доаѓа до посебна состојба во која е очигледно дека руралниот начин на живот во квалитетна природа како Осогово не претставува некој посебен предизвик и интенција на локалното население.

Отселувањето на квалификувани и образовани лица претставува реален проблем за локалната заедница од каде лицата емигрираат. Нивното образовно и професионално знаење и искуство се од витално значење за економскиот развој и прогрес на локално и регионално ниво.

## 4.2. Економски развој

### 4.2.1. Шумарство

Шумите и шумските ресурси имаат посебно значење на Осоговските Планини. Тие се еден од најраспространетите природни ресурси на Осоговските Планини и исполнуваат голем број еколошки, социјални и економски функции.

Од 50-тите години на минатиот век, заедно со формирањето на првите шумски стопанства во Република Северна Македонија е воведено и т.н. планско стопанисување со шумите, кое се карактеризира со изработка на 10-годишни планови за стопанисување со шумите. Со овие планови се опфатени шумскопросторни целини т.н. шумскостопански единици. На подрачјето на Осоговските Планини формирани се четири шумски стопанства со седиште во следните градови: Кочани, Делчево, Кратово и Крива Паланка. Овие шумски стопанства од 1998 година се во состав на еден правен субјект т.е. Јавно претпријатие „Национални шуми”- Скопје.

Целата територија под шума, во граница на ЗПр „Осоговски Планини“, е поделена на 9 шумскостопански единици и тоа: „Крива Река-Станечка Река”, „Дренак-Лисец”, „Црн Врв-Бреза”, „Емиричка Река”, „Злетовска Река”, „Осогово I”, „Осогово II”, „Цера-Пресека”, „Каменица”. Преглед на површината на ШСЕ и површината на ШСЕ, која е вклучена во заштитеното подрачје се презентирани во следната табела.

**Табела 17** Преглед на шумско стопанските единици во ЗПр „Осоговски Планини“

| Редни број | Шумскостопанска единица | Површина ШСЕ (ha) | % | Површина ШСЕ во ЗПр "Осоговски Планини" (ha) | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Крива Река-Станечка Река” | 8095,12 | 15,69 | 1942,29 | 6,53 |
| 2. | „Дренак-Лисец” | 7444,75 | 14,43 | 1347,51 | 4,53 |
| 3. | „Црн Врв-Бреза” | 3820,83 | 7,40 | 2136,82 | 7,18 |
| 4. | „Емиричка Река” | 4206,12 | 8,15 | 4208,68 | 14,14 |
| 5. | „Злетовска Река” | 6545,65 | 12,68 | 5445,62 | 18,29 |
| 6. | „Осогово I” | 6332,51 | 12,27 | 6327,08 | 21,26 |
| 7. | „Осогово II” | 5705,00 | 11,05 | 5413,53 | 18,19 |
| 8. | „Цера-Пресека” | 4750,60 | 9,21 | 2586,06 | 8,69 |
| 9. | „Каменица” | 4707,27 | 9,12 | 358,45 | 1,20 |
| **ВКУПНО** | | **51607,85** | **100,00** | **29766,04** | **100,00** |

На Осоговските Планини се среќаваат широколисни, иглолисни и мешани шуми. Широколисните шуми во најголем дел се составени од автохтони видови дрвја, додека најголем дел од иглолисните и мешаните шуми се создадени по пат на пошумување на голи или деградирани шумски површини.

Вкупната шумска површина (шумски чистини и шума) која е опфатена со шумскостопански единици и подружници кои гравитираат на подрачјето на Осоговските Планини изнесува 32.330,77 ha, од кои 29.432,62 ha или 91 % се обраснати со шума. Во шумите е сконцентрирана дрвна маса од 3.590.780 $m^3$ или 122 $m^3$/ha.

Околу 50 % од шумите на Осоговските Планини се од генеративно (семено) потекло што укажува на тоа дека овие шуми се со форма блиска до природната т.е. мерките на управување и стопанисување во минатото не предизвикале промена на нивната структура и форма, додека 46 % од шумите се од вегетативно (изданково) потекло. Кај овие шуми практиките во минатото придонеле до тоа да шумите се претворени во пониска одгледувачка форма, поради што тие се обновиле од изданци. Околу 4 % од шумите се подигнати по вештачки пат и се одгледуваат како шумски култури т.е шумски плантажи.

Според составот на шумата, 69 % од шумските состоини се чисти т.е составени од еден вид на дрво, а 31 % се мешани т.е составени од 2 или повеќе видови дрвја. Од чистите насади 93 % се лисјарски видови, а 7 % се иглолисни. Од мешаните состоини 89 % се мешани лисјарски видови, 5 % се мешани лисјарски и иглолисни видови, а 6 % се мешани иглолисни видови.

На подрачјето на Осоговските Планини најзастапени се буковите шуми кои се распространети на 51% од површината под шума. Во нив е сконцентрирана 76 % од вкупната дрвна маса на подрачјето. Според тоа, тие се и најзначајни за стопанисувањето со шумите и во нив се изведуваат редовни стопански активности.

### 4.2.2. Други шумски плодови

Досегашните истражувања покажуваат дека значителен број од локалното население (67%) претежно во руралните средини е директно или индиректно вклучено со активности за собирање на диви шумски производи од природата. Истакнато е собирањето/користењето на лековити растенија (претежно *Hypericum perforatum, Thymus serpyllum, Vaccinium myrtillus, Primula veris, Origanum vulgare, Urtica dioica, Tilia sp и др), печурки (Boletus edulis, Cantharellus cibarius, Marasmius areades, Morchella conica, Cratarellus cornucopoides и Amanita cesarea) и шумско овошје (Crataegus monogyna, Rosa canina, Castanea sativa, Prunus spinosa* и др).

Етничката, религиозната, културната и јазична комплексност на Осоговскиот регион, како и различното културно богатство, дава добра основа за собирање на етно-ботанички информации. Од вкупниот број регистрирани лековити и ароматични растенија-225 вида, излистани во Студија за состојбата со биолошката разновидност во РМ (МЖСПП, 2003) во Осоговскиот регион беше евидентиран сосема мал број на лековити и ароматични растенија (ЛАР), или вкупно 20 видови, кои се користат во таканаречената етно-терапија. Меѓу најупотребуваните растителни видови, од страна на локалното население, се: боровинка, оригано, смрека, јаглика, жолт кантарион, црвен кантарион, мајчина душица, ајдучка трева, лисичарка, вргањ, капина и др. Исто така, бројот на габи (17 видови) и 14 видови шумски плодови (ШП) користени од локалното население е низок.

Направена е оценка на ризикот, врз база на десет критериуми за приоритизација на видовите кои се користат во подрачјето. Иако според критериумите за приоритизација се издвојуваат видовите *Agaricus campestris, Amanita caesarea, Boletus reticulatus, Cantharellus cibarius, Macrolepiota procera, Calocybe gambosa, Morchella conica и Marasmius oreades*, особено внимане треба да се даде само за видот *Amanita cesarea* со оглед на тоа што истиот вид е вклучен на Црвената Листа на габи. Исто така, *видовите Morchella conica, Morchella esculenta и Amanita muscaria* заслужуваат особено внимание бидејќи истите имаат ограничена распространетост во Осоговскиот регон.

Општата слика е дека во Осоговскиот регион нема одржливо собирање на природни ресурси и дека нема обиди кај локалното население за култивирање автохтони лековити и ароматични растенија. Обично во овој регион се забележува култивирање на неавтохтони растенија како Аронија, Гоџи бери и одреден вид на комерцијални габи.

Собирачите на ЛАР, ШП и габи се главно лица со ниски месечни приходи и со понизок социјален статус за кои собирањето претставува единствен приход во семејството. Забележано е дека има зголемена побарувачка, а со тоа и зголемена продажба во форма на финални производи во вид на сокови, зачини, лековити капки, чаеви, џемови, мармелади итн.

Во врска со видовите и количините на другите шумски производи, кои се собираат од Осоговските Планини, нема точни податоци. Единствено за боровинката е направена проценка на продуктивноста на надземната биомаса со економска проценка.

### 4.2.3. Лов и риболов

Ловот и риболовот во Осогово се ограничени активности, делумно заради законски регулираниот лов на дивеч низ планинскиот масив, а делумно заради намалување (ако не и губиток) на речниот рибен фонд таму каде што се изградени мали хидроелектрани, кои, иако се проектирани со рибни патеки, не е сигурно дали тие рибни патеки воопшто функционираат.

Кортистењето на рибниот фонд во подрачјето се врши од страна на концесионери и согласно Закон за рибарство и аквакултура (Сл.Весник на РМ бр.7/2008 со соодветни дополнувања). Во ЗПр „Осоговски Планини“, во зоната за одржливо користење се лоцирани три рибника, еден на Злетовска Река под Манастирот Св. Спиридон, еден на Кочанска Река под Браната Градче и еден нефункционален на Бела Река. Во непосредна близина на заштитеното подрачје лоцирани се уште неколку рибници на: Крклъанска, Дурачка Река и река Брегалница над Истибања.

На Осоговските Планини постојат 16 ловностопански единици, согласно поделбата на ловостопанските парцели во Република Северна Македонија, од кои 10 влегуваат во границите на ЗПр „Осоговски Планини“. Скоро целосно влегува ловостопанската единица Полаки, заедно со оградeното ловиште „Полаки“, потоа Главовица, Шталковица, Мушково, Борово, Руен, дел од Бања, Каменица, Соколарци, Добрево и Виница). Согласно одредбите од Закон за ловството (Службен весник на РМ бр. 26/09) управувањето со дивечот во ловиштата се одвива според ловностопански основи кои ги изработува Секторот за уредување на шуми и ловишта и проектирање при ЈП „Национални шуми“ - Скопје. Во процесот на изработка на План за управување со ЗПр „Осоговски Планини“ анализирани се ловостопанските основи и предложени се препораки за нивно ревидирање согласно дозволените мерки и активности во различните зони во заштитеното подрачје.

### 4.2.4. Земјоделство

Иако Осоговскиот Регион е еден од најзначајните рударски региони во Северна Македонија сепак, земјоделството (а особено сточарството) е една од поважните стопански гранки од овој регион. Заради поволните услови и достапни ресурси, оние што живеат или, пак, се редовно присутни во опфатот на предлог подрачјето за заштита и кои се занимаваат со земјоделство всушност се занимаваат со сточарство, редовно и со градинарство, но повремено и со овоштарство.

Дури и оние кои се иселиле од селата, се почесто се враќаат во селата, со цел да обезбедат прехранбени продукти за домаќинството. Производите што ги одгледуваат на сопствениот имот ги консумираат свежи или ги преработуваат во други производи, притоа обезбедувајќи храна за другите сезони главно за зимскиот период. Количеството на производството не надминува граници од кои може да се заработи, туку истото најчесто е наменето само за потребите на семејството, вклучително и нивните потомци кои веќе не живеат во руралните средини, туку во локалните градови, другите поголеми градови во државата или во странство. Доколку не успеат да го консумираат количеството, тогаш го даваат за понатамошна продажба на зелените пазари. Но, само мал дел од домаќинствата го продаваат вишокот на производи на локалните пазари. Ова не значи и дека нема производство кое завршува на пазарот, во насока да се заработат средства за живеење, туку дека постои тенденција на враќање на руралните имоти во планинските предели, со цел обезбедување на продукти за прехрана. Најчесто може да се сретнат вакви, условно кажано „повратници“ во населените места кои се поврзани со патна инфраструктура и кои се достапни во најдобар случај од април до октомври а во најлош и до ноември. Посебно ваков начин на живот се среќава во Крива Паланка, Македонска Каменица и Кочани.

Една од најспецифичните карактеристики на Осогово е Осоговскиот рурален предел, чиј матрикс е составен од пошумено земјиште, петна од маала, ливади и ниви. Земјоделството на повисоките делови од Осогово, за разлика од ниските делови, е екстензивно и се одвива на мали земјоделските парцели (0,1-0,5 ha) кои се фрагментирани и дисперзирани на повеќе локации. Најмногу се одгледуваат компири и грав (чиешто производство почесто е наменето за продажба), потоа 'рж и овошки (сливи, круши, јаболка, цреши, вишни, кајсии, јаткасти плодови). Речиси сите домаќинства, во градините или на мали парцели во близина на нивните куќи, одржуваат локални и автохтони популации и сорти барем од една култура. Најчесто градинарското производство е комбинирано - се среќаваат доматот (розевиот јабучар, црвениот јабучар, како и воловско срце), пиперката (посебно тенкиот пипер), и тиквата (тнр. Балка), но и обичната тиква. Секако, не изостануваат кромидот, лукот, и празот. Од житните

култури најчесто се среќава пченката, која се користи за лични употреба или како дохрана за домашните животни, но и нешто `рж и јачмен.

Најголемото богатство, не само од аспект на разновидноста на културите, туку и на локалните сорти од една култура, е застапено во градините на жителите во руралните области.

### 4.2.5. Сточарство

Сточарството, со низок интензитет, е карактеристика на регионот на Осоговскиот Масив и игра значајна улога во моделирањето на пределната и биолошката разновидност. Прекумерното напасување на добитокот од една и малото присуство на добиток од друга страна, може да резултира со промени во флористичкиот состав и закана кон некои растителни заедници.

Производните системи во говедарството, овчарството и козарството, во регионот на Осоговските Планини, имаат екстензивен карактер, со традиционална фармска пракса без разлика дали се одликуваат со преселба на високопланинските пасишта (полуномадски) или со напасување во селските атари и сопствени ливади (стациониран). Податоците од анкетите за типот на структурата на фармите, се во согласност со генералните за општините во регионот. Од вкупниот број анкетирани фармери со овчарство се занимаваат 67%, така што кај домаќинствата во селата под 700 m н.в., овој процент е поголем (73%) од оној кај втората група села над 700 m н. в. (58%). Во првата група села (< 700 м н.в.), 63% од испитаните домаќинства се специјализирани и одгледуваат еден вид добиток. Така, 26% од нив се краварски, 68% овчарски и 5% козарски фарми. Останатите 36% од анкетираните домаќинства припаѓаат на типот мешани фарми со најголема застапеност на оние со овци и говеда од 45%.

Во говедарството доминираат мелези на локална буша со благородни раси но, иако ретко, се среќаваат и автохтони буши. Вкупниот број на говеда во општините на регионот изнесува околу 14000 грла додека вкупното учество на говедата во микрорегионите на шесте општини изнесува 26,14% од вкупниот број. Големината на говедарските фарми е мала со најголема застапеност на оние во рангот од 1- 5 крави, по кој доаѓа категоријата од 5-20 крави.

Овчарството во регионот е претставено со мелезите на домашната овчеполска праменка со мерино раси (најчесто виртемберг) кои се најбројни во општините Пробиштип и Крива Паланка, по кои следи овчеполската овца. Според големината се најмногу застапени овчарските фарми кои по бројот на овци припаѓаат во рангот од 30 до 100 (од 34% во Пробиштип до 56% во Кочани) и од 101 до 300 овци (од 24% во Крива Паланка до 45% во Пробиштип).

Популацијата на кози во регионот ѝ припаѓа на балканската коза, нејзините мелези со благородни раси, пред сé санска и алпина со најголема застапеност на козите во кривопаланечкиот регион. Во козарството доминираат мали фарми со помалку од 5 кози, по кои следат оние од 6-30 кози.

Биолошката разновидност кај домашните животни во регионот е претставена од домашна буша кај говедата, балканска коза кај козите и овчеполската овца кај овците. Грлата, регистрирани како буша се среќават во целиот регион додека на територијата на Крива Паланка и Ранковце се забележани најмногу индикативни одгледувалишта на овчеполската овца и балканската коза.

Перманентното напуштање на полуномадскиот производен систем резултира со намалување на притисокот врз традиционалните летни пасишта на масивот. Од официјалната евиденција за 2018 евидентно е значајното напуштање на пасиштата, а нивното искористување е сведено на околу 600 говеда и 300 овци, што е далеку под проценетиот капацитет на високопланинските пасишта на Осоговските Планини од околу 20000 овци и 1000 говеда. Анкетните податоци укажуваат дека ризикот од прекумерното искористување на пасиштата, според 90% од вкупно анкетираните не постои, додека 65% од вкупниот број земјоделци сметаат дека „постои ризик од потенцијално намалување на природниот диверзитет преку закана по растителните и животинските видови”.

Пчеларството во општините на регионот е застапено со два репроцентри со капацитет од 700-800 пчелни семејства на автохтоната македонска медоносна пчела (Apis mellifera macedonica) и производен капацитет од околу 4000 матици и роеви.

**Пасишта.** Голем дел од земјоделските површините во регионот се под ливади и пасишта. Искористеноста на ливадите е зголемена во сите општини, а производството е видливо зголемено само во Пробиштип.

Податоците од ЈП за управување со пасишта покажуваат дека процената за капацитетот на пасиштата на Осоговските Планини изнесува околу 5 овци/ha. Ситуацијата укажува на скоро целосно напуштање на пасиштата а нивното искористување е сведено на 260 говеда според Кратовската, односно на 270 овци и 350 говеда според Кочанската административна евиденција од продружниците на ЈП. Дел од пасиштата како Тораница, Биљино, Калин Камен, Слана Бара, Бабина Чешма и Пониква, според евиденцијата на ПЕ на ЈП за пасишта во Кратово, располагаат со капацитетот од околу 12000 овци, а во моментот на нив скоро воопшто да не престојуваат овци. За разлика од поранешната пракса, кога голем дел од овците мигрираа од поширокото подрачје на денешниот Источен плански регион, искористувањето на пасиштата денес е претежно преку добитокот кој припаѓа на микрорегионот. За илустрација, во осумдесеттите години на минатиот век, само на Бабина Чешма престојувале околу 2000 овци кои мигрирале од Штип. Порано кон високопланинските пасишта на Осоговските Планини гравитирале и неколку поголеми комерцијални овчарски фарми, кои не припаѓале на општините на микрорегонот, а ги напасувавале овците во текот на летниот период. Тие располагале со околу 7000 овци ситуирани во текот на летото на локациите Љопено (1000 грла), Пониква (1500 грла), Калин Камен (4-5000 грла) и тн.

### 4.2.6. Индустрија и рударство

Рудниците и минералната експлоатација во Осоговскиот регион се главниот извор на средствата за живот за голем број на домаќинства во Македонска Каменица, Пробиштип, Крива Паланка и Кратово. Користењето на минералните суровини се врши со надземна експлоатација за туф, габро и моноцити, додека за олово и цинк се користи подземна експлоатација. Во подрачјето, постои и една концесија за експлоатација на вода.

Концесиите на рудните Саса, Тораница и Злетово се исклучени од ЗПр „Осоговски Планини“. Концесионите полиња заедно со сите инфраструктурните објекти и зафати за подземна експлоатација, преработка, транспорт и одлагање на руда и отпадни материјали (јами, јеловишта, машински згради, патишта и сл.), како и идни планови за развој на постојните рудници се надвор од заштитеното подрачје.

Во заштитеното подрачје дефинирани се полигони за идни геолошки истражувања („Зеленград“, Царев Врв и Рајчани). Доколку има потреба да се иницираат геолошки истражувања рударски активности во подрачјето, тие може да се одвиваат само во зоната за одржливи користење со претходна согласност од Управувачот со подрачјето ЈПНШ и МЖСПП и почитување на одредбите од Законот за минерални суровини (Службен Весник на РМ бр 132/2013 со соодветните дополнувања), законските прописи од Законот за животната средина (Службен Весник на РМ, бр.53/2005 и соодветните дополнувања) и Законот за заштита на природа (Службен Весник на РМ бр. 74/2004 и соодветни дополнувања).

Потребно е да се воспостави и одржува транспарентна комуникација и соработка помеѓу концесионерите на минерални суровини и управувачот со заштитеното подрачје заради навремено изнаоѓање на заеднички решенија и избор на соодветни мерки и активности за користење на минералните ресурси и избегнување на загуба на осетливите делови од природата присутни во или во непосредна близина на подрачјето. Ваквата соработка треба да доведе до унапредувања на заштитата на природните вредности како и на економскиот развој на подрачјето со минимално влијание врз другите вредности.

Водните ресурси во предлог ЗП „Осоговски Планини“ се во добар дел ангажирани за производство на електрична енергија. Неколку приватни претпријатија, од разни надлежни органи во даден период, добиле право за да вршат експлоатација на водните ресурси во

Осогово, на одреден период од неколку децении. Водите од високопланинскиот дел се користат за обезбедување на питка вода (Влашки Колиби – Крива Паланка, Јуручки Гробишта – Македонска Каменица, Плочка Река – Кратово и водите од ХС Злетовица – Пробиштип и Карбинци). Водните ресурси од Осоговијата се користат и за наводнување, индустриски цели, рибници и сл. За управување со сливот на Злетовска Река формирано е Јавно Претпијатие Хидросистем „Злетовица“. Во рамки на хидроситемот формирана е акумулацијата Кнежево и инсталиран систем за обезбедување питка вода и вода за наводнување. Кочанското Езеро (Брана Градче) е со основна намена за наводнување, но служи и за рекреативни цели, риболов и сл. (Концесионер – Риболовно друштво). Во план е изградба на акумулација на Оризарска Река (Брана Речани). Водите на Осоговските Планини се под силен антропоген притисок од инфраструктурни зафати (создавање брани, изградба на МХЕ, загадување со отпадни води-Пониква или органско загадување и сл.) Планот за управување треба да обезбеди одржливо користење на водните ресурси и подобрување на состојбата со истите.

## 4.3. Туризам

Географските карактеристики на Осоговските Планини даваат силни индикации дека регионот располага со значителни природни ресурси и привлечно културно-историско наследство, кое може да послужи во идни насоки за развивање на поструктуриран руралниот туризам, пред се, но и останатите видови подобен туризам, како спортски, рекреативен, гастрономски и сл. Општините како Крива Паланка, Кочани, Пробиштип па во последната деценија и Македонска Каменица, гледаат огромен потенцијал во развивање на зимскиот ски туризам во рамките на нивата територија.

Во Регионот е развиен комплекс од сместувачки капацитети со средна класа. Во сите општински центри постојат мотелски или хотелски услужни дејности. Градските средини се наоѓаат близу или во природните географски граници на Осоговските Планини, што претставува предност за посетителите кои сакаат да ги користат хотелите и мотелите во градските или приградските населби.

Пониква е туристичко-рекреативен центар, со сместувачки капацитети, од кои со најголем капацитет од 80 легла е одмsvалиштето на МВР „Пониква“. На Пониква се наоѓаат и неколку мотели, а има и можности за престој во викенд-куќи. Спортско-рекреативниот центар опфаќа два ски-лифта, викенд-куќи, бунгалови, објекти за дневно снабдување, повеќенаменски простори, терени за спорт и рекреација, угостителски објекти, сервис и услуги за скијачка опрема. Во понискиот дел, веднаш до браната Гратче е сместен хотелот „Еурохотел Гратче“ кој според бројот на леглата (60 легла), има голем капацитети.

На северните падини, освен можноста за сместување во градот Крива Паланка и манастирскиот комплекс „Св Јоаким Осоговски“, постои и можност за апартманско сместување во приватни објекти прилагодени за таа намена. Локалитетот Калин Камен има потенцијал и може да поддржи туристичко-рекреативни активности, пред сè поради достапниот пат и конфигурацијата на тернот, но освен викенд-куќи, објекти за сместување на организирани групи на туристи не постојат. Планинарските друштва од регионот располагаат со објекти, но истите се во лоша состојба и не нудат услуги за сместување. Такви објекти има на Пониква и Калин Камен и истите во иднина би требало да се реконструираат и прилагодат за престој и сместување. Или треба да се најдат соодветни решенија за воспоставување на нови објекти од таков тип кои со сигурност ќе доведат до зголемување на брјот на посетители, а и подобар имиџ на подрачјето.

Во регионот постојат неколку ловни домови. Еден од нив се наоѓа во ловиштето Полаки, Кочани. Овој објект располага со мал број легла, кои се на располагање при спроведување на ловни активности, но тој не е функционален за други туристички цели. Ловните друштва кои имаат концесија на ловишта имаат сопствени објекти, но и тие како и претходниот не се соодветни за туристички цели со повисоки стандарди. Такви објекти постојат на Калин Камен – Крива Паланка, Луковица – Македонска Каменица и Шталковица – Пробиштип. Покрај Кочанското Езеро, Злетовската Река и Дурачка Река се изградени неколку угостителски објекти.

Во однос на манастирскиот туризам, може да се забележи дека во последните неколку години во Св. „Јоаким Осоговски“ и во Св. „Гаврил Лесновски“ туристичките активности сè повеќе се интензивираат.

На Осоговските Планини постојат повеќе планинарски патеки, а како најважни може да се сметаат оние кои ги поврзуваат двата највисоки врва на планината на територијата на Република Северна Македонија, односно Царев Врв (Султан Тепе) и Руен, највисокиот врв на планината, до каде може да се стигне преку планинарска патека од локалитетот Пониква.

Како главни велосипедски патеки на овој планински масив може да се истакнат велосипедскате патеки водат до Царев Врв и кон Пониква, но се повеќе се актуелни и други патеки кои водат до останатите врвови, како Лисец. Планинскиот велосипедизам е особено атрактивен во кочанскиот дел од планината, поради велосипедиски клубови и активности. Голем е бројот на велосипедските патеки на Осогово, неколку атрактивни патеки почнуваат или завршуват на Пониква, како: Пониква – Лопенско Било – Царев Врв, Пониква – Лисо Брдо – Полаки – Крушка – Царев Врв или Кочани, по избор, Пониква – Раткова Скала – Злетово, Пониква – Јастребник – Кочани, или Пониква – Ивков Преслап – акумулација Кнежино, но и многу други комбинации на овие патеки се користат најчесто за еднодневни велосипедски тури.

Пониква е единствениот локалитет каде се поставени скијачки патеки и инфраструктура за зимски туризам на овие планини. Локалитетот се наоѓа 20 km северно од Кочани, а поставен е на надморска височина од 1.580 m. Во последните години сноубордингот е актуелен и на Пониква, прилагодени се неколку патеки кои се користат за таа цел.

Од аспект на природните ресурси и вредности, најголем туристички потенцијал имаат следните поединечните локалитети на Осоговските Планини: Царев Врв – Руен, Калин Камен, Пониква, Раткова Скала, клисурата на Злетовска Река со биолошките, геоморфолошките и пределните вредности, Лесновската купа и кратер со останатиот вулкански релјеф околу Пробиштип и Злетово, околината на Браната Гратче со реките кои се слеваат кон неа, пејсажните карактеристики во високопланинскиот дел околу Јастребник, Полаки, Костин Дол, Пресека и Горна Цера, речните долини на Бела и Црна Река, како и карактеристичните мозаични предели на брдските пасишта околу Нивичани, Пантејел, Рајчани, Шталковица и т.н. високопланинскиот дел изобилува со ливади и пасишта каде се среќаваат голем број на карактеристични видови на растенија, инсекти и претставници од херпетофауната. Раткова Скала и целиот југозападен дел на Осогово се погодни за набљудување птици. По течението на некои реки, медитеранското влијание условило развој на голем број ретки и ендемични видови кои може да бидат од интерес за специфични посети.

Присуството на лековити и ароматични растенија, шумски плодови и печурки исто така се потенцијал за провлекување на поголем број посетители.

Осогово, со сигурност исполнува услови за развој на туризмот поврзан со истражување на дивиот свет (набљудување дивеч, птици, пеперутки, растенија и слично), како најблиску врзани посети со природните вредности во подрачјето. Овој вид туризам е во подем и тој сè повеќе претставува тренд и во балканските земји.

Како организирани активности се почесто се спроведуваат планинарски тури, од кои дел имаат традиционален карактер. Голем замав земаат ридско-планинските велосипедски активности и планинското трчање. Во последно време, се почесто се организираат големи настани, како „Osogovo Adventure“ и „Gradche Trail Run“, кои се меѓународно посетени. Повремено се случуваат и училишни екскурзии, мотокрос активности и слично.

Ваквите рекреативни, спортски и авантуристички активности поврзани со престој во природа треба да се фокусираат на локалитети со карактеристични биолошки и пределни вредности. Притоа, посетите треба да ги претставуваат природните вредности и да имаат едукативен карактер, сè со цел да се развие чувство за нивно зачувување и за потикнување одговорно и одржливо користење на природните средини и ресурси.

Од потенцијалните форми на туризам разгледани се актуелните и можните форми кои се или може да се одвиваат на Осоговските Планини. Оваа проценка е направена заедно со

националните и локалните заинтересирани страни за развој на туризмот во подрачјето Осоговски Планини.

## 4.4. Здравје на населението

Североисточниот регион се карактеризира со ниска покриеност на здравствени услуги во споредба со другите региони, особено кога станува збор за стоматолошки или специјалистички здравствени услуги. Во Североисточниот плански регион нема клинички центар и жителите ги користат здравствените услуги на општите здравствени домови во поголемите населени места со истурени амбуланти по селата како и Клиничкиот центар во Скопје. Постојат приватни здравствени ординации кои обезбедуваат примарна здравствена заштита генерално од областа на Општа медицина, Педијатрија, Гинекологија и Стоматологија. Најзагрозени се жителите на руралните области каде воопшто не постојат здравствени установи.

На територијата на Источниот регион здравствената заштита се обезбедува преку мрежа на јавни и приватни здравствени установи кои обезбедуваат заштита на жителите од овој регион. На територијата на регионот е организирана преку (7) здравствени домови, (10) рурални амбуланти, (35) пункта на мобилна здравствена служба и (68) аптеки. Вкупен број на лекари изнесува 76 од кои 30 лекари општа пракса, 30 специјалисти, 11 стоматолози и 5 фармацевти.

Нема податоци за здравствената состојба на населението кое живее во границите на Заштитеното подрачје.

## 4.5. Климатски карактеристики и квалитет на воздухот

### 4.5.1. Клима и климатски промени

Осоговските Планини, со својата голема површина и релативна височина, влијаат на формирањето на сопствена (планинска) клима, а тоа влијание се чувствува врз другите климатски области во североисточниот дел од земјата.

Поради пространоста и височината климата на планината е доста разновидна, од топла умерено-континентална во југозападното и југоисточното подножје, преку постудена континентална клима на северните падини, потоа типична планинска клима на височинина од 1.200-1.800 m, до субалпска клима во највисоките делови (над 1.800 m). На високите, отворени и присојни страни, сончевото зрачење е интензивно и долготрајно. Просечните годишни температури се движат од 13°C во југозападното подножје, околу 10°C на источните повисоки падини, околу 6-8°C во средно-планинскиот појас (1.000-1.500 m) до 2-3°C во највисоките делови. Јужното подножје во просек е потопло од северното, што е последица од навлегување на изменето медитеранско климатско влијание преку реката Вардар и Брегалница од југозапад.

За разлика од температурите, кои со височина опаѓаат, врнежите со височина се зголемуваат и тоа од 500-600 mm во југозападното подножје, 600 до 700 mm на северните падини, 700 до 800 mm во среднопланинскиот појас, до над 850 mm во високите планински предели. Количеството на врнежи овде е поголемо од соседните ниски области, а одејќи во височина се зголемува учеството на снежни врнежи кои во највисоките делови може да се задржат и до 6 месеци (од декември до мај).

Врнежите се доста рамномерно распоредени во текот на годината, што е уште повеќе изразено со зголемување на височината. Најголемо количество врнежи паѓа во пролет и есен (мај и ноември), а посуви се зимата и летото (јануари, август и септември).

На подрачјето од Осоговскиот Масив, во најголем дел од годината паѓаат врнежи од дожд. Снежните врнежи учествуваат со 5% во пониските јужни делови до 20% во повисоките северни делови. Во пониските делови, снегот се задржува просечно 15-40 дена, а во повисоките и по неколку месеци. Во однос на максималната височина на снежната покривка, таа изесува од 20-30 cm во подножјето, па до околу 1,5 m во високите предели. Што се однесува до летните суши, тие не се многу долги. Поизразени се на јужните, присојни падини (кочанско), каде се забележани суши со траење до околу 80 дена. Интензивните врнежи што следат по таков сушен период, предизвикуваат поројни поплави со изразена ерозија.

Според анализите на расположливите метеоролошки податоци за метеоролошките станици Штип, Кочани, Делчево, Берово и Крива Паланка, температурите во последните 30 години (1987-2016) се за околу 0,4°C повисоки од оние за периодот 1951-1980 година. Особен пораст се забележува од 1990 година па наваму, додека 1970-тите и 1980-тите се години на температурна стагнација. Според податоците, јасен е трендот на покачување на средногодишните температури (Слика 10). Најголемо покачување има за летните месеци јуни, јули и август (околу 1°C), а во месеците ноември и декември воопшто нема пораст на температурите помеѓу двата периоди. Паралелно со покачување на температурите се јавува зголемено траење и интензитет на сончево зрачење вклучувајќи го штетното УВ зрачење.



Графикон на промени на просечните годишни температури на воздухот, на 4-те метеоролошки станици во близина на Осогово (во степени Целзиусови)




Графикон на промени на просечните годишни врнежи на 4-те метеоролошки станици во близина на Осогово (во mm)

**Слика 10** Графички приказ на промените на просечните годишни температури и врнежи

Врнежите покажуваат уште поспецифична тенденција. Според податоците за истите метеоролошки станици, вкупните годишни врнежи не само што не се немалуваат, туку за околу 2-5% се повисоки во периодот 1987-2016 во однос на периодот 1951-1980. Она што е интересно е што драстично се зголемени сезонските и годишните амплитуди на врнежи, како и амплитудите на интензивни (поројни) врнежи (Слика 10). Така, во 2011 година просекот на годишните врнежи за наведените станици е само 350 mm, но во 2014 година е речиси 900 mm. Според тоа, главен проблем со трендот на врнежите не е нивното намалување, туку засилувањето на нерамномерноста и особено честината на интензивни до поројни врнежи од една страна и на сушни периоди од друга страна. Наведеното веќе има ефект врз појавата на метеоролошко-хидролошки природни непогоди (поплави, ерозија, свлечишта, суши и др.).




**Слика 11** Климазонални подрачја на Осоговските Планини

### 4.5.2. Квалитет на воздухот

Во Република Северна Македонија мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух го вршат Министерството за животна средина и просторно планирање, кое управува со Државниот автоматски систем за квалитет на воздух, како и Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) со Центрите за јавно здравје во Скопје и Велес. Дополнително, мониторинг на квалитетот на воздухот вршат и поедини инсталации кои имаат обврска согласно барањата на ИСКЗ дозволата. Министерството за животна средина и просторно планирање управува со Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух, кој се состои од 17 фиксни и една мобилна мониторинг станица и тоа: 5 мерни станици во Скопје, 2 мерни станици во Битола, и по една мерна станица во Велес, о. Илинден, Кичево, Куманово, Кочани, Тетово, Кавадарци, Гостивар, Струмица и с. Лазарополе.




**Слика 12** Поставеност на станиците за мониторинг на квалитетот на воздухот

Во Источниот плански регион е лоцирана една мониторинг станица за следење на квалитетот на воздухот. Станицата е сместена во урбана средина на територијата на општина Кочани, на

оддалеченост 6-7 метри од фреквентен пат во центарот на градот. Во станицата се следи влијанието на сообраќајот врз квалитетот на воздухот преку мерење на концентрацијата на следините загадувачки супстанции: $O_3$, $NO_2$, $SO_2$, CO и $PM_{10}$. Највисоки просечни концентрации на $SO_2$ и $NO_x$ се измерени во 2008год., а највисоки концентрации на $PM_{10}$ се измерени во 2009год.. Во анализираниот период е забележано надминување на граничните вредности за $SO_2$ кои се важни заради заштита на растенијата и просечните дневни вредности (50mg/m3). ГВ за $PM_{10}$ за заштита на здравјето на човекот се надминати во текот на целиот период.

Во границите на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ нема поставени мерни станици за следење на квалитетот на амбиентниот воздух, заради што не може да се утврди состојбата со квалитетот на воздухот.

### 4.5.3. Бучава

Главни извори на бучава во Општините се сообраќајните средства, опремата и машините кои се користат во индустриските капацитети и земјоделските машини.

Во согласност со Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Службен весник на Република Македонија“ бр.1/09) и Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08), мирот на граѓаните се нарушува од штетна бучава кога граничните вредности на бучавата во животната средина, предизвикана од различни извори, се повисоки од оние прикажани во следната табела:

**Табела 18** Нивоа на бучава над чии вредности се смета дека е нарушен мирот на граѓаните

| Подрачје според степенот на заштита од бучава | Ниво на бучава изразено во dB(A) | | |
|---|---|---|---|
| | $L_д$ | $L_в$ | $L_н$ |
| Подрачје од прв степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од втор степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од трет степен | 60 | 60 | 55 |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

Lд - ден (период од 7 до 19 часот), Lв – вечер (период од 19 до 23 часот), Lн – ноќ (период од 23 до 7 часот)

Нема официјални мерења за нивото на бучава во градовите и селата во Регионот.

Подрачјата наменети за туризам и рекреација, подрачјата во непосредна близина на здравствени установи за болничко лекување и подрачјата на национални паркови или природни резервати се вбројуваат во подрачја со I степен на заштита од бучава. Во оваа група спаѓа и Заштитениот предел „осоговски Планини“. Во границите на територијата на ЗП „Осоговски Планини“ нема мониторинг станици за мерење на интензитет на бучава и нема соодветна база на податоци врз основа на која би се направила анализа на постојната состојба и трендот на промени на бучавата во животната средина.

## 4.6. Вода

### 4.6.1. Хидрологија и хидрографија

Осоговските Планини претставуваат значаен водораздел (хидрографски јазол) на Балканскиот Полуостров. Во највисоките планински предели се извориштата на реките Бистрица и Елешница (притоки на Струма) на исток и Крива Река, Каменичка Река, Оризарска Река, Кочанска Река и Злетовска Река (притоки на Вардар преку реките Пчиња и Брегалница) на запад. Главен хидрографски јазол е врвот Руен, од каде кон исток се формираат споменатите притоки на реката Струма, а кон запад притоките на Вардар. Покрај него, многу значајна положба има и Царев Врв, кој е хидрографски јазол на поголемите водотеци на македонската страна од масивот: Крива Река, Злетовска Река, Кочанска Река, Оризарска Река и Каменичка

Река. Осоговските Планини, во Македонија, припаѓаат на две сливни подрачја и тоа на Крива Река на север и на Брегалница на југ (Слика 14). Од сливнотот подрачје на Крива Река, во рамки на заштитеното подрачје влегува само изворишниот дел на Станечка Река и Врањанска Река. Сливот на Брегалница има површина од 849,51 km² (без површината во Кочанско Поле).

Речната мрежа на Осоговските Планини, гледано генерално, според поставеноста на највисоките врвови и хомогеноста на геолошкиот состав, условило радијално протегање на водотеците. Тие ѕвездесто се спуштаат од врвот Руен и Царев Врв кон Крива Река и Брегалница.




**Слика 13** Хидрографска мрежа на Осоговските Планини

### 4.6.2. Квалитет на површинските води

Квалитетот на површинските води во Република Македонија се следи од страна на Управата за хидрометеоролошки работи преку RIMSYS (River Monitoring System) програмата преку анализа на хидролошки параметри, физички и органолептички индикатори, минерализација, кислородни индикатори, показатели на еутрофикација и штетни материи. Во рамките на оваа програма во поглед на хидролошките параметри Крива Река се следи во станицата Трновац, а Брегалница во станицата Балван.




**Слика 14** Преглед на мониторинг станиците за следење на квалитетот на површинските води

Според Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл. Весник на РМ бр. 18/99) категоризацијата на Крива Река и нејзините притоки е следната:

- Река Тораница
  Од рудник „Тораница“ до вливот во Крива Река III класа
- Киселичка Река
  Од рудник „Бентомак“ до вливот во Крива Река III класа
- Кратовска Река
  Од Кратово до вливот во Крива Река III класа
- Крива Река
  Од составот со р. Тораница до вливот во р. Пчиња II класа

Поопсежни анализи за квалитетот на водите во реката Брегалница и нејзините поголеми притоки се спроведени во 2012год.[1], и резултатите од истите се елаборирани во прилог:

*Квалитет на водите во реката Брегалница:* Долж течението на реката Брегалница, во сите зони31[2], е потврдено присуство на Al, Mn и Fe, во четвртата зона е потврдено присуство и на Pb.

Во првата зона, средната концентрација на присутните елементи е пониска од максимално дозволените концентрации (МДК) за води со квалитет од I-II класа.

Во втората зона, средната концентрација на присутните елементи е под МДК за води со квалитет од I-II класа, но со високи вредности за Fe и посебно за Al.

Во третата зона, средната концентрација на Al е во граници на МДК за води со квалитет од I-II класа, додека средната концентрација на Mn и Fe е повисока од МДК за води со квалитет од I-II класа, но под МДК за води со квалитет од III-IV класа.

Во четвртата зона, средните концентрации на Al, Fe и Pb се во граници на МДК за води со квалитет од I-II класа, додека средната концентрација на Mn е повисока од МДК за води со квалитет од I-II класа, но под МДК за води со квалитет од III-IV класа.

*Квалитет на водите во Каменичка Река:* Во водите на Каменичка Река е потврдено присуство на голем број опасни и штетни материи: Al, Zn, Cd, Co, Mn, Ni, Pb и Fe. Средните концентрации

---

[1] Податоците се превземени од Геохемиски атлас на регионот на сливот на реката Брегалница (Стафилов.Т, Балабанова.Б и Шајн.Р, 2014).

[2] Штетните и опасни материи во водите на реката Брегалница се презентирани по зони: зона 1-по течението на реката Брегалница низ општините Пехчево и Берово, зона 2-по течението на реката Брегалница во општина Делчево, зона 3-по течението на реката Брегалница низ општините Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево и Карбинци и зона 4-по течението на реката низ општина Штип.

на AL, Co, Ni и Fe се под МДК за води со квалитет од I-II класа, средните концентрации на Cd, Mn и Pb се под МДК за води со квалитет од III-IV

класа, а средната концентрација на Zn е со три пати повисока вредност од МДК за води со квалитет од III-IV класа.

*Квалитет на водите во Злетовска Река:* Во водите на Злетовска Река е потврдено присуство на Al, Mn, Ni и Fe. Средните концентрации на присутните елементи не ги надминуваат МДК за води со квалитет од III-IV класа.

*Квалитет на водите во река Лакавица:* Во водите на реката Лакавица е потврдено присуство на Al, Cu, Zn, Cd, Co, Mn, Ni, Pb и Fe. Средните концентрации на присутните елементи не ги надминуваат МДК за води со квалитет од III-IV класа. Во регионот не е воспоставена мерна мрежа за следење на концентрациите на загадувачки материи во подземните води.

## 4.7. Почва

- **Релјефни карактеристики**

Во морфолошки поглед, основна одлика на Осоговските Планини е нивната громадност, со доминантни радијални (раседни), тектонски елементи. Самите била се создадени со расчленување на старите флувиоденудациски површи, поради што се доста широки и зарамнети.

Од двата најизразити врва на масивот, Руен (2.252 m) и Царев Врв (2.085 m), ѕвездесто се разидуваат повеќе планински била, раздвоени со длабоко всечени речни долини. Главното планинско било се протега во правец југозапад-североисток, во должина од 53 km. На територијата на Република Северна Македонија, на Осоговскиот Масив, шест (6) врва се повисоки од 2.000 m. Тоа се: Руен 2.252 m, Мал Руен 2.206 m, Царев Врв (Султан Тепе) 2.085 m, Калин Камен 2.043 m, Сокол 2.038 m и Петрово Брдо 2.013 m. Општо земено, врвовите на Осоговските Планини се благо заоблени и не се одликуваат со некоја изразита морфопластика. Покрај тоа што овие планини припаѓаат на групата високи планини со височина над 2.000 m во Република Северна Македонија, површината на планината над 2.000 метри изнесува само 2.64 $km^2$.

На масивот се застапени три (3) генетски типа палеорелјеф, и тоа: палеовулкански релјеф, флувиоденудациски површи и абразивни површи. Палеовулканскиот релјеф е застапен во западните делови на масивот, во рамките на Кратовско-злетовската вулканска област. Регистрирани се дваесетина еродирани вулкански купи, а на четири од нив делумно се сочувани и вулканските кратери, претставени со калдери.

На делови од билата, каде се јавуваат поцврсти карпи или каде кристалестите карпи, се пробиени со поотпорните магмати, ерозијата напредувала побавно, а во релјефот заостанале релативно заоблени, морфолошки слабо изразени врвови. На делови од билата изградени од помалку отпорни карпи или таму каде регресивната речна ерозија од двете спротивни страни доста напреднала, се формирале планински превали. Како што врвовите се слабо морфолошки изразени, така и превалите се плитки, мали по големина и не многу впечатливи. Исклучок е Соколскиот Превал (1.824 m) помеѓу врвовите Руен и Царев Врв, предиспониран со Сасо-Тораничката дислокација и регресивната ерозија на Крива Река од север и Каменичка Река од југ.




**Слика 15** Геоморфолошка карта на Осоговските Планини

- **Палеорелјеф**

Во подрачјето на масивот се утврдени неколку генетски типови на палеорелјеф, и тоа: повеќе елементи на палеовулканскиот релјеф, флувиоденудациски површини и абразивни површини, а се забележуваат и елементи на фосилен глацијален релјеф.

Палеовулканскиот релјеф е застапен во западните делови на масивот, во рамките на Кратовско-Злетовската вулканска област. Претставен е со дваесетина еродирани вулкански купи, а на четири од нив се забележуваат елементи на кратери, сочувани во вид на калдери. Доминантен повеќефазен вулкански центар во овој дел на масивот е вулканската купа Плавица (1.297 m), на чија источна страна се распознаваат траги од калдера. Помалку сочувани вулкански купи, кои припаѓаат на постарите вулкански фази (од олигоцен до миоцен), се Уво (1.472 m) и Буковец (1.423 m) кај селото Близанци, потоа Голем Рид (1532 m) кај селото Мушково, Дебели Дел и Здравчи Камен (844 m) кај Кратово и други. Вулканските форми се значително морфолошки модифицирани, главно како резултат на ерозивните процеси (во одредена мерка и на подоцнежните радијални тектонски движења). Поради тоа, денес тие по својата природа се полигенетски.

Освен флувиоденудациските површини, на страните на Осоговскиот Масив се сочувани површини изградени со абразивниот процес на неогените езера, кои ги исполнувале соседните депресии. Абразивни површини, кои и денес се сочувани во современиот релјеф, настанале во периоди на стабилни езерски нивоа, при плиоцено-плеистоцената сукцесивна регресија. На Осоговските Планини се констатирани четири серии на абразивни површини.

- **Современ релјеф**

Во текот на плеистоцен, поточно за време на вирмскиот глацијален стадиум, Осоговските Планини биле зафатени со слаби глацијални процеси. Во изворишниот дел на река Бистрица (на бугарскиот дел на масивот, североисточно од врвот Руен), глечерите биле од долински тип и оставиле траги во релјефот во вид на циркови, кратки валови и морени. Овде се формирани три (3) цирка на височина од 1.850-2.000 m. Според сочуваните морфолошки елементи, висината на долната снежна граница во глацијалниот период на осоговскиот масив е одредена на 1.950 до 2.000 m н.в.

Покрај фосилен глацијален релјеф, во највисоките делови на масивот (над 1.700 m н.в.) се јавуваат повеќе периглацијални појави, и тоа: голем нивационен цирк северно од Царев Врв, неколку нивациони циркови, лавински коридори и тревни тераси.

- **Геолошки карактеристики**

Геолошката градба на Осоговските Планини е релативно хомогена и претставена главно од кристалести карпи со прекамбриумска, рифејкамбриумска до палеозојска старост.

Во источните делови на Осоговските Планини се застапени хлоритски шкрилци, палеогени кварцлатити, дацити и андензити. Во долината на Каменичка Река се сретнуваат палеозојски кварцно-графитични шкрилци, а западно од нив прекамбриски зрнести порфироидни гнајсеви и микашисти. Во околината на врвот Руен (2.225 m), долж неговите западни падини, од север кон југ се менуваат старопалеозојски хлоритски шкрилци и палеозојски графитични шкрилци, меѓу кои се наоѓаат палеозојски гранитоиди. На југозападните падини на Руен се сретнуваат пробиви на палеогени кварцлатити. Западно од Руен широко се распространети микашисти и лентести гнајсеви. Од Кратово кон Пробиштип на југ, доминираат игнимбрити од дацитски состав. Тие лежат преку разни шкрилци и горноеоценски седименти. Во долината на Оризарска Река се застапени гранитски микашисти и гнајсеви, додека во долината на Кочанска Река, различни старопалеозојски шкрилци и филити. Во околината на Св. Пантелеј се застапени неогени андензити, а источно од нив присутно е големо тело на јурски габрови.

- **Педолошки карактеристики**

Според педолошката карта на Северна Македонија (MASIS 2015) во заштитеното подрачје ЗПр „Осоговски Планини“ се среќаваат три типови почви: кафеава шумска почва, циметна шумска почва и ранкер **Error! Reference source not found.**(Слика 16).

Најраспространет почвен тип е камбисолот (кафеава шумска почва) и тоа дистричниот (кисел) камбисол. Типична почва за планинските пасишта е ранкерот. На некои места, особено во источниот и северниот дел на Осоговските Планини, дистричните камбисоли се помешани со литосоли. На помала површина, над с. Цера се застапени хромични камбисоли (циметни шумски почви).




**Слика 16** Педолошка карта на предлог заштитеното подрачје „Осоговски Планини“

### Користење на земјиштето

Според резултатите од истражувањата за искористеност на земјиштето во ЗП „Осоговски Планини“ можат да се издвојат шест основни категории на искористеност на земјиште (Табела 20). Најголемиот дел од подрачјето е под природни живеалишта. Дури 88,5 % од истражуваното подрачје отпаѓа на површини кои се користат како шуми и пасишта.

**Табела 19 Преглед за искористеност на земјиштето во рамки на ЗПр „Осоговски Планини“**

| Категорија на искористеност на земјиште | Површина ( %) |
|---|---|
| **Природни** | |
| **Шуми и грмушки** | |
| **Иглолисна шума** | 0.17 |
| **Листопадна шума** | 53.90 |
| **Мешана шума** | 0.15 |
| **Посадена шума** | 1.40 |
| **Грмушки** | 13.41 |
| **Пасишта** | |
| **Пасишта** | 4.98 |
| **Пасишта со грмушки** | 2.82 |
| **Планинско пасиште** | 11.12 |
| **Карпа** | 0.57 |
| **Антропогени** | |
| **Земјоделско земјиште** | |
| **Чистина во шума** | 4.23 |
| **Ливада** | 3.73 |
| **Обработена површина** | 2.35 |
| **Лозје** | 0.02 |
| **Овоштарник** | 1.01 |
| **Населби** | |
| **Градежно земјиште (нискоградба)** | 0.07 |
| **Државна институција** | 0.01 |
| **Медицински центар** | 0.0005 |
| **Училиште** | 0.01 |
| **Акумулации на вода** | |
| **Езеро** | 0.03 |
| **Рибник** | 0.001 |
| **Вештачки** | |
| **Религиозно место** | 0.01 |
| **Индустриска зона** | 0.0004 |
| **Рудник** | 0.01 |
| **Аеродром** | 0.002 |
| **Вкупно** | 54772 |




**Слика 17.** Визуелен приказ на типови на искористеност на земјиште во подрачјето

## 4.8. Биолошка разновидност

### 4.8.1. Екосистеми, живеалишта и раститени заедници

Осоговските Планини се одликуваат со голема разновидност на екосистеми што произлегува од разновидноста на живеалиштата/хабитати. Така, на Осогово се среќаваат различни водни екосистеми (реки, потоци и акумулации), голем број различни шумски екосистеми, тревести екосистеми (ливади, брдски и планински пасишта, рабни зелјести екосистеми), карпести екосистеми (главно силикатни карпи) и различни влажни екосистеми (алкални блата, кисели тресетишта, шумски тресетишта и други).

Систематизацијата на екосистемите е направена според систематизацијата на живеалиштата од ЕУНИС базата (ниво 1). Понатамошната поделба на екосистемите во рамките на основните типови е направена главно на третото ниво од ЕУНИС базата, што е во согласност со пристапот при изработката на сратешки и конзервациски документи во Република Северна Македонија.

- **Шумски екосистеми**

Шумските екосистеми на Осоговските Планини се застапени со релативно голем број шумски вегетациски типови, од ксеротермофилните дабово - белгаберови шуми на јужните падини, до мезофилни планински букови шуми во високите делови на планината или мезофилни мешани шуми со воден габер на северните падини кон Крива Паланка.

- **Тревести екосистеми**

На Осоговските Планини се развиваат повеќе тревести екосистеми, почнувајќи од најниските до највисоките делови. Најниските тревести екосистеми се одликуваат со висока ксеротермофилност и во нив доминираат брдски пасишта со едногодишни тревести растенија. Екосистемите на пасишта се развиваат и во шумскиот појас и во нив доминираат различни видови од Poaceae (*Agrostis, Festuca, Deschampsia flexuosa*). На највисоките делови се среќаваат пасишта со *Nardus stricta*.

Посебен тип екосистеми претставуваат ливадите во претпланинскиот и планинскиот појас. Основен предуслов за нивно постоење е континуирано косење и поголема влажност. Тревестите екосистеми зафаќаат голема површина на Осоговските Планини и во рамките на предлогот за заштитено подрачје.

- **Карпести екосистеми**

Карпестите екосистеми на Осоговските Планини се среќаваат на врвот Руен, на Калин Камен, во клисурата на Злетовска Река со Раткова Скала, пред с. Лесново, над брана Гратче. Тоа се екосистеми со хабитатниот тип Карпато-балканско-родопски силикатни карпи со *Silene*. Карпестите екосистеми се наоѓаат во генерално добра состојба. Помали површини се деградирани, заради пробивањето патишта (долина на Злетовска Река) или изградба на други инфраструктурни проекти.

- **Влажни екосистеми**

Овие екосиетми се од типот на тресетишта, блата со високи зељести растенија и трсјаци. За сите нив е карактеристично обилното присуство на вода, специфичната почва и еколошки услови (аноксија, редукциски процеси, итн.) Најважните влажни екосистеми се среќаваат на поголема надморска височина и во моментов повеќето од нив се во добра состојба. Со изградбата на хидроакумулацијата Кнежево беа потопени некои од влажните екосистеми. Тресетиштата на Калин Камен се деградирани заради зафатите за вода за пиење.

- **Водни екосистеми**

Осоговските Планини се карактеризираат со развиена хидролошка мрежа. На Осоговските Планини се среќаваат различни типови водни екосистеми: течечки води (планински реки и потоци) и стоечки водни екосистеми (вештачки езера, едно природно езеро, кое се наоѓа во околината на Пробиштип и е надвор од опфатот на заштитеното подрачје). Притоа, сите вештачки езера припаѓаат на групата ексосистеми J - Создадени, индустриски и други вештачки хабитати според ЕУНИС класификацијата. На Осоговските Планини не се среќаваат речни екосистеми со бавен тек (C2.3.) т.е. сите реки и потоци спаѓаат во групите C.2.12 - Извори и потоци кои се формираат во планинската зона.

Водните екосистеми нудат голем број екосистемски услуги од огромно значење за човекот. Заради тоа, на Осоговските Планини се среќаваат голем број зафати за вода за пиење, зафати за вода за наводнување, токовите на повеќето поголеми реки се изменети заради изградба на зафати, брани, вештачки езера, а во план е изградба на повеќе мали хидроелектрични централи.

- **Живеалишта**

Различните типови живеалишта се определувани врз основа на флористичките пописи и провизорните вегетациски снимки (според методологијата на Braun-Blanquet, 1964), кои се поврзувани со прецизни GPS координати.

Во Табела 21 се прикажани природните и полуприродните живеалишта, регистрирани на Осогово заедно со локалитетите каде што се среќаваат како и нивното конзервациско значење (валоризирани хабитати) и основните закани. На Осоговските Планини се застапени и поголем број живеалишта (вкупно 14) кои немаат особено значење за биодиверзитетот, односно имаат мало или никакво конзервациско значење. Тоа се главно антропогено воспоставени или одржувани живеалишта. Ниту едно од нив нема кореспондирачко живеалиште кое е на Анекс I од Директивата за живеалишта.

**Табела 20 Преглед на значајните типови живеалишта во предложеното подрачје за заштита „Осоговски Планини“ Група**

| Група | Тип – EUNIS | Локалитети | Валоризација - HD |
|---|---|---|---|
| Грму шест | F2.26 [Bruckenthalia] вриштини | Султан Тепе, Бабина Чешма, Руен, Калин Камен, Сокол, Ајдучка Чешма и др. | 4060 Алпски и бореални вриштини |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | F2.2A2 Балкано-хеленски џуџести вриштини со боровинки | Султан Тепе, Бабина Чешма, Руен, Калин Камен, Тораница, Сокол, Ајдучка Чешма и др. (1600-2200 m н.в) | |
| | F2.2B2 Балкано-родопски [Chamaecytisus absinthoides] вриштини | Јастребничка Чука, с. Јастребник, Чуриљак (1200-1250 m н.в.);<br>Руен, над Саса, Сокол, Горна Бачија и др. (1600-1850 m н.в.) | |
| | F3.24311 Тракиско-македонски белогаберови шибјаци | До околу 750-800 m н.в., главно на јужните падини (кочанско, пробиштипско) | **40A0 *Субконтинентални перипанонски шибјаци** |
| Тревести екосистеми | E1.332 Хелено-балкански заедници со куси треви и едногодишни тревести растенија | Над Кочани, во висина над с. Бели, Циганско Маало, Кратово-Близанци, Пробиштип-Лесново и др. | **6220 *Псеудостепи со треви и едногодишни тревести растенија од Thero-Brachypodietea** |
| | E1.833 Балкански предпланински [Nardus stricta] пасишта | Зафаќа не многу големи површини во подножјето на врвот Султан Тепе, Бабина Чешма, Сокол, Калин Камен и други (1670-1950 m н.в.) | **6230 *Пасишта со Nardus богати со видови, на силикатна подлога во планинските и предпланинските подрачја** |
| | E1.72 [Agrostis]-[Festuca] пасишта | Над манастирот "Св. Јоаким Осоговски", Калин Камен, Чуриљска Чука Тораница,Кратово – с. Каврачко, Македонска Каменица – Шамска Чука и други (1000-1400 m н.в.) | 62D0 Оро-мезиски кисели пасишта |
| | E1.73 [Deschampsia flexuosa] пасишта | Руен – Ајдучка Чешма, Сокол, Лисец и други (1500-1950 m н.в.) | |
| | E4.39 Оро-мезиски кисели пасишта | Пониква, Лопен, Мртвички Рид, Маркова Ступка, Ајдучка Чешма, Сокол, Лисец, Султан Тепе, Слана Бара, Руен и др. (1550-2250 m н.в.) | |
| | E5.4 Рабови и ливади со високи зељести растенија и папрати на влажна или водна подлога | Долж сите реки и потоци во подолните текови | 6430 Хидрофилни рабни заедници со високи зељести растенија од низинскиот до алпскиот појас |
| | E5.5 Субалпски влажни или водни состоини со високи зељести растенија и папрати | Пониква, Маркова Стапка, Султан Тепе, Каменичка Река и други | |
| | E3.31 Хелено-мезиски крајречни и влажни [Trifolium] ливади | Кочанско - Ново Село, Бела Река, Пробиштипско - с. Лесново, с. Злетово, Крива Паланка – с. Псача (670-1100 m н.в. | 6510 Низински косени ливади (*Alopecurus pratensis, Sanguisorba officinalis*) или 6540 Субмедитерански ливади со *Molinio-Hordeion secalini* |
| | E2.33 Балкански планински косени ливади | На северните падини, главно над Крива Паланка (над 900 m н.в.) | 6520 Планински косени ливади |
| | D2.3 Транзициски блата и подвижни тресетишта | Во подножјето на Султан Тепе, Слана Бара, помеѓу Мртвачки Рид и Султан Тепе, Бабина Чешма, Ајдучка Чешма и др. (1700-2000 m н.в.) | 7140 Транзициски блата и подвижни тресетишта |
| | D2.2C Тресетишта околу изворишта на кисела подлога | Доста застапен, најтипичен во субалпскиот дел (Султан Тепе - од сите страни, извориштето кај Ајдучка Чешма (под Сокол), Калин Камен, Маркова Ступка и други | Потребна е дополнителна анализа за соодвеноста со Директивата за живеалишта |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | D4.161 Средноевропски богати тресетишта со *Carex nigra* | Изворишниот дел на Каменичка Река – Ѓупска Чешма | 7230 Алкални блата |
| | D4.1I Блата со високи зељести растенија | Сокол - Ајдучка Чешма, по долниот тек на Каменичка Река - с. Саса | |
| | D5.11 Трстици обично без надземан вода | Ррeтко, фрагментирани состоини | / |
| **Карпести екосистеми** | H3.152 Карпато-балканско-родопски силикатни карпи со Silene | Најрепрезентативни се состоините на врвот Руен, на Калин Камен, во клисурата на Злетовска Река, пред с. Лесново, над брана Гратче | 8220 Силикатни карпи со хазмофитска вегетација |
| **Шумски екосистеми** | G1.A32 Источни шуми со *Carpinus betulus* | Мали површини: близу с. Ратковица; на други места во долините на реките од брегалничкиот слив (јужно експонираната страна на Осогово). | 9170 Galio-Carpinetum дабово-габерови шуми |
| | поплавни и галериски шуми | Обично се мешани со врба, таков е случајот на повеќе локалитети во долниот тек на Злетовска Река (570-600 m н.в.) | **91E0 *Алувијални шуми со *Alnus glutinosa* и *Fraxinus excelsior* (*Alno-Padion, Alnion incanae, Salicion albae*)** |
| | G1.A321 Илириски габерови шуми | На северните падини на Осоговските Планини; регистрирани се состоини во кривопаланечкиот дел, покрај патот од Крива Паланка кон Узем, но веројатно се значително позастапени | 91L0 Илириски дабово-габерови шуми (*Erythronio-Carpinion*) |
| | G1.8A Континентални горунови шуми | Континуиран појас (850-1150 m н.в.) | 91M0 Панонско-балкански церово-горунови шуми |
| | G1.691 Југозападни мезиски букови шуми | Континуиран појас (800-1700 m н.в.) | 91W0 Мезиски букови шуми |
| | G1.762 Хелено-мезиски шуми со Quercus frainetto | Појас, но поголеми површини од кочанската страна и над Македонска Каменица, по течението на Каменичка Река | 9280 Шуми со *Quercus frainetto* |
| | G1.11 Крајречни врбови шуми | Мали површини, главно во долниот тек на реките од сливното подрачје на Осоговските Планини – Бела Река, Оризарска Река, Злетовска Река, Дурачка Река, Крива Река и др. | 92A0 *Salix alba* и *Populus alba* галерии |
| | E5.3 Папрадишта со *Pteridium aquilinum* | Скоро насекаде: Св. Јоаким Осоговски, Калин Камен, Лопен, Пониква, Јастребник, Чуриљак, Раткова Скала, Ново Село-Бела Река, Саса (850-1600 m н.в.) | / |
| | G3.E Тресетишта во умерени иглолисни шуми | Само во средниот тек на Каменичка Река | **91D0 *Шумски тресетишта** |

- **Алги**

Дијатомеите (силикатни алги) можат да се сретнат на различни живеалишта како што се извори, потоци, реки, бари, блата, езера како и морски екосистеми. Досега се утврдени вкупно 248 таксони на Осоговските Планини. Во најголем дел од реките дијатомејската флора е составена од космополитски (широко распространети) видови кои се толерантни кон еутрофикација. Поразновидна и позначајна флора е утврдена во изворшините региони каде се сретнуваат поретки и загрозени видови како што се *Eunotia macedonica, Eunotia atomus, Eunotia*

*tetraodon* и други. Значајни се таканаречени екстремни живеалишта - тресетишта и влажните карпи, кои се карактеризираат со дистрофни услови, често пати со ниска pH и ниска концентрација на хранителни и растворени материи. Во вакви услови се развива специфична флора која е адаптирана на подолги периоди на суша и недостаток на хранителни материи, затоа се јавуваат многу мал број видови, но истите се исклучително интересни. Такви се на пример *Eunotia atomus, Eunotia fabaeformis*, *Pinnularia ivaloensis*, *Pinnularia rabenhorstii*, *Pinnularia submicrostauron.*

Влажните карпи се сметаат исто така за екстремни живеалишта во кои се развиваат главно аерофитни дијатомејски видови, отпорни на долги периоди на суша. Бројот на видови во нив е релативно низок, а дистрибуцијата многу ограничена. Такви видови се: *Luticola osogovoensis, Luticola quinquenodis, Achnanthes prominula, Achnanthes pseudocoarctata, Cymbopleura hercynica, Stauroneis microbtusa* и други.

- **Габи**

На Осоговските Планини регистрирани се 426 вида габи, од кои 232 вида се териколни, а 194 се лигниколни. Најголемиот број видови, (369) припаѓаат на типот *Basidiomycota*, систематизирани во педесетина различни фамилии, 49 видови припаѓаат на типот *Ascomycota* и 8 вида на типот *Myxomycota* (*Protozoa*). Во однос на таксономската припадност, најголем дел од констатираните видови припаѓаат на фамилите *Russulaceae, Mycenaceae, Tricholomataceae* и *Meruliaceae* од типот Basidiomycota. Од лишаите се познати 10 вида и сите припаѓаат на типот *Ascomycota*.

Најголем дел од податоците потекнуваат од буковите шуми (251), во дабовите шуми се собрани 82 вида, во дабово-габеровите 17 вида, додека во четинарските насади се собрани 31 вида. Во крајречните шуми и појаси од врби и тополи се констатирани 30 вида, додека надвор од шумските екосистеми, на ливади и пасишта се собрани 15 вида.

- **Растенија**

Осоговските Планини се одликуваат со богата и разновидна флора. Причините за богатството и разновидноста на флората се однесуваат на височината на планинскиот масив, географската местоположба, релјефот, геологијата, геолошката историја (особено глацијалните-интерглацијалните периоди) и разновидноста на климата. Поради овие причини Осоговските Планини се богати со ендемити и реликти, останати од глацијалниот период. Такви се падините на Руен, Сокол и Царев Врв каде можат да се сретнат високопланински реликтни и ендемични видови како: *Genista fukarekiana, Dianthus microlepis, Potentilla haynaldiana, Viola biflora, Genista depressa* subsp. *moesiaca, Moneses uniflora*, *Festuca airoides, Sedum erythraeum, Huperzia sellago, Waldsteinia geoides, Hypericum hirsutum*, *Viola gracilis, Viola biflora, Arenaria biflora, Filipendula ulmaria, Senecio subalpinus, Lilium jankae*. Од друга страна влажните и затскриени долови, кои ги има во изобилство на планината, овозможиле опстанок на многу топлољубиви, главно дрвенести видови. Таква е на пример долината на Злетовска Река и некои долови кај с. Рајчани во кои денеска се наоѓаат рефугиуми со специфични шумски заедници како што се заедниците со липи, бел габер, ореви, фиорентинското јаболко, а на едно место се среќава мала состоина со џуџест бадем. Богатството на растенија се огледа преку вкупниот број таксони – 1073, од кои повеќе од 100 пониски таксони (54 подвидови, 57 вариетети, 16 форми), кои припаѓаат на 102 фамилии, односно 424 родови.

Најголем број видови припаѓаат на евроазискиот растителен елемент (438 вида), што јасно го покажува континенталниот карактер на планината. Континенталниот карактер на растенијата на Осогово (барем во поголемиот нејзин дел) е од особена вредност за севкупното растително богатство на Република Северна Македонија, бидејќи голем дел од земјата се карактеризира со доминација на (суб)медитерански растителни елементи.

Осогово е единствената планина со бореопланински растенија во Република Северна Македонија и заради тоа некои од типичните видови за највисоките делови на рило-родопскиот масив достигнуваат во најзападниот дел на нивниот ареал само и единствено до Осогово. За некои од тие видови, Осогово е единственото или едно од малкуте наоѓалишта во Р.С. М.

Покрај тоа, на Осогово се присутни два македонски ендемити (*Verbascum lesnovoensis* и *Genista fukarekiana*), кои се и опишани од територијата на Осогово и 22 субендемични видови, присутни на територијата на Р.С.М. и во уште една до три соседни земји (Србија, Албанија или Бугарија).

- **Безрбетници**

**Дневни пеперутки (Lepidoptera):** Фауната на дневни пеперутки на Осоговските Планини брои вкупно 105 вида што претставува нешто повеќе од 50% од сите животински видови кои се среќаваат во Р.С.М. Најголем број видови се најдени во рипариските живеалишта (55 вида) и буковите шуми, чистини и раб од букови шуми (40 вида). Најзначајни локалитети, на кои се утврдени најголем број видови, се: Јастребник (27 вида), течението на Злетовска река (25 вида), Пониква (23 вида), браната Гратче (21 вида), околината на село Станци (20 вида), околината на Кочани кон Осогово (19 вида), Раткова Скала (14 вида), околината на село Тораница (12 вида) и Зеленградска Река (10 вида). На останатите локалитети регистрирани се под 10 видови.

**Вилински коњчиња (Odonata):** Регистрирани се 39 вида вилински коњчиња на Осоговските Планини, што претставува 60 % од фауната на оваа група инсекти (Odonata) во Република Северна Македонија. Најголемо разнообразие од видови е регистрирано во сливот на Злетовска Река и Кочанска Река заедно со браната Градче. Гледано од аспект на присуство на значајни видови, течечеките води (потоците и реките) се позначајни. Типичните реофилни претставници (*Cordulegaster bidentata, C.heros, C. picta, Calliaeschna microstigma, Ophiogomphus cecila, Gomphus vulgatissimus, Onychogomphus forcipatus u Calopterix virgo*) се регистрирани во потоците и реките на различна надморска висина. Непостојаните мали потоци и рекички во подножјето на планината особено на јужната страна поддржуваат присуство и развој на топлољубиви видови (*C. picta, C. microstigma u Somathochlora meriodionalis*). Браната Градче обезбедува добри услови за развој на голем број на видови, пред сѐ заради природноста на крајбрежејето, особено во северниот дел на езерото, каде се регистрирани околу 20 вида, а дел од нив се значајни видови *Coenagrion ornatum, Coenagrion pulchellum, Cordulia aenea* и *Sympetrum depressiusculum*.

**Правокрилци (Ortoptera):** На Осоговските Планини се регистрирани 77 видови на скакулци и четири видови богомолки, односно 44% од скакулците и 100% од богомолките познати за Р.С.М. Најголемиот број видови се најдени во субмедитерански отворени живеалишта (најчесто степски тип на вегетација и грмушки на варовничка подлога), каде што се среќаваат најмногу видови кои се од интерес за заштита: *Paracaloptenus caloptenoides*, *Myrmecophilus balcanicus*, *Tessellana carinata*, *Montana macedonica*, *Empusa fasciata*, *Iris oratoria*. Следен значаен тип на живеалишта се планинските и субалпските пасишта со *Metrioptera tsirojanni*, *Metrioptera arnoldi*, *Phaneroptera falcata* и *Psorodonotus fieberi*.

**Тркачи (Coleoptera, Carabidae):** На Осоговските Планини се регистрирани вкупно 246 видови тркачи, а вкупниот број видови за целиот Осоговски Масив изнесува околу 280. Оваа вредност, на видовото богатство е највисоката вредност регистрирана воопшто за фауната на тркачите кои ги населуваат планинските екосистеми во државата.

Осогово се одликува со присуство на европски видови (на северните падини, во високо-планинската зона, во горските и подгорските букови шуми) и со суб/медитерански видови (јужните падини на помала надморска височина).

Анализата на диверзитетот во одделните хабитати покажа дека отворените хабитати се карактеризираат со повисока видова разновидност. Највисока видова разновидност беше евидентирана во следниве хабитати: ливади (66), планински пасишта (62), рудерални средини (61), подгорски букови шуми (60), влажни ливади (56), ридски пасишта (48), чакалести и песочни брегови на малите потоци(35 и 35), горска букова шума (31), трски (29), тресетишта (28) и горунови шуми (27 видови).

**Пајаци (Aeaneae):** На македонската страна на Осоговските Планини, се регистрирани вкупно 450 видови од 206 родови и 38 фамилии. Со истражувањата на Осоговските Планини се

опишани два нови вида за науката: *Harpactea mariae* Komnenov, 2014 и *Typhochrestus penevi* Komnenov, 2014. Два вида се регистрирани за прв пат во Европа: *Pardosa consimilis* и *Xysticus kaznakovi*. За фауната на пајаците на Балканскиот Полуостров за прв пат се наведуваат девет видови: *Canariphantes nanus*, *Evarcha michailovi, Lessertinella carpatica, Pelecopsis laptevi, Peponocranium orbiculatum, Phrurolithus nigrinus* и *Theonina cornix*. Вкупно 145 видови за прв пат се регистрирани во Северна Македонија. Бројот на регистрирани видови (450) е висок и претставува околу 70% од фауната на пајаците на Северна Македонија.

Доминантни се широко распространетите видови (46%), проследено со европските видови (28,2%). Медитеранските (12,4%) и ендемски видови (8,2%) го истакнуваат локалниот карактер на фауната. Постоењето на 38 ендемски видови, како и висока фаунистичка разновидност, покажува дека Осоговските Планини се подрачје со значително богатство на видови.

**Водни макроинвертебрати:** На Осоговските Планини утврдо е присуство на 152 таксони, од кои 23 се нови за просторот на проектното подрачје. Два вида се нови за фауната на Северна Македонија, тоа се трихоптерите *Drusus osogovicus,* регистриран во шумското трететиште покрај река Каменица и *Rhyacophila pubescens* најден во изворишениот дел на Дурачка Река. При истражувањата утврдено е присуство на поточениот рак *Austropotamobius torrentium*, значаен вид нотиран во брзи и студени водотеци со каменито дно на седум локалитети. Во однос на фауната на водните молци, утврдување на присуството на адултните претставници, укажа на поволниот статус на реките за развој на оваа група на водни инсекти во подрачјето, таков е примерот со реткиот вид *Athripsodes bilineatus* детектиран претходно само во ларвена форма на Злетовска Река.

Локалитетите од особено значење за зачувување на приоритетни видови за заштита се: Емирачка Река, Злетовска Река, Петрова Река, Изворот на Дурачка Река, горното течение на река Каменица и Оризарска Река, кај с. Оризари, што има значаен придонес во процесот на дефинирање на зоните на строга заштита и на активно управување на подрачјето Осоговски Планини.

- **Риби**

Ихтиолошките истражувања покажаа присуство на 10 видови риби во главните водотеци од Осоговските Планини, од кои осум (8) нативни (*Salmo macedonicus, Rhodeus meridionalis, Barbus balcanicus, Squalius vardarensis, Alburnoides bipunctatus, Gobio balcanicus, Alburnus thessalicus* и *Perca fluviatilis*) и два интродуцирани видови (*Lepomis gibbosus* и *Oncorhynchus mykiss*). Притоа, девет (9) видови риби се регистрирани за водите од брегалничкото сливно подрачје и пет (5) видови риби за сливното подрачје за Крива Река. Присуството на акумулациите дава значаен придонес во видовото разнообразие на Мала Река, Голема Река и Злетовска Река, за разлика од водотеците на Крива Река каде најчести жители се пастрмката и црната мрена.

- **Водоземци**

Од вкупно 14 видови водоземци регистрирани во Македонија, 10 се регистрирани на Осоговските Планини. Од регистрираните видови два припаѓаат на фамилијата Salamadridae, еден вид на фамилијата Bombinatoridae, еден вид на фамилијата Hylidae, два вида на фамилијата Bufonidae и четири вида на фамилијата Ranidae.

Претставниците од Salamadridae и Bombinatoridae ги преферираат привремените и постојаните водни екосистеми, во ридско-планинскиот дел од масивот. Краставите жаби (фамилијата Bufonidae) ги населуваат брдските пасишта и ливадите, ксерофилните и мезофилните шуми како и високите планински пасишта на Осоговските Планини. Нивното распространување во однос на надморската висина е широко, регистрирани се од најниските до највисоките делови на масивот. Дистрибуцијата на видовите на фамилиите Hylidae и Ranidae е главно покрај речните текови и потоци, кои се слеваат од Осоговските Планини, од изворишните делови па се до ниските падини на Осогово.

- **Влекачи**

На Осоговските Планини се регистрирани 23 вида влекачи од вкупно 34 во Р.С. Македонија. Во споредба со податоците од литературата, не е констатирана само степската боа *Eryx jaculus*, додека дополнително е утврден леопардовиот смок *Zamenis situla*.

Од претставниците, кои се евидентирани за Осоговскиот масив два вида припаѓаат на фамилијата Testudinidae, еден вид на фамилијата Scincidae, еден вид е од фамилијата Anguidae, шест (6) видови припаѓаат на фамилијата Lacertidae, еден вид на фамилијата Boidae, еден вид на фамилијата Typhlopidae, 9 видови припаѓаат на фамилијата Colubridae и два вида на фамилијата Viperidae.

Дистрибуцијата на влекачите во подрачјето зависи од преференците кон живеалиштата и надморската висина. Така, во ниски ливади, брдски пасишта и отворени дабови шуми, кои се простираат до 900 m н.в. се застапени најголем број од видовите на влекачите и тоа: *T. graeca, T. hermanni, A. кitaibelii, A.fragilis, P. erhardii , P. muralis , L. trilineata, L. viridis, E. jaculus, T. vermicularis, C. austriaca, D. caspius, E. quatuorlineata, P. najadum, Z. situla, Z. longissimus, M. insignitus, N. natrix, N. tessellata* и *V. ammodytes*. Во ливади, мешани и букови шуми, кои се простираат помеѓу 900 до 1600 m н.в., се застапени видовите: *A. fragilis, P. erhardii , P. muralis , L. viridis, C. austriaca, D. caspius, Z. longissimus, N. natrix, N. Tessellata* и *V. ammodytes*. Додека во високи планински пасишта, кои се простираат од 1600 до 2252 m н.в. се среќаваат најмал број видови на оваа класа и тоа: *P. muralis , L. agilis, Z. vivipara, N. natrix* и *V. berus*.

- **Птици**

Во ЗПр „Осоговски Планини“ и неговото најблиско опкружување се регистрирани вкупно 141 видови птици. Од нив, за седум (7) видови постојат само литературни податоци. 118 видови гнездат во поскорешниот период (2004-2018).

Видовите припаѓаат на 43 фамилии и сочинуваат 44,3% од вупниот број видови птици потврдени за Северна Македонија (318). Имајќи го предвид скоро целосното отсуство на поголеми природни водни живеалишта во границите на истражуваното подрачје, можеме да заклучиме дека станува збор за невообичаено голем број на видови, кој се должи на големиот висински појас кој го опфаќаат Осоговските Планини и разновидноста на живеалишта кои се среќаваат. Отсуствуваат типично алпски видови поврзани со камењари, а во нискиот појас присутни се типични степски и медитерански видови.

Другите позначајни видови се: египетскиот мршојадец *Neophron percnoprterus*, царскиот орел *Aquila heliaca*, планинскиот сокол *Falco biarmicus*, сивиот сокол *Falco peregrinus*, златниот орел *Aquila chrysaetos*, лисестиот глувчар *Buteo rufinus*, црниот штрк *Ciconia nigra*, орелот змијар *Circaetus gallicus*, крексот *Crex crex*, црвеногушестото и шареното муварче (*Ficedula parva* и *Ficedula semitorquata*, белогрбиот клукајдрвец (*Dendrocopos leucotos*) и други.

Најбогати со видови се дабовите шуми (со малите чистини кои редовно се дел од ова живеалиште), каде се среќаваат дури 94 од сите регистрирани видови птици, при што 71 вид (веројатно, возможно или сигурно) гнездат. Второ по богатство живеалиште на видови се буковите шуми, каде се среќаваат 59 видови, од кои 45 се возможни, веројатни или сигурни гнездилки. На планинските пасишта се регистрирани 43 вида, од кои само 22 гнездат, а голем број видови – 34 – се среќаваат и во ридските пасишта, од кои 22 вида гнездат во ова живеалиште. Култивираните живеалишта ги населуваат 35 видови птици, од кои 26 гнездат. Литиците беа издвоени како посебно живеалиште, првенствено заради нивното значење. Најважен комплекс е оној на Раткова Скала, со долината на потокот Ештерец и Орлов Камен кај с. Зеленград. Иако се присутни малку видови (22), скоро сите (19) гнездат, а голем е бројот на приоритетни видови за заштита.

- **Цицачи**

Земајќи ја предвид бројката на видови од литературни податоци и од теренските истражувања, вкупниот број на видови цицачи регистрирани во ЗПр „Осоговски Планини“ изнесува 44, што претставува околу 51% од вкупниот број на видови во Република Северна Македонија, заедно со ново пронајдените. Од големо значење е идентификуваното присуството на пет нови видови

на цицачи за Осогово кои не беа утврдени со претходните истражувања на овој регион. Од нив, четири се лилјаци (*Miniopterus schreibersii, Pipistrellus pygmaeus, Eptesicus serotinus* и *Myotis blythii*), а петтиот е јужната пољанка (*Microtus hartingi*). Би го издвоиле и присуството на мечката *Ursus arctos*, надвор од главниот ареал на распространување во Северна Македонија. Според анкети, од подрачјето во текот на 1970-ите години е исчезнат рисот (*Lynx lynx*), а неговата подвидова припадност не е позната.

## 4.9. Пределска разновидност

*Брегов рурален предел со меѓи*: Релјефот во овој предел не е разновиден; се состои од зарамнети површини и брановидни ридести терени на надморска височина до 700 m. На јужните падини се развиваат циметни шумски почви, а на северните (похумидни) - кафеави шумски почви. Ерозијата и еродираните површини се честа појава. Како и почвите, така и климата се разликува помеѓу јужните падини (модифицирана медитеранска клима) и северните падини (топла континентална клима). Почвените и климатските карактеристики го условуваат (но, во исто време се условени од) развојот на различни шумски заедници. На јужните падини се среќаваат шуми од белиот габер и дабот благун (*Querco-Carpinetum orientalis*), а на северните шуми од дабовите плоскач и цер (Quercetum frainetto-cerris macedonicum) и состоини од црн габер (*Ostrya carpinifolia*). Најголем дел од шумите на јужните падини се деградирани заради човечки активности и се претворени во пасишта, земјоделски површини и најголем дел од населбите се сместени тука. Така, матриксот е претставен од обработливи површини, а петната со населби и расцепкани субмедитерански шуми од благун и габер, а коридорите не се континуирани.

*Ридест отворен предел*: Потенцијалната вегетација е многу слична со таа на претходниот предел. Разликите се во релјефот (доминантно ридест, наместа пресечен со длабоки долови). Овој предел бил под силно антропогено влијание што довело до скоро целосна деградација на природните живеалишта. Заради миграцијата на луѓето и напуштањето на обработливото земјиште, денес во овој предел доминираат брдските пасишта. Матриксот е претставен со отворени и деградирани површини, а петната со расцепкани субмедитерански шуми, додека функционални коридори има покрај потоците и реките. Во рамките на овој предел може да се одвои и посебен поттип, окарактеризиран со присуство на камењари. Во овој поттип се среќаваат бројни значајни видови растенија.

*Предел на нискостеблести (топлољубиви, аридни) листопадни шуми:* Релјефот на овој предел е многу разновиден. Се состои од благи до коси падини, но и многу стрмни падини. Карактеристични се циметни и кафеави шумски почви врз силикатен супстрат, како и литосоли, регосоли и камењари. Овој предел се среќава на височина помеѓу 700 и 1000 m н.в. Потенцијалната вегетација е претставена со термофилни благуново-габерови шуми, плоскачево-церови шуми и состоини од црн габер на јужните падини. На северните падини не се присутни благуново-габеровите шуми, а во доловите се јавуваат и подгорски букови шуми (*Festuco heterophylae-Fagetum*). Вегетацијата на јужните падини е видоизменета до полуприродна, додека на северните падини се среќаваат полуприродни екосистеми. Земјоделството е помалку или повеќе интензивно на јужните падини и екстензивно на северните. Матриксот е составен од шуми, главно субмедитерански благуново - габерови и плоскачево - церови шуми. Помеѓу нив се наоѓаат голем број напуштени ливади.

*Осоговски планински рурален предел*: Релјефот е униформен, претставен од средно до стрмни падини, долови и долини. Доминантни се кафеавите шумски почви, но се среќаваат и камењари. Осоговскиот рурален предел се простира на поголема надморска височина (1.000-1.400 m н.в). Климата е топла континентална (јужни) и континентална (северни падини). Доминантни заедници на јужните падини се шуми од дабот горун (ass. *Orno-Quercetum petraeae*), како и состоини од црн габер (во доловите се развиваат подгорски букови шуми). Буковите шуми (подгорски - *Festuco heterophyllae-Fagetum* и горски - *Calamintho grandiflorae-Fagetum*) се доминантни на северните експозиции. Јужните и северните падини се под силно човеково влијание и се повеќе или помалку видоизменети до полуприродни. Северните падини се помалку изменети и се полуприродни до природни. Земјоделството е екстензивно. Позастапено е

сточарството, но може да се најдат и мали ниви со компири и ’рж. Овој предел е слабо населен. Населбите се од разбиен тип, а куќите се групирани во мали маала. Некои од нив се слабо населени, а поголемиот дел се веќе напуштени. Матриксот е составен од ретко пошумено земјиште од главно плоскачево - церови, горунови и букови шуми. Низ нив се наоѓаат петна од маала, ливади, ниви и пасишта.

*Предел на планински широколисни шуми:* Пределот на планиниски широколисни шуми се простира на височина помеѓу 1.400 и 1.800 m. Релјефот се карактеризира со умерено до стрмни падини и долови. Доминантни почви се кафеавите шумски почви. Климата е континентална до планинска. Главно живеалиште се горските букови шуми (ass. *Calamintho grandiflorae-Fagetum*) и тоа на сите експозиции, заедно со секундарни пасишта кои се формирале на голосеците. Шумите имаат природен до полуприроден изглед. Горуновите шуми се доминантни на помала надморска височина. Застапено е екстензивното земјоделство - ниви на компири и ’рж и од сточарството (овчарство и одгледување на крупен добиток). Матриксот се состои од шуми (горунови и букови).

Голем број парцели се пошумени и со иглолисни видови (дуглазија, ела, ариш и сл). Шумите се интензивно управувани заради добивање на огревно и техничко дрво. Покрај шумските живеалишта, тука се среќаваат и петна од напуштени ниви, како и пасишта.

*Предел на силикатни планински пасишта*: Планинските пасишта се типични за највисоките делови на Осоговските Планини (Калин Камен, Султан Тепе, Руен). Тие имаат секундарно потекло бидејќи се настанати со уништување на природната шумска вегетација која тука некогаш постоела. Покрај пасиштата, во овој предел се среќаваат и вриштини (главно боровинки и брукенталија). На некои места се развиваат и тресетишта врз тресетни почви (хистосоли). Камењари на Осоговските Планини има многу малку. Климата е планинска. Човековите активности вклучуваат главно овчарство, но што е интересно и рударство (и тоа под највисокиот врв Руен). Матриксот го даваат планинските пасишта и вриштини, а на некои места и тресетишта. Петната се претставени од заедници со високи треви, особено покрај изворите и потоците.

## 4.10. Културно наследство

Според прифатените норми за категоризација на културно наследство, Осоговијата (Осоговскиот планини масив) се вбројува во региони со значајни културни вредности. Географскиот простор на Осоговијата го зафаќа североисточниот дел од Република Северна Македонија, додека во однос на етничките граници на Македонија, се наоѓа помеѓу македонско-српската граница (Славишка Котлина, Средорек, Злетовско Поле, Кочанската и Пијанечката Котлина) и македонско-бугарската граница. Дел од подрачјето е идентификувано и како културен предел во рамки на Република Северна Македонија. Познатите Манастири Св. „Гаврил Лесновски“ и Св. „Јоаким Осоговски“ имаат национално културно значење и вредност, тие се заштитени верски објекти исто така согласно Законот за заштита на културното наследство (Службен Весник на РМ бр.20/04 и соодветните измени и дополнувања). Манастирот Св. „Гаврил Леснвски“ и културниот предел во атарот на Лесново влегува во границите на предлог ЗП „Осоговски Планини“, а Св. „Јоаким Осоговски“ е во близина на подрачјето, на северната страна. На картата се прикажани заштитените и незаштитените археолошки наоѓалишта, верски објекти и останати добра кои се наоѓаат во границите на предлогот.




**Слика 18** Културно наследство во рамки на предлог ЗП „Осоговски Планини“

Археолошките остатоци во цела Осоговија зборуваат за дамнешна претходна населеност низ разни временски периоди со сопствена развиена култура на живеење. Во опкружувањето на 40 рурални средини се евидентирани повеќе од 120 археолошки наоѓалишта од неолитот до среден век. Истиот простор го продолжува континуитет на живеење се до денес, во период од околу 9000 години, што остава простор за неисцрпни истражувања. Поволната географска положба и природните услови придонеле Осоговието да биде населено уште од предримската епоха од Пајоните. По освојувањето од римјаните во 168 година пр.н.е.па се до крајот на доцната антика административните граници на римската провинција Македонија честопати биле прекројувани, со задржување на географско-етничкиот поим. Потоа, регионот на Осогово бил во гранична зона со Тракија, по пропаѓањето римската провинција Македонија, административно влегува во Makedonia Salutaris и Dacia Mediteranea. Кај античките историчари и географи се споменуваат и стари антички градови, од кои Транупара според најголем дел од истражувачи се сместува во регионот на Осоговието. Во доцноантичкиот и рановизантиски период се случиле големи популациски поместувања, така што овој простор бил изложен на постојани напади, населувања и расселувања.

Најголем дел од детерминираните археолошки локалитети на Осоговијата потекнуваат од доцноантичкиот период. Осоговието е значаен рударски центар уште во античко време, а преку него поминувал и дијагоналниот пат, кој директно го поврзувал градот Стоби со Пауталија. Многу често при административните поделби во Осоговскиот регион бил граничен регион, со поставување и на гранични стражи. Најбројни се наоѓалиштата од доцна антика и рановизантискиот период, според Археолошката карта на Република Северна Македонија (том II од 1996 година), тие се со посебна специфика во градењето на утврдувања: кастели, бургови, гранични и крајпатни, како и рударски стражи за обезбедување и заштита. Појавата на ваквите утврдувања е во тесна врска со уредувањето на војската во Царството, бидејќи локалните лимеси во провинциите биле градени за заштита на патиштата, границите и рударските ревири. Еден од локалните лимеси кој се протегал по долината на Брегалница продолжувал низ Осоговието. Од движен наод на археолошките наоѓалишта изобилува најмногу фрагментирана керамика, цели помали садови и питоси, градежна керамика: имбрекси, тегули, тули и друг градежен материјал, камени и мермерни плочи и блокови, траги од обработка на

руда: топилници, згури, железни предмети, како и бројни монети, со различни вредносни апоени, и  од различни ковници и периоди на ковање.




**Слика 19** Археолошки наоѓалишта на Осоговските Планини

Целиот простор не завршува со политичките граници на Република Северна Македонија, туку етничката култура на Осоговијата продолжува и во Република Бугарија, а еден помал дел и во Република Србија. Македонскиот дел од просторот, денес припаѓа на повеќе административни целини, кои од аспект на делување се засебни, но многу лесно е возможно нивно поврзување во многу сегменти. Дел од вакви поврзувачки активности делумно се направени, за некои е направен обид, но можностите не се искористени во доволна мера, особено од делот на културно-историско-етнографското поврзување. Токму припадноста кон просторот Осоговија е нивниот заеднички именител, преку кој може да се истражи и прикаже културното живеење во просторот (Мирчевска, 2012 - сепаратна студија). Во време на српскиот крал Стефан Душан, епископското седиште од Мородвис било префрлено во Злетово, а административен управник станал големиот војвода, подоцна деспот Јован Оливер. По неговата смрт Осоговието влегува во териториите, управувани од Дејановци (Јован Драгаш и Господин Константин) се до 1395 со потпаѓањето под Турска власт. До 1878 година, областа влегува во Ќустендилски санџак, до потпишување на Санстефанскиот мировен договор и подоцна до балканските војни. Спомената целина била средиште на засилено ајдутство од втората половина на XIX век до првата половина на XX век. Во народното творештво е опеана Румена војвода, со посебен значење меѓу локалното население. По поделбата на оваа административна област на три дела, македонскиот дел се разгледува како посебна целина, во научните кругови прифатена како македонско-шопска етнографска група.

Македонскиот дел од Осоговијата како етнографски простор, покажува изразени локални етнографски засебности, иако во минатото многу повеќе биле присутни вкрстувачки елементи во етнографските обележја поради лимитрофниот карактер на областа. Низ овој простор во минатото поминувале важни трговски и воени патишта, како Стамболскиот пат кој од Медовскиот Залив преку Скопје, Ќустендил и Самоков, водел до Цариград. Од овој пат се издвојувал Велешкиот пат преку кој областа се поврзувала со Овче Поле и Велес. По високите била на Осоговијата постоел пат кој тргнувајќи од Кратово преку Царев Врв и Руен, водел до Ќустендил. Од Кочани преку Царев Врв, по билото Д’лги Дел одел Паланечкиот пат за Крива

Паланка. Преку овој пат, Кочани бил поврзан со Ќустендил. Ваквата патна мрежа била важен фактор за континуирана населеност на просторот низ историските времиња. Овде е населена една од најпознатите етнички групи на Балканот – Шопи, кои имаат засебности во дијалектот, во психолошките особини, во социјалната, материјалната и духовната култура. Од етнолошки аспект, дел од областа го носи името Шоплук, кој денес се протега во три држави – Северна Македонија, Бугарија и Србија. Денес населението од планинските предели на Осоговијата преку миграциите се меша со низинското, при што се одвиваат етногенетски процеси, со етничко проникнување помеѓу шопските и брегалничките простори, што резултира и со делумни промени во културното живеење. Населените места, селата, претежно се од разбиен тип, каде куќите се на поголема меѓусебна оддалеченост, а помал број на населени места се села од збиен тип.

Така, во кратовско - злетовската област постојат неколку елементи од културата на пределот кои се несомнено важни за целото културно наследство на Северна Македонија. Градот Кратово, самиот за себе е музеј под ведро небо со градби кои во друго место не се среќаваат (средновековни мостови и кули, градската архитектура, занаетчиска улица, стар амам). Од материјалната култура на кратовчани, треба да се спомене и храната како важен сегмент (кратовска пастрмајлија, мед и к'цана сол). Во Градот постои здружение за истражување на карпеста уметност, која во Осоговијата е особено присутна. Црквата Св. Ѓорѓи Кратовски го носи името на македонски светец кој важи за најпознат македонски светител - маченик во православниот христијански свет и заштитник на градот.

Централен духовен, религиозен објект во овој простор е манастирскиот комплекс посветен на македонскиот светец Св. Гаврил Лесновски во Лесново. Во манастирот живее постојан машки монашки ред, кој практикува засебен христијански духовен типик. Дел од тоа е испосништвото во околните пештери. Во околината на селото Лесново се обработувале и ваделе најдобрите воденички камења, кои се користеле низ цела Македонија. Лесновскиот манастир бил и еден од позначајните книжевни центри во државата.

Лесновски манастир, Св. Гаврил Лесновски е еден од најзначајните и најубавите средновековни и сакрални споменици на културата, не само во Република Северна Македонија туку и пошироко кој плени со своето богатство и содржини на Иконостасот и фреско-сликарството. Настанувањето на манастирот се поврзува со животот на пустиникот Гаврил Лесновски.

Кочанскиот дел од Осоговијата поседува предуслови за развој на сточарството, одгледување на кози и овци. Овој начин на стопанисување овозможува развој на карактеристична, пред сè материјална култура, но прави разлики и во социјалната и духовната култура. Може да се издвојат две населени места со специфична рурална архитектура: Шталковица и Рајчани. Во селото Рајчани е зачувана комплетна традиционална архитектура на објектите за живеење и на стопанските објекти. До с. Пантелеј се наоѓа манастирскиот комплекс Св. Пантелејмон со одличен простор каде на 8-9 август се одржува голем црковно-народен собор, кој ги собира не само луѓето од Осоговијата туку и посетители од целата Македонија. Над селото Бели се наоѓа манастирскиот комплекс Св. Илија кој е веќе уреден. Како дел од природното наследство, но заради неговата важноста во народната традиција, не помалку важен како духовно културно наследство, се издвојува стариот даб. Селската архитектура на Бели исто така е специфична бидејќи можат да се видат куќи во целост изградени од камен, но и такви каде преовладува плитарот и бондрук техниката на градба.

Делот на Осогово, во рамките на општина Македонска Каменица, исто така има неколку важни културно-историски и туристички можности. Пред сè, внимание заслужува традиционалниот црквено-народен собор кој се одржува на 3-4 јуни за денот на празнувањето на Св. Константин и Елена. До црквата Пресвета Богородица, која се наоѓа под селото Цера во местото викано Еленец, води асфален пат. Оттука, патот продолжува до Царев Врв и понатаму до Руен од каде може да се спуштиме до Саса – позната рударска населба од времето на Саситe кои биле старо германско рударско население. За важноста на рудаството сведочи и големиот празник на Успение на Пресвета Богородица (28 август) кој истовремено е ден на рударите и ден на

Општината Македонска Каменица. Етнолошкото културно наследство на овој дел од Осоговијата особено е потенцирано со присуството на народни свирачи и изработувачи на ќемане – стар жичен музички инструмент.

Во кривопаланечкиот дел од Осоговијата се присутни два локалитети кои се наоѓаат на Дурачка Река во с. Станци и с. Дурачка Река. Во Станци има воденица и валавица, а во Дурачка Река постои еден археолошки локалитет. Исто така во Градец има средновековен археолошки локалитет според кој може да се утврди потеклото на урбаниот живот во тоа време. Исто така овој локалитет е поврзан со македонскиот светител Јоаким Осоговски, кому му е посветен Осоговскиот манастир, Св. Јоаким Осоговски изграден во 1848 година, на местото на стара црква, а се наоѓа на патот кон с. Варовиште. Во кругот на манастирот е и црквата Рождество на Пресвета Богородица од XI век. Од етнолошки аспект, просторот изобилува со локална понуда, материјална култура манифестирана преку градежната традиционална техника, преку надалеку прочуените паланечки ѕидари; потоа преку народната носија и особено преку храната - паланечки симит, кој никаде во Северна Македонија не се подготвува. Кон запад од Крива Паланка се наоѓаат селата Конопница, Мождивњак, Псача и Опила каде дел од овие села имаат првобитни селишта високо на планината. Особено се издвојува манастирот на Св. Злата Мегленска во Нежилово.

## 4.11. Материјални добра

Во руралните населени места постојат издвоени индивидуални системи за водоснабдување кои главно се обезбедуваат со изворски и подземни води, а често пати користат и површински води. Потребата за вода за пиење во другите населени места во општините на предлог ЗП „Осоговски Планини“ е организирани преку локалните системи за водовод и бунари. Само градските средини се снабдуваат од посебни системи. Градот Македонска Каменица се снабдува со вода за пиење од бунари и филтер станица во атарот на село Саса. Пробиштип се снабдува со вода од хидросистемот Злетовица, додека пак Кратово од браната Кнежево. Крива Паланка се снабдува со вода за пиење од Крива Река.

Квалитетот на водата за пиење во урбаните населби се следи систематски и континуирано, додека во руралните места тоа не се прави редовно. Потребата од вода за наводнување, особено е изразена во селските населби. За оваа намена се користи дел од водата за пиење, создавајќи недостаток во летниот период. Вода за наводнување во градот Крива Паланка се користи исклучително од градскиот водовод, односно од водата за пиење.

Градовите се во добар дел покриени со канализациона мрежа, но во селата во предлог ЗП „Осоговски Планини“ не постои систем за третман на отпадните води, односно истите непречистени се испуштаат во водните тела или се собираат во индивидуални септички јами.

Сите населени места во предлог ЗП „Осоговски Планини“ се електрифицирани и целата област во сите општини е покриена со мрежа за мобилна телефонија.

Повеќето населени места во предлог ЗП „Осоговски Планини“ се поврзани со асфалтирани патишта, а заради разбиениот тип на села, некои села имаат само пристапен пат, но внатрешно се поврзани само со неасфалтирани патишта. Постојат и мал број неасфалтирани патишта но тие служат само за експлоатациони цели на шумските стопанства.

Во суштина, постои релативно задоволство од патната мрежа меѓу селата во предлог ЗП „Осоговски Планини“, но не и од патната инфраструктура која постои во рамките на самите села. Бидејќи добар дел од овие патишта се општински, квалитетот и одржувањето е далеку под нивото на државните патишта, кои пак се одржувани од посебно јавно претпријатие со посебни средства и приходи. Поставеноста на патиштата низ Осогово е централизирана кон урбаните центри кои се најголемите населби во општините од осоговскиот крај.

Недостатокот на квалитетна патна, водоводна, одводна, образовна, здравствена, социјална и друга инфраструктура дава значителен придонес кон процесот на иселување на населението од овие населени места. Тоа е една од главните причини за нискиот квалитет на живот и релативно традиционалните услови за живеење во овие населени места.

## Сообраќајна инфраструктура

Според географската положба што ја зазема, Осоговскиот Масив, долж својата рамка, е солидно поврзан со патна инфраструктура, и тоа во северниот дел со меѓународниот коридор Е8, во јужниот дел со магистралниот пат Штип – Кочани и во продолжение кон Македонска Каменица. Во западните делови на планината е регионалниот пат кој ги поврзува општините Чешиново-Облешево, Пробиштип и Кратово.

Преку меѓународниот коридор Е8, од Ќустендил, преку Деве Баир, Крива Паланка, и понатаму кон Куманово, од Крива Паланка преку локални патишта, може да се влезе во внатрешноста на планината кон манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, како и кон населбите Дренак и Каврак. По Ранковце, овој меѓународен пат се поврзува со регионалниот пат кој оди до Кратово и Злетово, а до овие населени места може да се дојде и од југ, од Кочани, или Штип. Во јужниот дел на планината, градот Кочани е солидно поврзан со локален пат кој оди до месноста Пониква на Осогово. Од Кочани, преку локален пат може да се дојде и блиску до населбата Полаки, а од Македонска Каменица до населбите Цера, Саса и Протоѓерци.

Локалната патна мрежа на Осоговските Планини е релативно добро развиена. Поголемиот број од селата во планински предели се поврзани со солидни асфалтни патишта, а преку шумски патишта достапни се скоро сите делови од територијата на планинскиот масив. Пред граничниот премин Деве Баир, од северната страна на Осоговските Планини, кај Јанчевци постои локален пат кои води кон рудникот Тораница, од каде со дозвола од рудникот може да се стигне до извоишниот дел на Крива Река и врвот Руен. Локален асфалтен пат од Кратово води до Мушково и Нежилово, кој како шумски пат продолжува по билото се до кривопаланечко. Од Злетово кон внатрешноста на Осогово може да се навлезе до новоизградената брана „Кнежево“ и селата Јамиште и Којково. Јужните падини на планината се достапни преку локалниот пат до Пониква, а добро се поврзани и селата во подножјето на планината Бели, Нивичани, Пантелеј кои преку Рајчани се поврзани со пробиштипските села и градот Пробиштип. Од Кочани до Крушка постои асфалтен пат, кој понатаму како земјен пат продолжува до Полаки и Костин Дол, и преку широк земјен пат оди до највисоките врвови и била. Широк земјен пат води низ ниските делови од планината и ги поврзуваат селата Оризари, Пресека и Цера и од таму со Македонска Каменица.




**Слика 20** Патна инфраструктура

## Енергетска инфраструктура

Енергетската инфраструктура е значајна за економскиот и социјалниот развој на Осоговскиот Регион. Од енергетските потенцијали во подрачјето од интерес се користат само обновливите извори на енергија, како огревното дрво и дрвните отпадоци, кои во најголем дел се користат од малите потрошувач, односно домаќинствата (Просторен план на ИПР 2014-2030). Во врска со користење на дрвото како енергетски ресурс доста добро е развиена мрежата од шумски и асфалтни патишта кои се користат при транспорт на дрвната маса.

Користењето на геотермалните води како извор на енергија е застапен во Кочанскиот геотермален базен, но предлог подрачјето за заштита „Осоговски Планини“, територијано не зафаќа во овој базен. Исто така и користењето на сончевата и ветерна енергија е присутна во низинските делови, но не е застапена во подрачјето од интерес.

Хидропотенцијалот на Осоговскиот Регион се користи за производство на електрична енергија. Во близина на подрачјето се наоѓа ХЕЦ „Калиманци“. Во предлог подрачјето за заштита Осоговски Планини се наоѓа акумулацијата „Кнежево“ и хидросистемот „Злетовица“, еден од најзначајните водостопански објекти во источниот дел на Северна Македонија, со намена првично за снабдување на населението со вода за пиење и наводнување на зејоделски површини и планирано е да се користи и за производство на електрична енергија. Во границите на предлог ЗП „Осоговски Планини“ на Оризарска Река предвидена и започната е изградба на Акумулацијата Речани која ќе ги зафати водите на Бела и Црна Река, чија намена ќе биде водоснабдување, наводнување и производство на електрична енергија.

Во подрачјето од интерес на следните реки: Ештерец, Зеленградска, Станечка и Крива Река веќе се изгардени МХЕЦ, а на неколку реки планирана е градба на МХЕЦ. Долниот тек на реките, кои се слеваат од Осоговските Планини во голем дел се користат за производство на електрична енергија и имаат инсталирана соодветна инфраструктура.

На Осговските Планини, добро е развиена мрежата за пренос на електрична енергија до сите населени места, истата се врши преку преносна и дистрибутивна мрежа. Во предлогот за заштита, енергетската инфраструктура е претставена со надземна дистрибутивна електрична инфраструктура. Трафостаниците со голема моќност се лоцирани во градовите.

## Телекомуникациска инфраструктура

Во однос на комуникациската инфраструктура во предлогот за воспоставување на заштитено подрачје на Осоговските Планини поставени се само базни станици за електронска комуникација односно мобилна телефонија. Радио и телевизиските станици се лоцирани во градските подрачја.

## Управување со отпад

Во Североисточниот регион управувањето со отпадот опфаќа негово собирање, транспорт и депонирање главно од јавните комунални претпријатија (ЈКП), и приватни концесионери. Во овој регион се регистрирани 5 комунални претпријатија. Депонирањето на цврстиот отпад во Североисточниот регион се врши на локалните односно општинските депонии кои за жал не ги задоволуваат ниту основните санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Урбаните општини се релативно добро покриени со комунални услуги за собирање и депонирање на отпадот, додека руралните средни се недоволно покриени што најчесто доведува до создавање на диви депонии.

Во следната табела се прикажани податоците за движењето на создадениот отпад во Североисточниот регион во период 2015-2019-та година.

**Табела 21** Создаден отпад во тони за период 2015 – 2019

| Создаден отпад во тони | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 786.182 | 796.585 | 786.881 | 854.865 | 915.943 |
| Североисточен регион | 83.059 | 93.258 | 91.298 | 98.695 | 62.136 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество на регионот во (%) | 10.56% | 11.71% | 11.60% | 11.55% | 6.78% |

Локалните односно општински депонии, кои не ги задоволуваат ниту основните санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Во овој регион постојат 17 депонии, евидентирани согласно Националниот план за управување со отпад, а кои според ризикот за загадување на животната средина се класифицирани на следниот начин: 3 депонии - висок ризик; 8 депонии - среден ризик и 6 депонии - низок ризик.

Депонии со висок ризик:

- „Таринци” општина Карбинци
- „Карбинци” општина Карбинци
- „Радање” општина Карбинци

Депонии со среден ризик

- „Каменички рид” општина Мак. Каменица
- в. Дуброво „Буцето” општина Виница
- „Суви Дол” општина Пехчево
- „Иљадин Валог” општина Берово
- „Почивало” Блатец, општина Виница
- „Прогон” општина Чешиново-Облешево
- „Крстот” општина Штип
- „Острец” општина Делчево

Депонии со низок ризик:

- В.Накази „Стрмос” општина Пробиштип
- „Мелиште” Злетово, општина Пробиштип
- „Крупиште” општина Карбинци
- „Белски Пат” општина Кочани
- „Бел Камен” Оризари, општина Кочани
- В Пенуш „Трестена Скала” општина Штип

Покрај општинските депонии, постојат и голем број на т.н. диви депонии. Дивите депонии се особено застапени во руралниот дел и претставуваат дополнителна закана за животната средина. Бројот на диви депонии во регионот изнесува 171. Во голема мера овие диви депонии настануваат поради тоа што голем дел од руралните населби не се опфатени со услугата за подигање и депонирање на цврстиот комунален отпад.

Во мометот нема достапни податоци за третманот на отпад во населените места на територијата на Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

# 5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДРАЧЈАТА КОИ БИ БИЛЕ ЗНАЧАЈНО ЗАСЕГНАТИ И СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕНИОТ ПРЕДЕЛ „ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ“

| СОЖС област | Население |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во Регионот** | Во текот на последните децении, Регионот беше соочен со бројни предизвици, поврзани со населението, како и социјални и економски услови, кои имаат директно влијание врз демографските трендови. Тие потекнуваат и се последица од следните услови:<br>• Економски разлики во Регионот;<br>• Недостаток на промоција и можности за инвестирање во Регионот;<br>• Неповолна демографска структура во делови од Регионот, со потенцијали за рурален развој;<br>• Голема концентрација на населението во урбаните центри;<br>• Невработеност и низок животен стандард;<br>• Одлив на високо квалитетен кадар;<br>• Недостаток на анализа за потребите на пазарот на трудот;<br>• Ниска еколошка свест;<br>• Недостаток на здравствените и социјалните установи, особено во руралните средини;<br>• Недостаток на база на податоци за социјален развој. |
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти на ЗП „Осоговски Планини“** | Во рамките на Заштитениот предел и неговото опкружување се идентификувани следните состојби, трендови и закани:<br>• Негативна стапка на природен прираст;<br>• Константно намалување на вкупниот број жители;<br>• Стареење на популацијата;<br>• Нагорен тренд на миграции, односно емиграција на младата популација;<br>• Неусогласеност на образовната структура со потребите на пазарот на трудот;<br>• Низок животен стандард и неизвесна идна егзистенција на населението;<br>• Недоволно развиени бизниси и нефункционални пазарни механизми;<br>• Отсуство на планови за привлекување на нови инвестиции;<br>• Слаба промоција на можностите за туризам;<br>• Недостаток на маркетинг на локални производи;<br>• Отсуство на население/домаќинства кои ќе се вклучат во развој на селскиот туризам;<br>• Недоволна застапеност на објекти од здравствена заштита во однос на потребите на населението;<br>• Невработеност;<br>• Недостиг на инвестиции;<br>• Намалување на земјоделските активности особено во сточарството;<br>• Недоволна диверсификација на земјоделските гранки;<br>• Ниска додадена вредност на производите;<br>• Низок степен на комунална култура и хигиена;<br>• Непостоење на категоризирани пакет туристички понуди;<br>• Неорганизираност на приватните сместувачки капацитети;<br>• Недоволно одржување на скијачките патеки во зимскиот период;<br>• Недостаток на туристичка понуда за нескијачи во зимскиот период;<br>• |

| СОЖС област | Здравје на населението |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во Регионот** | Дивите депонии во близина на населените места, лошиот квалитет на воздухот, недостаток на канализациона мрежа и пречистителни станици за третман на комунални и индустриски отпадни води, несоодветно користење на земјиштето и негова урбанизација резултира со појава на емисии на загадувачки материи во воздухот, водите и почвата со надминување на дозволените вредности, предизвикувајќи закани за здравјето на луѓето. Постојните практики на отстранување на отпадот во Регионот не се во согласност со техничките и еколошките стандарди, т.е. дивите депонии претставуваат ризик во поглед на загадувањето на воздухот, почвата, површинските води и подземните води, како и потенцијални ризици за земјоделското земјиште и здравјето на луѓето. |

| | |
|---|---|
| | Нарушениот квалитет на воздухот е една од причините за зголемена појава на белодробни и канцерогени болести. |
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти ЗП „Осоговски Планини“** | Иако во градовите, како и поголемите населени места, се обезбедува здравствена заштита преку мрежа на јавни и приватни здравствени установи, сепак нема достапни  податоци за здравствената состојба на населението во Заштитениот предел. |

| СОЖС област | Воздух |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во ЗП „Осоговски Планини“** | Во однос на анализите на квалитетот на воздухот во Регионот се утврдени следните состојби:<br>• Недостаток на мониторинг систем за следење на состојбата на животната средина;<br>• Незадоволителни санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на цврст комунален отпад;<br>• Делумно организирани мерења кои не се систематизирано достапни;<br>• Недостаток на студии за искористување на обновливите извори на енергија;<br>Во границите на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ нема поставени мерни станици за следење на квалитетот на амбиентниот воздух, заради што не може да се утврди состојбата со квалитетот на воздухот, ниту пак да се воочи трендот на промени во изминатиот период. |

| СОЖС област | Климатски промени |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во ЗП „Осоговски Планини“** | Во Република Македонија, емисиите на стакленички гасови од секторите енергетика, сообраќај, индустрија, земјоделство, отпад се идентификувани како најголеми емитери кои придонесуваат кон климатските промени.<br>Врз основа на резултатите од моделирањето на сценаријата за климатски промени за периодот до 2100 година, може да се заклучи следното:<br>• Веројатно е дека ќе има постојано зголемување на температурата во периодот помеѓу 2025 и 2100 година;<br>• Во споредба со периодот помеѓу 1961 и 1990, предвидените промени за периодот помеѓу 2025 и 2100 година ќе бидат најинтензивни во најтоплиот период од годината;<br>• Можно е просечните месечни температури при преодот помеѓу зима и пролет да се израмнат во овој период;<br>• За периодот помеѓу 2025 и 2100 година се предвидува пад во врнежите, во сите годишни времиња и на годишно ниво, а најголемо намалување ќе има во текот на летото;<br>• Интензитетот на промените е најголем во најтоплиот дел од годината (во јули и август, можеби и воопшто нема да има врнежи); и<br>• Во студениот период од годината се предвидува намалување во врнежите од дури 40% од просечните месечни количества.<br>Најранливи сектори од климатските промени се: водните ресурси, земјоделството, биолошката разновидност, шумарството, човековото здравје, културното наследство и туризмот.<br>Се претпоставува дека многу видови нема да можат да го следат темпото и обемот на предвидените климатски промени и како резултат на тоа ќе биде зголемен ризикот од нивно истребување, и на локално и на глобално ниво. Во целина климатските промени ќе бидат тест за издржливоста на екосистемите и |

| | |
|---|---|
| | нивниот капацитет за адаптација ќе биде значително под влијание на интензитетот на други притисоци кои продолжуваат да се наметнуваат.<br>Најчувствителна на климатските промени е алпската зона заради изразениот пораст на температурата во алпските и субалпските предели. Може да се очекува губење на алпскиот појас. На тој начин ќе бидат изгубени природните живеалишта за одредени високопланински видови и тие ќе исчезнат од рефугијалниот регион на Заштитениот предел. |
| | |

| СОЖС област | Води |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во ЗП „Осоговски Планини“** | Закани кон површинските води во рамките на Заштитениот предел се резултата на повеќе фактори.<br>Во последно време една од најголемите закани по површинските води во планинските региони е изградбата на малите хидроелектрични централи, кои допринесуваат до пормени на физичко-хемиските и биолошките карактеристики на водата, а со тоа директно влијаат и врз составот на растителните и животинските видови. Исто така со нередовниот мониторинг на испуштање на биолошки минимум не ретка е појавата некои од планинските реки да останат без проток во делот помеѓу зафатот и машинската зграда.<br>Изградбата на вештачки акумулации со самото заезерување на водата допринесуваат до застој на протокот на водата во реките и со самото тоа и до помени на физичко-хемиските и биолошките карактеристики на водата. Со поплавувањето на поголема површина може да се предизвика гниење на органските материи кои се потопени, а со тоа и испуштање на гасови кои допринесуваат кон забрзан процес на климатските промени и глобалното затоплување.<br>Рудниците и рудничките копови се серизона закана по површинските воденит текови преку ископ на руда, минирање, транспорт на руда и слично. Како резултат на рударските активности водите ќе дојде до трајна промена на физичко-хмиските и биолошките карактеристики на поврпинските води, а како резултат на потресите предизвикани со минирање можни се и закани по подземните води и изворичтата.<br>Неконтролираното и непланското сечење на шумите со сигурност ќе резултира со појава на големи количини на ерозивен материјал, кој со согурност ќе заврши во водените текови и ќе предизвика промени на квалитетот на водата.<br>Несоодветното туристичко уредување и изградбата на туристички објекти и комплекси, преку испуштање на нетретирани комунални води може да допринесе до загадување на површинските водени текови.<br>Други идентификувани закани во однос на управувањето со водите во заштитеното подрачје се:<br>• Недоволна заштита на изворите за водоснабдување на селата (недефинирани заштитни зони и режим на заштита во зоните);<br>• Нерационално користење и узурпација на крајбрежниот простор на водотеците од непланска и неодржлива градба на објекти.<br>• Несоодветна покриеност со канализациони мрежи во руралните населби;<br>• Несоодветен мониторинг на квалитетот на површинските и подземните води; |

| СОЖС област | Биолошка разновидност и природно наследство |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во ЗП** | Биолошката разновидност во Регионот е изложена на бројни директни и индиректни закани (загуба, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерна употреба на биолошките ресурси преку лов; риболов; трговија со лековити и ароматични билки, полжави, желки, печурки; црпење вода, песок и чакал од езера, речни корита и крајбрежјето).<br>Нелегалното ловење, недостатокот на знаење за тоа како и кога да се собираат растителни видови, особено лековити растенија и шумски плодови, сушите и |

| | |
|---|---|
| **„Осоговски Планини“** | климатските промени, особено глобалните климатски промени во последната деценија, предизвикуваат нарушувања на биолошката разновидност во Регионот.<br>Сектори кои влијаат на биолошката разновидност се: земјоделство, рибарство, транспорт (фрагментација на живеалишта), енергија (загадување, изградба на хидро - енергетски акумулации и особено производство на електрична енергија), индустрија и рударство (т.н. жаришта, напуштени рудници и депоа за отпад), туризам, градежништво (користење на земјоделско земјиште од висока катастарска класа за непродуктивни цели), шумарство (деградација на шумите, неконтролирано сечење на огревно дрво), како и несоодветно контролирано ловство, риболов и туризам.<br>Забележани се нарушувања на природните процеси во екосистемите и направени штети во заштитените подрачја и објекти заради давање приоритет на други интереси и активности во насока на искористување на природните вредности на подрачјето обезбедувајќи директни придобивки, без да се земат предвид долгорочните последици врз биолошката разновидност.<br>Масовното уништување на шумите ги намалува можностите за развој на сточарството, пчеларството, ја намалува можноста за задоволување на потребите на населението за дрво за греење и евентуалниот развој на дрвната индустрија, но е причина и за ерозивни дејствија. Неконтролираното незаконско ловење е исто така проблем, кој резултира со намалување на популациите на животинските видови и зголемување на степенот на загрозеност на одредени животински видови.<br>Најчести закани за биолошката разновидност во Заштитениот предел со тенденција да предизвикаат нарушување на природната рамнотежа во екосистемите се:<br>- промени во природните живеалишта на видовите,<br>- климатски промени,<br>- интродукција на инвазивни туѓи видови,<br>- загадување на животната средина и<br>- прекумерна неодржлива експлоатација на природните добра и услуги.<br>Урбанизацијата во зоните, во кои е регистриран редок и ендемичен видов диверзитет, зоната на строга заштита и зоната на активно управување, преку изградба на нова инфраструктура и нови објекти, може да има значителни последици врз движењето, но и опстанокот на видовите. |

| СОЖС област | Почва |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во ЗП „Осоговски Планини“** | Намалената употреба на агротехничките мерки во земјоделието во општините околу заштитеното подрачје, како последица на економските прилики, се смета за позитивен фактор при зачувување, односно намалување на загадувањето на почвите од минералните ѓубрива и пестицидите.<br>Како резултат на загадувањата од постоечките рудници кои вршат ископ на руда на територијата на Осоговските планини, може да се заклучи дека голем дел од почвата е со нарушен квалитет.<br>Идентификувани проблеми во однос на квалитетот и искористувањето на земјиштето и квалитетот на почвата во засегнатите општини се: интензивна урбанизација, диви градби, примена на пестициди и други агротехнички мерки во земјоделството, замена на органско со вештачко ѓубриво, со што се намалува квалитетот на почвата, отсуство на мониторинг на квалитетот на почвата, како и постоење на диви депонии. |

| СОЖС област | Предел |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и** | Во Регионот, постојат деградирани предели од неконтролираната урбанизација, сечење или опожарување на шуми, површинско ископување, транспорт на минерални суровини, одлагање на отпадот, итн.<br>Во Заштитениот Предел се идентификувани антропогени активности кои |

| | |
|---|---|
| **социоекономските аспекти ЗП „Осоговски Планини“** | предизвикуваат негативно влијание врз пределот и неговата вредност. Активности со потенцијално негативно влијание врз пределите се:<br>• Нарушување на визуелните аспекти, заради невклопеноста на инфраструктурните содржини во пејзажите на Заштитениот предел;<br>• Неконтролирано зафаќање на води за задоволување на потребите на човекот;<br>• Неконтролирано собирање на растителни видови;<br>• Намалување на сточниот фонд и испашата, што доведува до промени во тревниот состав на пасиштата и постепено резултира со промени во биолошката разновидност и<br>• Природни непогоди и пожари. |

| СОЖС област | Културно наследство |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во ЗП „Осоговски Планини“** | Недостатокот на знаење за вредноста на културното наследство, нелегалните ископувања, незаконската урбанизација, дивите депонии, итн. се главните закани за културното наследство во Регионот.<br>Слабата финансиска моќ на локалната самоуправа за поголеми инвестиции за развој на туризмот, како и отсуство на регулатива со параметри за почитување и користење на традиционалните принципи претставуваат главна закана за културното наследство. |

| СОЖС област | Материјални добра |
|---|---|
| **Состојби, трендови и закани поврзани со животната средина и социоекономските аспекти во ЗП „Осоговски Планини“** | Во Регионот постои недостаток на институционални, политички и технички информации, поврзани со расположливите материјални добра, нивното отсуство или проблеми поврзани со нив. Проблемите обично се јавуваат заради:<br>• Недостаток на локални/регионални цевководи за снабдување со вода за пиење;<br>• Недостаток на инфраструктура за развој на зимски туризам;<br>• Недостаток на интегрирани пешачки и велосипедски патеки;<br>• Управување и контрола на сообраќајот (недоволна вертикална и хоризонтална сигнализација);<br>• Недоволни капацитети за одведување и пречистување на отпадните води (непостоење на системи за отпадна вода во руралните средини, непостоење на пречистителни станици, нефункционирање на постоечката инфраструктура за одведување на атмосферски води) и сл.<br><br>Во З.П. се идентификувани следните состојби, трендови и закани врз материјалните добра:<br>• Недоволна заштита на изворите за водоснабдување на селата (недефинирани заштитни зони и режим на заштита на зоните);<br>• Неизградена канализациска мрежа и испуштање на непречистени отпадни води од туристичките локалитети и од населените места;<br>• Отсуство на користење на обновливи извори на енергија;<br>• Нецелосна покриеност на територијата со комуникациска мрежа. |

## 5.1. Состојба во животната средина без имплементација на План за управување со ЗП „Осоговски Планини“

Врз основа на анализите на состојбите, трендовите и заканите, поврзани со користењето и уредувањето на просторот, медиумите од животната средина, како и социоекономскиот развој во Регионот, без имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ ќе останат на сегашно ниво, како резултат на:

- Отсуство на намена на просторот во согласност со воспоставените зони на заштита;

- Неисполнување на барањата на национално ниво и барањата на ЕУ за заштита на природните вредности и реткости, како и биолошката разновидност;
- Неусогласеност на националните, регионалните и локалните интереси за економски и стопански развој со целите на развој на заштитеното подрачје;
- Неусогласеност на планските и секторските документи донесени во Република Северна Македонија во однос на користење на просторот, заштита на животната средина и социо-економски развој;
- Неусогласен развој на инфраструктурата во согласност со намената на земјиштето во Заштитениот предел и зоните на заштита;
- Недефинирани мерки и активности за планирање на просторот, користење на ресурсите, заштита на животната средина, природното наследство и социо-економски развој;
- Недефинирани надлежности и одговорности за имплементација на мерките и активностите;
- Значајните видови и живеалишта би биле под силен антропоген притисок;
- Неискористеност на туристичките можности кои ги нуди подрачјето.

# 6. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ

## 6.1. Значајни геоморфолошки локалитети

На Осоговските Планини можат да се издвојат поголем број на локалитети кои се интересни, специфични и уникатни по своите геолошко-геоморфолошки карактеристики. Дел од нив влегуваат во ЗПр „Осоговски Пламнини" (Слика 22), од кои позначајни се: Царев Врв, клисурата на Злетовска Река, локалитетот Ратков Скала и др.

**Царев Врв:** Локалитетот Царев Врв го зафаќа високопланинскиот простор околу овој маркантен врв (2085 m), со највисоките делови од Калинкаменското Било на север, Костадинечкото Било на запад, Китка билото на југоисток и Соколското Било на исток. Исто така, во рамките на локалитетот се највисоките делови од амфитеатралната изворишна челенка на Крива (Козја) Река. Во таков опфат, истиот зафаќа површина од околу 7 $km^2$, од кои 1,2 $km^2$ се над 2000 m н.в. до највисоката точка Царев Врв или Султантепе. Самиот врв има централна положба на Осоговските Планини и во него се составуваат главните била, а претставува и важен хидрографски јазол. Поради слабата отпорност на карпите од кои е изграден, врвот е куполест, широк и заоблен. Затоа пак странично многу стрмно се спушта кон тектонски предиспонираните, длабоки речни долини, особено кон Крива Река и Каменичка Река.

**Клисура на Злетовска Река:** Локалитетот Клисура на Злетовска Река се наоѓа во западниот дел на Осоговскиот Масив. Просторно го зафаќа делот од долината на Злетовска Река, помеѓу вливот на нејзините леви притоки: Емиричка Река на север и Ештерец на југ, во должина од 10 km. Овде, најмаркантна е самата долина на Злетовска Река, која поради всекувањето низ отпорни магматски (дацито-андезитски и игнимбритски) карпи, е доста длабока (400-500 m), со стрмни, на одредени места речиси вертикални карпести страни. Тоа е особено карактеристично спротиводно од влевот на Јамишка Река, во должина од околу 6 km. На долинските страни се формирани бројни сипари, настанати со механичко распаѓање на вулканските карпи. Поради големиот наклон, сипарскиот материјал претставен со парчиња и блокови големи до 1 $m^3$, постепено се свлекува кон долинското дно. Некои сипари се долги и до 250 m, а вкупниот волумен на распаднатиот сипарски материјал изнесува околу 5 милиони m3. При распаѓањето,

во релјефот заостануваат остенци од поцврсти карпи и други денудациони форми со најразличен облик. Во овој простор, доста интересно е самото корито на Злетовска Река. Тоа е карпесто, со голем надолжен пад и со честа појава на брзаци, водопади и слапови.

**Раткова Скала:** Овој локалитет се наоѓа во југозападниот дел на Осоговскиот Масив, помеѓу с. Ратковица и месноста Синковица. Просторно ја опфаќа долината на Шталковичка Река во нејзиниот горен тек над с.Шталковица, на површина од околу 2.4 km$^2$. Овде, како последица на локалната појава на мошне цврсти кварцити, реката Шталковица се всекла речиси вертикално, па нејзината долина во должина од околу 1,5 km има изглед на кањон, со страни длабоки и до 400 m. Всушност, долинските страни кај с. Ратковица, наместа претставуваат скалесто наредени отсеци високи до 200 m, заради што веројатно самата месност се нарекува Раткова Скала (или Раткова Карпа). Најголеми отсеци се на десната долинска страна, каде се протегаат во должина од 1,2 km, а на левата долинска страна тие се нешто помали, високи до 130 m и во должина од 0,5 km. Вакви карпести отсеци со помали димензии, настанати со процес на селективна ерозија има и кај Синковица.

**Лесновска купа:** Локалитетот Лесновска Купа се наоѓа во западниот дел на Осоговскиот Масив, помеѓу Пробиштип и с. Злетово. Тоа е една од најдобро сочуваните палеовулкански купи во кратовско - злетовската област и воопшто во Република Македонија (Марковиħ, 1971), зафаќајќи површина од 12 km$^2$ и пречник од 4 km. Купата има стрмни страни и над околниот релјеф се издига за 400 m. Таа морфолошки особено јасно е изразена од јужната и југозападната страна. Од источната страна, е пресечена со долината на Злетовска Река, а од западната со долината на Добревска Река. Врвот на Лесновската Купа претставува впечатлива, добро сочувана калдера (еродиран кратер), со пречник од 1,5 km и длабочина во средишниот дел од 150-200 m. Околу центарот на калдерата, прстенесто се распоредени 7-8 купести возвишенија т.е. вулкански некови (чуки). Од нив најмаркантен е северниот нек Илин Крст (1127 m), кој веројатно бил главен вулкански центар, од каде избивало најголемо количество на лава и вулканокластичен материјал. На јужната и источната страна се јавуваат уште 3 изразити нека: Св. Троица (1012 m), Нушева Чука или Горно Брдо (1025 m) и Гумички Рид (1048 m). Лесновската Купа е остаток од олигоцената вулканска активност во овој дел на кратовско-злетовската палеовулканска област. Од тогаш до денес, поради долгиот временски период, оваа вулканска структура е доста еродирана и снижена.



**Слика 21** Значајни геоморфолошки подрачја во Осоговскиот регион

## 6.2. Национално и меѓународно значење на подрачјето

Воспоставувањето на репрезентативен правен систем кој ќе овозможи брза интеграција во Европската Унија и пошироката меѓународна заедница е дел од стремежот на Република Северна Македонија. Република Македонија е потписничка на поголем број меѓународни договори чии одредби ги имаат поставено основите на националниот правен систем за заштита на природното и културното наследство. Исто така, преку процесот на вградување на одредбите од Директивите за живеалишта и птици на ЕУ во националното законодавство се дава основа за поставување на современа правна рамка за зачувување на биодиверзитетот во земјата. Заштитата на живеалиштата и видовите од меѓународно значење е обврска на државата, која произлегува од следните меѓународните договори: Конвенцијата за биолошка разновидност, Рамсарската конвенција, Бернската конвенција, Бонската конвенција, Европската конвенција за предели итн. Покрај тоа, имплементацијата на двете важни директиви на ЕУ за птици и живеалишта и воспоставувањето на европската мрежа Натура 2000 е обврска на земјата во процесот на приближување кон ЕУ и станување нејзина полноправна членка, што е приоритет на Владата на Република Северна Македонија.

Осоговските Планини поседуваат значајни вредности од аспект на биолошката разновидност. Идентификувани се голем број на меѓународно значајни видови од флората и фауната кои имаат конзервациско значење (се среќаваат околу 185 видови, според расположливите податоци). Особено би ги издвоиле видовите со „европско значење“ т.е. видови кои се наведени во листите на Директивите за птици и живеалишта каде се наоѓаат: четири дневни пеперутки, три вилински коњчиња, еден скакулец, четири сапроксилни тврдокрилци, еден вид речен рак, пет водоземци, 16 влекачи, 31 вид птици и 18 видови цицачи или вкупно 83 видови. Голем дел од нив ќе послужат за идентификување и воспоставување на Натура 2000 подрачје/а на Осоговските. Во рамките на истражуваните групи, околу 130 видови се сметаат за ендемични од кои нешто над 10 видови се „осоговски ендемити“ т.е. видови кои единствено живеат на Осоговските Планини.

Регистрирани се 28 природни и полуприродни живеалишта според EUNIS системот на класификација за живеалишта, 19 од нив се значајни за зачувување според Директивата за живеалишта за кои е потребно прогласување Натура 2000 подрачје.

Регистрирани се над 1000 видови и подвидови на растенија од кои 2 се осоговски ендемити и 22 се субендемити. На Осогово е утврдено присуство на 44 видови цицачи од кои 31 се со меѓународно значење. Регистрирани се 141 видови птици, од кои околу 100 видови се од меѓународно значење за заштита. Особено значаен орнитолошки локалитет е локалитетот ,,Раткова Скала", кој е дел од Значајното подрачје за птици „Осоговски Планини“, а втори по значење се степските предели во подножјето на планината, каде гнездат 1-2 двојки царски орли, и се опфатени со Значајното подрачје за птици „Долина на Злетоввска Река“. Идентификувани се 10 видови водоземци кои имаат меѓународно значење за заштита и 23 видови влекачи од кои 4 вида имаат меѓународно значење, а 16 видови се вклучени на националната Листа на заштитени диви видови. Познати се 10 видови риби, од кои осум се вклучени на Црвената листа на IUCN. На Осогово се евидентирани 16 балкански ендемити од групата полжави, вкупно 450 видови пајаци (38 ендемични), 77 видови правокрилци од кои 6 регионални (балкански) ендемити, 39 видови вилински коњчиња од кои 9 се со меѓународно значење, 105 видови дневни пеперутки (*Erebia aethiops* и *Minois dryas* во Северна Македонија се среќаваат само на Осогово) и 246 видови тркачи од кои 4 осоговски ендемити и 18 субендемити (Табела 14).

**Табела 22** Преглед на вкупен број видови по таксономски групи, меѓународно и национално значајни видови присутни во предлог ЗП „Осоговски Планини“

| Група | Вкупен број видови и процент од македонската флора/фауна | Меѓународно значајни видови | Ендемити и национално значајни видови | Ретки видови |
|---|---|---|---|---|
| **Флора (растителни таксони)** | 1072 (~31%) | 2 | 2 осоговски ендемити и 22 субендемити | 44 |
| **Габи** | 426 | | | |
| **Дијатомејски алги** | 391 | | 3 осоговски ендемити | 48 |
| **Дневни пеперутки** | 105 (50%) | 4 | 0 | 1 |
| **Вилински коњчиња** | 39 (60%) | 9 | | |
| **Правокрилци (скакулци, штурци и богомолки)** | 77 (45%) | 3 | 6 регионални ендемити | 4 |
| **Тркачи (Carabidae)** | 246 (43%) | 3 | 4 осоговски ендемити и 18 субендемити | 31 |
| **Сапроксилни тврдокрилци** | | 4 | | |
| **Пајаци** | 450 (~70%) | 0 | 38 ендемити | ~150 |
| **Водни макроинвертебрати** | 152 | 1 | 19 субендемити | 26 |
| **Риби** | 10 (~15%) | 8 | 6 субендемити | |
| **Водоземци** | 10 (71%) | 10 | 1 субендемит и 5 заштитени | |
| **Влекачи** | 23 (68%) | 4 | 16 заштитени видови | |
| **Птици** | 141 (33%) | >100 | 34 заштитени видови | |
| **Цицачи** | 44 (51%) | 31 | 6 заштитени видови | |

Од аспект на биолошката разновидност посебно се истакнуваат највисоките делови околу Царев Врв, Сокол и Руен. Тука се среќаваат поголемиот дел од ендемитите и ретките видови од флората и фауната. Од растенијата тука живеат осоговската гениста (*Genista fukarekiana* - ендемично растение кое се среќава единствено на Осоговските Планини), златната кандилка (*Aquilegia aurea*), како и *Festuca thracica* subsp. *violaceo-sordida* var. *osogovoense*, *Ranunculus pseudomontanus, Genista depressa* subsp. *moesiaca*. Од животинските видови посебно се истакнуваат живородниот гуштер (*Zootoca vivipara*), ушестата чучулига (*Eremophila alpestris*) и жолтоклуната галка (*Pyrrhocorax graculus*)¸ осоговскиот ендемичен тркач (*Duvalius beshkovi*).

Посебно значење имаат изворишните делови на Каменичка Река каде се среќаваат шумските тресетишта, зачувани букови шуми и ретки растителни заедници како и бројни значајни растителни видови (*Lycopodium clavatum, Blechnum spicant, Sphagnum fimbriatum, Acer heldreichii*).

Во шумскиот појас се наоѓаат голем број од меѓународно значајните, но и дел од ендемичните видови. Тука се регистрирани четири видови сапроксилни инсекти вклучени во анексите на Директивата за живеалишта (*Rosalia alpina, Morimus funereus, Osmoderma eremita, Lucanus cervus*), ендемичните тркачи *Molops rufipes denteletus* и *Molops piceus osogovensis*, повеќе видови птици: грлица (*Streptopelia turtur*, буковиот свиркач (*Rhadina sibilatrix*), источниот горски свиркач (*Rhadina orientalis*), гулабот дупкар (*Columba oenas*), итн., најголем дел од цицачите. Во шумите беше констатирано извонредна разновидност на габите кои се претставени со над 350 шумски видови.

Долината на Злетовска Река се карактеризира со присуство на рефугијални шумски заедници во кои се среќаваат сребренолисната и широколисната липа, орев и бел габер. Во овој простор живее ендемичниот лесновски лопен (*Verbascum lesnovoensis*). Можеби најважен белег на овој простор се карпестите делови на Раткова Скала (и Орлов Камен). Таму се среќаваат и/или гнездат неколку многу значајни видови птици како што се египетскиот мршојадец (*Neophron percnopterus*), црниот штрк (*Ciconia nigra*), ’рѓестиот глувчар (*Buteo rufinus*), сивиот сокол (*Falco peregrinus*), планинскиот сокол (*Falco biarmicus*), златниот орел (*Aquila chrysaetos*), малиот клукајдрвец (*Dendrocopus minor*), беловрато муварче (*Ficedula albicollis*), итн.

Во речните екосистеми и другите води на Осогово живеат релативно голем број видови (10 видови риби, 150 макроинвертебрати и околу 40 видови вилински коњчиња). Релативно голем број од нив се сметаат за загрозени на европско ниво, но уште поголем се реално загрозени заради модификацијата на нивните живеалишта за различни потреби (водоснабдување, производсво не електрична енергија, наводнување и сл).

Осогово се карактеризира со интеракција помеѓу луѓето и природата, а биолошката разновидност и човековото наследство, сочувано во природни и културни целини, придонело кон формирање на карактеристични предели. На Осогово се дефинирани шест типа предели од кои најкарактеристичен е *Осоговскиот планински рурален предел*. Од исклучително значење е да се обезбеди негување и зачувување на оваа врска помеѓу луѓето и природата која ќе обезбеди не само заштита на природните вредности туку и одржлив економски развој во регионот.

Делови од Осоговските Планини, врз база на меѓународни критериуми и стандарди, се идентификувани и назначени како:

a) **Значајно растително подрачје (ЗРП) „Осоговски Планини”** (Слика 22) - назначено заради присуството на растителни видови со меѓународно (*Hericiumerinaceus*, *Fritillariagussichiae* и *Amaurodonviridis*) и национално значење (11 видови), како и осум значајни живеалишта и зафаќа површина од 50.543 ha (Меловски и др. 2010)
b) **Значајно подрачје за птици (ЗПП)** - во Осоговијата се идентификуванидва посебни локалитети: ЗПП„*Осоговски Планини”* и ЗПП „*Долина на Злетовска Река”* (Слика 22). ЗПП „Осоговски Планини“ го опфаќа поширокото опкружување на комплексот Раткова Скала (со Синковица, Орлов Камен, В’чки Камен, Долината на Злетовска Река и оклината на Лесново). На овој простор гнезди една двојка на египетски мршојадци, 2-3 двојки сиви соколи, 1-2 двојки планински соколи, 1 двојка црни штркови, 1 двојка златни

орли, 1-2 двојки лисети глувчари, 1-2 двојки орли змијари и др. Локалитетот ги исполнува критериумите за место од Европско значење. ЗПП „Долина на Злетовска Река“ ги опфаќа ниските делови околу селата Соколарци и Трипатанци, каде е регистрирано гнездење на две двојки царски орли. Надвор од границите на предложеното ЗП „Осоговски Планини“, во најниските делови на планината во ова ЗПП се регистрирани уште неколку интересни видови, како чурлинот *Burhinus oedicnemus*, маслинарот *Hippolais olivetorum*и др. Подрачјето е идентификувано како подрачје од глобално значење, но заради промена на статусот на загрозеност на царскиот орел (од *чувствителен* во *безбеден*), веројатно ќе биде реевалуирано како подрачје од Европско значење.

c) **Емералд подрачје** „Осоговски Планини“ - вклучено во Националната Емералд мрежа како подрачје од посебен интерес за зачувување идентификувано според критериумите на Бернската конвенција (Слика 22). Емералд мрежата ги поврзува земјите членки на ЕУ кои имаат обврска да ја воспоставaт мрежата Натура 2000 со другите европски земји и дава добра основа за земјите кои се подготвуваат за членство во ЕУ.




**Слика 22** Идентификувани меѓународно значајни подрачја на Осоговските Планини

Во **Пан-европската еколошка мрежа**за Југоисточна Европа. Осоговските Планини се идентификувани како важен коридор за движење на дивите растителни и животински видови, додека во **Македонската национална еколошка мрежа (МАК-НЕН)** ЗП Осоговските Планини го опфаќа во најголем дел јадрово подрачје, зафаќа мал дел од пределскиот коридор (Истибања) и во јужниот дел подрачјето вклучува мал дел степско јадрово подрачје (**Error! Reference source not found.**).




**Слика 23** Македонската национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) преклопена со предлог ЗП „Осоговски Планини“

Долж границата меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија се протега дел од **Европскиот зелен појас**, поточно регионалната гранка „Балкански зелен појас". Оваа иницијатива вклучува зачувување на биолошката разновидност и ресурсите прекусоздавање на прекугранични заштитени подрачја долж граничната линија на некогашната *железна завеса*.

Осоговските Планини се идентификувани како потенцијално **Натура 2000 подрачје**. Природните вредности на Осоговските Планини се согледани и во Република Бугарија, каде веќе се воспоставени две големи Натура 2000 подрачја: „Осогово“ (согласно Директивата за птици, со површина 24125,09 ha) и „Осоговска Планина“(согласно Директивата за живеалишта,со површина 34513,24 ha) кои се протегаат до границата со Северна Македонија. Поврзувањето на Натура 2000 подрачјата меѓу две соседни земји кои се протегаат на една географска целина како што се Осоговските Планини е исто така обврска на земјите кои се подготвуваат за членство во ЕУ, така што неминовно е прогласување на Натура 2000 подрачје/а на македонскиот дел од Осоговските Планини во иднина.

# 7. ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА УТВРДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнување на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија на развој, од една страна и заштита на животната средина од друга страна, кој предвидува зголемена употреба на економски инструменти во насока на заштита на животната средина.

Основните принципи за заштита на животната средина во државата се поставени со Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92 (Амандман I и II); 31/98 (Амандман III); 91/01 (Амандман IV-XVIII); 84/03 (Амандман XIX); 107/05 (Амандман XX-XXX) и 3/09 (Амандман XXXI)), како највисок правен документ во земјата. Уставот пропишува дека еден од основните принципи на фундаменталните вредности е регулација и хуманизација на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Исто така, една од основните слободи и човекови права е правото на чиста и здрава животна средина, но тоа е исто така, обврска на граѓаните да ја унапредуваат и заштитуваат животната средина, додека земјата е должна да обезбеди услови за остварување на ова загарантирано право на граѓаните (Член 43).

Водена од овие уставни одредби, Република Северна Македонија воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина, поврзан со:

- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина;
- Зајакнување на административните капацитети, потребни за ефикасно управување со заштита на животната средина;
- Обезбедување платформа за ефикасна имплементација и спроведување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со животната средина на сите нивоа на управување и преку обезбедување на тесна соработка помеѓу надлежните органи на хоризонтално и вертикално ниво;
- Интеграција на политиката за заштита на животната средина во другите секторски политики;
- Поттикнување на индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина, кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Решавање на проблемите на животната средина кои се од национално значење;
- Зголемување на степенот на исполнување на обврските, кои произлегуваат од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина;
- Последно, но не и најмалку важно, е зголемување на нивото на инвестиции во животната средина за постигнување на стандардите на ЕУ.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;
- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и на почвата;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- Заштита на карактеристиките на пределот;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и унапредувањена културното наследство.

Правото на чиста и здрава животна средина е предмет на значителен број правни акти, стратешки, плански и програмски документи на национално ниво, како и на меѓународните договори и политики кои Република Македонија ги има ратификувано.

Прашањата за заштита на природата, обезбедувањето чиста и здрава животна средина и целите за заштита на животната средина се дефинирани во согласност со националната и меѓународната легислатива и истите се земени предвид при изработка на Извештајот за стратегиска оцена, а опфатени се и број други стратешки, плански и програмски документи.

Една од клучните меѓународни конвенции на кои Република Македонија е потписничка е Конвенцијата за биолошка разновидност, ратификувана и објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97. Конвенцијата има три главни цели:

- Зачувување на биолошката разновидност;
- Одржливо користење на компонентите на биолошката разновидност; и
- Праведна и еднаква распределба на придобивките кои произлегуваат од користењето на генетските ресурси.

Други конвенции и протоколи, ратификувани од страна на Република Македонија за заштита на животната средина се:

- Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/05);
- Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар) („Службен лист на СФРЈ“ бр. 9/77);
- Бонска Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/99) и Договор за заштита на лилјаците во Европа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/99 и 13/02);
- Бернска Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/97);
- Париска Конвенција за за заштита на светското културно и природно наследство („Службен лист на СФРЈ“ бр. 56/74);
- Рамковна Конвенција на ОН за климатски промени (Њујорк) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/97) и Кјото Протокол кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/04);
- Еспо Конвенција за оцена на влијанието врз животната средина во прекугарничен контекст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99);
- Архуска Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесување на одлуки и правна заштита за прашања од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/99);
- Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, особено во Африка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/02);
- Конвенција за заштита и користење на прекугранични водотеци и меѓународни езера (Хелсинки) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/15);
- Виенска Конвенција за заштита на озонската обвивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/1990), ратификувана од Република Македонија на 10 март, 1994 година;
- Стокхолмска Конвенција за заштита на човековото здравје и животната средина од отпорни органски соединенија, потпишана од Република Македонија на 23 мај, 2001 година и ратификувана на19 март, 1994 година;
- Комуникација од Комисијата за Европскиот Парламент, Советот, Економскиот и Социјален Комитет и Комитетот за регионите (Наше животно осигурување, наш природен капитал: ЕУ Стратегија за диверзитет до 2020 година);
- Рамковната конвенција за вредностите на културното наследство за општеството (Фаро 2005) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/11),
- Конвенцијата за заштита на архитектурното наследство на Европа (Гранада 1985);
- Конвенцијата за заштита на археолошкото наследство на Европа (Валета 1992) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/05).
- Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство Службен весник на СФРЈ” 56/74). Конвенцијата е ратификувана со акт за сукцесија од СФРЈ во 1977 година.

## 7.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целите на заштитата на животната средина се изразени преку целите на стратегиска оцена на животната средина. Споредување на целите за животна средина со целите и активностите во планскиот документ е вообичаен метод при спроведување на СОЖС, заради оцена дали

развојот, односно идната имплементација на еден развоен плански документ, како што е во случајов Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ ќе биде во насока на поставените цели за животна средина (СОЖС). Целите на стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: населението и здравјето на населението, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра, пределот, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Во табелата, што следува, презентирани се целите на СОЖС во однос на целите дефинирани во Планот за управување Заштитениот предел „Осоговски Планини“ (нивната компатибилност и некомпатибилност).

Компатибилноста/некомпатибилноста на целите е разгледувана во однос на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ (цели за намена на просторот и активности за нивно постигнување) и во однос на неговата идна имплементација во понизок ранг на плански документи или проектна документација.

**Табела 23** Врска меѓу целите на СОЖС и целите на Планот за управување со

| **Општи цели дефинирани во План за управување** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Теми на СОЖС** | **Цели на СОЖС** | **Специфични цели на СОЖС** | **Цели во Планот за управување (компатибилност/некомпатибилност)** | **Индикатори на СОЖС** |
| **Т1:Население и здравје на населението** | Унапредување на животните услови на населението | -Подобрување на медиумите и областите од животната средина;<br>-Подобрување и заштита на здравјето на луѓето;<br>-Подобрување на социоекономската состојба (вработување, зголемување на приходите, демографски развој, намалување на миграцијата);<br>-Подобрување на инфраструктурата;<br>-Подобрување на квалитетот на живот на луѓето. | **<u>Компатибилност:</u>**<br>-Управување со Заштитениот предел во согласност со законските прописи за заштита на природно наследство;<br>-Развој на Заштитениот предел со примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>-Одржливо искористување на земјоделските површини и шуми;<br>-Имплементација на мерки за подобрување на состојбата на медиумите во животната средина;<br>-Подобрување на инфраструктурата за водоснабдување, одведување на отпадните води, патната, телекомуникациската инфраструктура и сл.<br>-Подобрување на условите за стимулирање и поттикнување демографски развој, нови вработувања и подобрување на стандардот и квалитетот на живот на населението;<br>-Подобрување на условите за домување и извршување на јавните функции;<br>-Одржување на традиционалниот изглед на населбите и зачувување на природноста во руралните подрачја,<br>-Подобрување на туристичката понуда;<br>-Подигнување на јавната свест на повисоко ниво за вредностите на Заштитениот предел , за услугите кои ги даваат екосистемите и за чекорите што треба да се преземат за заштита | -Трендови во намената и користењето на земјиштето;<br>-Број на изградени туристистички локалитети;<br>-Трендови на воспоставени бизниси;<br>-Трендови во туристичката понуда (број на туристи; остварени приходи и сл.);<br>-Трендови на загадување во медиумите од животната средина;<br>-Евидентирани ризици по здравјето и безбедноста на населението и посетителите;<br>-Зголемена јавна свест и ставови на населението за вредноста на Заштитениот предел и заштита негова заштита;<br>-Стапка на прираст на населението;<br>-Стапка на вработеност;<br>-Стапка на миграција. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и одржливо користење на природата и заштита на животната средина. | |
| **Т2:Биолошка разновидност и природно наследство** | Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство | -Подобрување на состојбата со биолошката разновидност преку заштита на екосистемите/живеалиштата, видовите и генетската разновидност,<br>-Подобрување на постојните деградирани живеалишта и нивна ревитализација,<br>-Намалување на притисоците и заканите врз биолошката разновидност,<br>-Воспоставување на комплексен мониторинг на биолошката разновидност (видови, живеалишта, екосистеми, значајни подрачја). | **<u>Компатибилност:</u>**<br>Долгорочен мониторинг на видовите, живеалиштата и пределите<br>Управување со живеалишта и предели<br>Подобрување на состојбата на видовите<br>Следење на состојбата со распространувањето на инвазивните видови и преземање мерки за нивно отстранување<br>Одржливо користење на дивите видови (растенија, габи, полжави) кои се собираат за комерцијални цели<br>Поддршка на плантажно одгледување на лековити и ароматични растенија<br>Одржливо користење на пасиштата<br>Идентификација и управување на шуми со високи конзервациски вредности на територијата на ЗПр Осоговски Планини (HCVF) и нејзина имплементација<br>Идентификација и заштита на дрвја, значајни за биолошката разновидност и мртва шумска дрвесина во шумите од Заштитен предел „Осоговски Планини“<br>Идентификација и заштита на стари шуми (Old Growth Forest<br>Пошумување на необновени сечишта, отворени терени, после природни или антропогени катастрофи и несреќи, терени со ерозија и ревитализација на деградирани шумски состоини | - Трендови на усогласеност на просторниот развој на заштитеното подрачје (ЗП) во однос на планските и стратешки документи од повисок ранг за заштита на биолошката разновидност и природното наследство;<br>-Трендови во заштитата на загрозени и значајни видови и живеалишта;<br>-Трендови во управувањето со водите, почвите, шумите, земјоделството и сл.,<br>-Стапка на загубени/загрозени и зачувани копнени и водени живеалишта и видови во однос на постојната состојба;<br>-Површини покриени со шуми;<br>-Број на спроведени кампањи за подигнување на јавната свест. |
| **Т3:Води** | Заштита и унапредување на состојбата со | -Одржливо управување и користење на водните ресурси,<br>-Заштита, зачувување и | **Компатибилнос**т:<br>Следење на квалитетот на водите, воздухот генерирање на отпадот | -Трендови на применети пракси и техники за заштита на водите; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | водите | подобрување на состојбата на крајбрежното земјиште, водните екосистеми и екосистемите зависни од вода,<br>-Намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи и супстанции во водите.<br>-Зачувување на биолошката разновидност во рамките на интегрираното управување со водите. | Одржливо користење на водните ресурси | |
| **Т4:Почва** | Заштита и унапредување на состојбата на почвата | -Заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност,<br>-Заштита на почвата од загадување;<br>-Зачувување на агробиолошката биолошката разновидност. | **Компатибилност:**<br>- Управување на просторот во согласност со потребите на Заштитен предел „Осоговски Планини“и околното земјиште со цел одржливо искористување и намена на земјиштето;<br>-Примена на мерки за одржливо управување и искористување на земјоделските површини и шуми;<br>-Развој на Заштитен предел „Осоговски Планини“ и околните населени места со примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>-Изградба на системи за третман на отпадни води;<br>-Примена на мерки за заштита од ерозија;<br>-Примена на мерки за намалување на загадувањата од употреба на вештачки ѓубрива и пестициди;<br>-Имплементација на систем за управување со отпад. | -Трендови на применети добри пракси во земјоделството, шумарството користењето на вода и заштита од порои и ерозија;<br>-Трендови на ерозија;<br>-Трендови на пошумување;<br>-Трендови на емисии на загадувачки материи во животната средина;<br>-Број на изградени системи за третман на отпадни води;<br>-Воспоставен регионален систем за управување со отпадот. |
| **Т5:Воздух и климатски** | Подобрување на квалитетот на | -Одржување и подобрување на квалитетот на воздухот, | **<u>Компатибилност:</u>**<br>Долгорочен мониторинг на климата и | -Применети мерки за управување со отпадот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **промени** | воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови | -Ограничување на загадувањето на воздухот до нивоа кои не ги загрозуваат природните системи,<br>-Ограничување на емисиите на воздух во согласност со стандардите за квалитет на воздухот,<br>-Намалување на емисиите на стакленички гасови и зголемено искористување на обновливи извори на енергија,<br>-Намалување на причините и последиците од климатските промени. | адаптација кон климатските промени | -Трендови на применети добри пракси во производните активности, во земјоделството, шумарството и управување со отпадни води и отпад;<br>-Површини на уништена шумска вегетација;<br>-Трендови на намалување на шумски пожари;<br>-% на применети мерки против ерозија на земјиште |
| **Т6:Материјални добра** | Заштита на материјалните добра | -Намалување на количините на генериран отпад и негово одржливо управување,<br>-Изградба, заштита и подобрување или санација на системите за водоснабдување, третман на отпадни води,<br>-Подобрување и ефикасно користење на постојната и изградба на нова транспортна инфраструктура,<br>-Подобрување и ефикасно користење на постојниот начин на снабдување со електрична енергија и изградба на нова електроенергетска инфраструктура и преносна мрежа.<br>- Поставување на инфраструктура на локации кои не располагаат со значајни природни вредности. | **<u>Компатибилност:</u>**<br>Активно учество на локалните заедници во управувањето со Заштитен предел „Осоговски Планини“<br>Зголемување на економските придобивки за локалната заедница, преку одржливо користење на природните ресурси во Заштитен предел „Осоговски Планини“ - Планирање на просторот во согласност со постојните материјални добра и потребите од изградба на нови со цел постигнување одржлив просторен урбан развој на заштитеното подрачје (ЗП) и околните населени места;<br>-Изградба на системи за собирање и третман на отпадни води;<br>-Воспоставување систем за управување со отпадот. | - Број на изградени системи за водоснабдување и третман на отпадни води и отпад;<br>- Воспоставен регионален систем за управувањето со отпад;<br>- Изградена регионална санитарна депонија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Т8: Културно наследство** | Заштита и унапредување на културното наследство | -Зачувување и подобрување на историските градби, археолошки наоѓалишта и други важни културни локалитети. | **Компатибилност:**<br>- Развивање на посебни програми од областа заштита и управување, мониторинг и промоција на богатото културно наследство, преку негова валоризација, мапирање, идентификацијана најзначајни локалитети за конзервација, програма и систем за постојан мониторинг, изработка на печатени и електронски промотивни материјали и слично. | -Тренд за заштита на културно наследство;<br>-Број на објекти евидентирани како културно наследство;<br>-Тренд на зачуваност на културното наследство во Заштитениот предел и надвор од него. |

**Табела 24** Табела на компатибилност на целите на СОЖС и План за управување со ЗПр.„Осоговски Планини“[3]

| **Цели на СОЖС** | **Цели на План за управување со ЗПр „Осоговски Планини“** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Природни вредности** | **Шуми, шумско земјиште и заштита од ерозија** | **Социоеконом ски аспекти** | **Развој на туризмот** | **Инфраструктура** | **Управување со води** | **Културно наследство** | **Заштита на животната средина** | **Заштита од природни непогоди и технолошки хазарди** |
| **Население и здравје на населението** | + | + | ++ | + | + | ++ | + | ++ | ++ |
| **Биолошка разновидност и природно наследство** | ++ | ++ | + | - | - | ++ | + | ++ | ++ |
| **Води** | ++ | ++ | + | - | - | + | + | ++ | ++ |
| **Почви** | ++ | ++ | + | - | - | + | + | ++ | ++ |
| **Воздух и климатски промени** | ++ | ++ | + | - | + | ++ | + | ++ | + |
| **Материјални добра** | + | + | ++ | +/- | + | + | + | + | + |
| **Културно наследство** | ++ | ++ | ++ | +/- | + | ++ | + | ++ | ++ |

[3] [++] Значителна компатибилност; [+] Можна компатибилност (мала, претежно индиректна); [0] Нема интеракција; [-] можен конфликт или некомпатибилност (мала, претежно индиректна); [- -] Можен конфликт или значителна некомпатибилност; [+/-] Несигурна интеракција (ги има двата елементи компатибилни и некомпатибилни)

# 8. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ

Потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти кои може да бидат предизвикани со имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ ќе потекнуваат од имплементацијата на планираните активности за управување со Заштитениот предел во периодот до 2031 година, односно активностите содржани во акциониот план, со кои треба да се постигне заштита на природното наследство и одржлив развој, како и исполнување на целите за заштита на животната средина.

Влијанијата се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни придобивки, односно позитивни влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и состојби на животната средина и социо-економските придобивки, но од генерален аспект.

Евидентно е дека имплементацијата на активностите ќе допринесе за намалување на заканите и подобрување на состојбата со биолошката разновидност и природното наследство, подобрување на постојната состојба на медиумите и областите во животната и општествената средина. Но, исто така идниот развој на Заштитениот предел ќе придонесе за појава на нови состојби, можни извори на емисии и закани за животната и општествената средина.

За дел од планираните активности во Планот, дополнително ќе се води постапка за подетална оцена на влијанијата врз животната средина во извештаите за стратегиска оцена на ниво на конкретна планска документација или на ниво на проект низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина за секој проект/објект поединечно.

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина и социо-економските аспекти ќе бидат елиминирани или ефективно подобрени, доколку при имплементација на Планот и предложените мерки, од кои дополнително ќе произлезат конкретни проекти, бидат земени предвид мерките за намалување на влијанијата дефинирани во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, како и мерките кои ќе бидат дадени во поединечните извештаи за СОЖС на ниво на планска документација од понизок ранг или на ниво на проекти, низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

Влијанијата врз медиуми од животната средина и социо-економските аспекти кои ќе произлезат со имплементација на активностите за исполнување на целите за Планот за управување и мерките за намалување на влијанијата се прикажани во следните табели.

## Влијанија предизвикани од имплементација на Планот за управување и мерки за намалување

| **Тема: Природни вредности и реткости** | |
|---|---|
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ е прв план за управување со ова заштитено подрачје, од таа причина во досегашниот период не се вршело соодветно управување во согласност со националната законска регулатива. Исто така во изминатиот период подрачјето немаше воспоставени зони за заштита.<br>Во Планот за управување се дефинирани и картографски прикажани трите зони на заштита и бафер зоната (заштитен појас), со што се јасно дефинирани дозволените активности во секоја од зоните на заштита.<br>Со предвидените активности за заштита на природните и културните реткости и вредности, како и со имплементацијата на активностите, кои произлегуваат од акцискиот план, се очекува да се имплементираат директни и индиректни мерки кои ќе допринесат за заштита на природното наследство во Заштитениот предел „Осоговски Планини“. Преку активностите опфатени со разработени плански програми опфатени се активности за мониторинг на состојбите со пределите, живеалиштата и биолошката разновидност, потоа одржливото управување со природните ресурс, управувањето со шумските живеалишта и екосистеми, управувањето со културното наследство, развојот на одржлив туризам и рекреација, Локалниот развој, информирањето, подигањето на јавната свест, образованието и раководењето на Заштитениот предел, ќе се допринесе за воспоставување на одржлива рамнотежа помеѓу заштита на природните и културните богатства од една страна и социо-економскит развој на подрачјето од друга.<br>Имплементација на сите горенаведени активности, покрај заштита на природните вредности и реткости, ќе придонесе за позитивни влијанија во медиумите и областите од животната средина. Исто така предвидените активности ќе допринесат за отворање можности за вработување на населението во делот на научни истражувања, изработка на документи, обуки за подигнување на јавната свест и сл.<br>Дел од површините од Заштитениот предел се во приватна сопственост и начинот на користење на ова земјиште ќе се врши во согласност со законските прописи за дозволени активности во зоните на заштита, што може да го засегне населението од економски аспект.<br>Планот за упраување не предвидува активности кои би се однесувале на искористување на екосистемските услуги кои ги нуди ова Заштитено подрачје. |

| **Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | **Население** | **Здравје на население** | **Природно наследство, биолошка разновидност, предел** | **Вода** | **Почва** | **Воздух** | **Климатски промени** | **Материјални добра** | **Културно наследство** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | + | + | + | ++ | + | + | + | + | + |

| | |
|---|---|
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Со цел да се намалат или потполно елиминираат можните влијанија кои би се јавиле како резултат на реализацијата на дел од предвидените активности во Планот за управување се препорачува примена на следните мерки:<br>• Активностите во Планот, кои опфаќаат изградба на нови објекти, да се одвиваат на локации кои се во границите на зоната за одржливо користење;<br>• За секоја од предвидените акивности, кои опфаќаат изградба на нов објект, да се применуваа законските одредби за оцена на влијанието врз животната средина пропишни во Законот за животна средина и подзаконските акти, како и одредбите од Законот за |

| | |
|---|---|
| | заштита на природата.<br>• За секоја од предвидените активности, кои опфаќаат реконструкција или реставрација на постоечки објекти да се применуваа законските одредби за оцена на влијанието врз животната средина пропишни во Законот за животна средина и подзаконските акти, како и одредбите од Законот за заштита на природата.<br>• Анализа на постоечките екосистемски услуги и нивно искористување.<br>Примена на мерките кои ќе произлезат од овој Извештај, за секоја тема поединечно. |

| **Тема: Шуми, шумско земјиште и заштита од ерозија** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски планини“, во делот за Управување со заштитеното подрачје, посветува една од осумте програми (Програма 3 – Управување со шумски живеалишта и екосистеми), која се однесува на управувањето со шумите. Во оваа Програма се вклучени пет потпрограми, кои содржат поголем број на активности, со чија реализација заштита на шумските живеалишта во границите на подрачјето.<br>Најзначајни активности во оваа Програма се активностите кои предвидуваат замена на постојните “Посебни планови за стопанисување со шумите со стопанска намена” со “Посебни планови за одгледување и заштита на шуми во заштитени подрачја”, изработка на регионален план за управување со шумите, пошумување со автохтони видови дрвја, идентификација на инванзивни видови, идентификување на шуми со високи конзервациски вредности, подготовка на систем за сертификација, пошумување на деградирани, опожарени локалитети и крајречни локалитети.<br>Преку реализација на активноста која предвидива замена на “Посебни планови за стопанисување со шумите со стопанска намена” со “Посебни планови за одгледување и заштита на шуми во заштитени подрачја” ќе се прекине праксата на масовно искористување на шумите како градежна и огревна дрвна маса.<br>Со реализацијата на овие активности ќе допринесе за подобрување на состојбата на шумските живеалишта и екосистеми, а особено за стабилизација на земјиштата кои се подложни на ерозија. | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | **Население** | **Здравје на население** | **Биолошка разновидност, природно наследство, предел** | **Вода** | **Почва** | **Воздух** | **Климатски промени** | **Материјални добра** | **Културно наследство** |
| | **+** | **+** | **+** | **+** | **+** | **+** | **+** | **+** | **+** |
| | | | | | | | | | |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Примената на Активностите предвидени со Планот за управување ќе предизвикаат позитивни влијанија врз состојбата со шумските живеалишта и екосистеми и врз растителните, животинските и фунгалните видови кои живеат во шумските живеалишта.<br>Дополнително, при реализацијата на предвидените активности кои опфаќаат изградба на нови или реконструкција на постоечките инфраструктурни објекти, потребно е да се води сметка да не биде засегнати дрвните видови кои се наоѓаат во близина на локациите каде се предвидени овие активности. | | | | | | | | |

| Тема: Социо економски аспекти (население, населби, домување, јавни функции, економски аспекти) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски планини“ во Програма 2: Програма за одржливо управување со природните ресурси во подрачјето, Програма 5: Програма за развој на одржлив туризам и рекреација и Програма 6: Програма за локален развој (со акцент на одржување на традиционалните стопански дејности), опфаќа активности кои ќе допринесат за подобрување на социо - економските состојби кај населението кое живее во и надвор од границите на Заштитениот Предел „Осоговски Планини“.<br>Сите предвидени активности ќе придонесат за демографски развој, отворање можности за вработување на локалното население, економски развој на срединита, подобрување на постоечката инфраструктура, односно подобрување на квалитетот на живот на населението. Мерките за поддршка на локалните земјоделци, сточари, мали бизниси, за промоција и заштита на автохтони раси и сорти и промоцијата на брендирани локано производи би можеле значајно да се одразат на квалитетот на живот во подрачјето и во неговото опкружување. Отворањето на можностите и перспективите за започнување сопствени бизниси, обезбедувањето пласман на производите и можностите за вработување позитивно ќе се одразат врз демографската состојба во подрачјето. | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | **Население** | **Здравје на население** | **Природно наследство, биолошка разновидност, предел** | **Вода** | **Почва** | **Воздух** | **Климатски промени** | **Материјални добра** | **Културно наследство** |
| | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| | | | | | | | | | |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Со цел да се намалат или потполно елиминираат можните влијанија кои би се јавиле како резултат на реализацијата на дел од предвидените активности во Планот за управување се препорачува примена на следните мерки:<br>• Активностите во кои е предвидено одржливо користење на природните ресурси да се спроведуваат во согласност со нациналните Законски одредби и позитивни меѓунардони искуства.<br>• Предвидените активности во Програмата за одржлива туризам и рекреација, како и Програмата за локален развој да се реализираат во границите на зоната за одржливо користење.<br>• Вклучување на што е можно поглем број на локално население во активностите предвидени во програмата за одржливо користење на природните ресурси, во програмата за одржлив туризам и рекреација и програмат за локален развој.<br>• Активностите за реинтродукција на ловен дивеч да се спроведуваат во согласност со националното законодавство.<br>• Активностите за реконструкција на постоечката и изградба на нова инфраструктура да се спроведуваат во согласност со барањата на националното законодавство, особено во согласност со законот за животна средина, осносно, за активностите за кои е потребно спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина, истата да биде спроведена. | | | | | | | | |

| Тема: Туризам | |
|---|---|
| **Опис на влијанијата** | Програмата 5: Програма за одржлив туризам и рекреација, во Планот за управување, обработува четири потпрограми со поголем број на |

<table>
<tr><td>врз животната средина и социјалните аспекти</td><td colspan="9">активности. Овие активности опфаќаат подготовка на Стратегија за туризам, мапирање, категоризација и уредување на планинарски и велосипедски патеки, дефинирање на локации за мали кампинзи, опремување на туристички информативен центар, изградба на авантуристички парк, вклучување на селски домаќинства, повеќе обуки и др.<br><br>Реализација на предвидените активности, покрај значително подобрување на туристичката понуда на Заштитениот преде, значително ќе допринесе и за зголемување на туристичката понуда и промет во и околу Заштитенотп подрачје, но и проширување и збогатување на туристичките понуди во почирокиот регион, кој би ги опфатил Брегалничкиот и Североисточниот плански регион. Со тоа ќе се допринесе за отварање на нови работни места, преку зголемување на бројот на туристилки водичи и угостители, што ќе допринесе до подобрување на социо-економските состојби и трендови како во блиските општини, така и во поширокот подрачје.<br><br>Но и покрај придобивките од подобрување и зголемување на туристичката понуда, сепак мора да се земе предвид фактот дека предвидените активности (Зголемен број на посетители, реновирани пешачки и велосипедски патеки, изградба на инфраструктура, изградба на авантуристички парк, уредување на локации за кампување и слично), може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите и областите од животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="10"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти</td><td>Население</td><td>Здравје на население</td><td>Природно наследство, биолошка разновидност, предел</td><td>Вода</td><td>Почва</td><td>Воздух</td><td>Климатски промени</td><td>Материјални добра</td><td>Културно наследство</td></tr>
<tr><td>+</td><td>+</td><td>+/-</td><td>+/-</td><td>-</td><td>+/-</td><td>+</td><td>+/-</td><td>+/-</td></tr>
<tr><td colspan="10"></td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">Со цел да се намалат или потполно елиминираат можните влијанија кои би се јавиле како резултат на реализацијата на дел од предвидените активности во Планот за управување се препорачува примена на следните мерки:<ul><li>Локациите на предвидените објекти да бидат во границите на зоната за одржливо користење;</li><li>При одредувањето на локациите за изградба на предвидените туристички објекти да се избегнува сечење на дрвја;</li><li>Планираните објекти да бидат изградени од еколошки материјали</li><li>На локациите на кои е предвидена реализацијата на планските активности да се овозможи соодветно и постојано управување со генерираниот отпад од посетителите</li><li>Активностите за прилагодување на локации за мали кампови, изградба на туристички информативни центри и изградба на авантуристучки парк, да се спроведуваат во согласност со барањата на националното законодавство, особено во согласност со законот за животна средина, односно, за активностите за кои е потребно спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина, истата да биде спроведена.</li></ul></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Тема: Културно наследство</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата врз животната средина и</td><td>Во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски планини, во Програма 4: Управување со културно наследство се предвидени поголем број на активности за одржливо управување со културното наследство во ЗПр: определување на степен на значење и приоритети на археолошко, историско и етнолошко културно наследство, валоризација на неколку локалитети, мониторинг на движно и недвижно културно</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **социјалните аспекти** | наследство, евиденција и координација на културни настани, едукативни настани и промоција на тредиционални занаети, знаења и обичаи.<br>Реализацијата на предвидените активности, ќе допринесе за соодветна заштита и промоција на движното и недвижното културното наследство во Заштитениот предел „Осоговски планини, што од друга страна би ги збогатил туристичките понуди и би се понудиле туристички содржини кои би биле насочени кон оваа област. |

| Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти | Население | Здравје на население | Природно наследство, биолошка разновидност, предел | Вода | Почва | Воздух | Климатски промени | Материјални добра | Културно наследство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | + | + | +/- | + | +/- | + | + | + | + |

| | |
|---|---|
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Покрај предложените мерки во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски планини, за подобрување на состојбата со културното наследство се препорачува примена на следните дополнителни мерки:<br>• Сите предвидени активности кои се однесуваат на културното наследство да бидат реалирирани во согласност со прописите на Законот за заштита на културно наследство и неговите подзаконски акти.<br>• При рализацијата на предвидените активности за конзервација, реставрација и ревитализација на културното наследство во Заштитениот предел „Осоговски планини, да се овозможи постојано управување со медиумите на животната средина, а особено соодветно управување со генерираниот градежен отпад. |

| **Тема: Инфраструктура-Управување со водите** | |
|---|---|
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски планини“ предвидува повеќе активности, како дел од Програма 2, кои опфаќаат: Изработка на катастар на загадувачи со вклучени закани, притисоци, загадувачи и состојба; воспоставување на соработка со надлежните институции за мониторинг на квалитет на водите и анализа на извештаи; Контрола ан зафати на вода (водоснабдување, наводнување, енергетика, аквакултура) и спроведување на водостопанската дозвола; контрола на еколошкиот/биолошки минимум на малите хидроелектрани и контрола на испуштање на вода.<br>Предвидените активности ќе допринесат за подобрување на квалитетот на површинските и подземните води на територијата на Заштитениот предел „Осоговски Планини“, особено предвидените активности за контрола на еколошкиот/биолошкиот минимум и контролата на испуштање на вода, ке допринесат за подобрување на физичко-хемиските и биолошките карактеристики на површинските и подземните води во и околу границите на Заштитеното подрачје.<br>Исто така реализацијата на предвидената активност за уредување на локации за кампување и авантуристички парк, како и активностите за реконструкција на постоечката и изградба на нова инфраструктура, можно е да се јават одредени влијанија врз површинските и подземните води. |

| Оцена на влијанијата врз | Население | Здравје на | Природно наследство, | Вода | Почва | Воздух | Климатски | Материјални добра | Културно наследство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| животната средина и социјалните аспекти | | население | биолошка разновидност, предел | | | | промени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| | | | | | | | | | |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | • Изградбата на предвидените објекти да биде во границите на зоната за одржливо користење<br>• Изборот на локации за поставување на мали кампови, авантуристички парк, нова инфраструктура и слично, да се темели на детални испитувања и анализи, со цел да се избегнат локации кои се идентификувани како чувствителни од аспект на присуство на извори за вода;<br>• Да се изградат пречистителни станици во руралните и урбаните подрачја на Заштитениот Предел;<br>• Имплементација на процедурите за СОЖС и ОВЖС, како и соодветна проценка на влијанијата на ниво на конкретна планска/проектна документација при изведба на активностите за управување со водите; | | | | | | | | |

| **Тема: Инфраструктура-Управување со отпад** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | Во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски планини“, во Програма 6, предвидува неколку активности кои се однесуваат на управувањето со отпадот: Воспоставување на соработка и дијалог со сите општини и локалните заедници; Мапирање на дивите депонии и изработка на план за чистење на дивите депонии; Чистење ан дивите депонии; Воспоставување на систем за регионално управување со отпадот, во кој ќе биде интегрирано заштитеното подрачје. Дефинирње и спроведување на кампања за намалување на отпадпт во Заштитениот предел.<br>Реализацијата и имплементацијата на овие активности ќе придонесе до подобрување на управувањето со отпадот, што ќе допринесе до значајно намалување на влијанијата врз другите области и медиуми од животната средина, особено на површинските и подземните води, потоа ублажување на ефектите од климатските промени, можности од вработување во одредена фаза и подобрување на здравјето на населението. | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | **Население** | **Здравје на население** | **Природно наследство, биолошка разновидност, предел** | **Вода** | **Почва** | **Воздух** | **Климатски промени** | **Материјални добра** | **Културно наследство** |
| | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| | | | | | | | | | |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Со цел правилен третман на генерираниот отпад, ЈУНШ, во прво време во соработка со локалните комунални претпријатија, а во иднина и со регионалните, да воспостави соодветен систем за собирање и транспорт на генерираниот отпад во границите на Заштитеното подрачје, а посебен акцент да се стави на локациите на кои е прдвидена посета на голем број на посетители. | | | | | | | | |

| **Тема: Животна средина** | |
|---|---|
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | Предвидените активности во Планот даваат насоки за преземање на конкретни мерки и активности кои треба да се имплементираат во следниот период до 2031 година, со цел подобрување на состојбата на медиумите и областите од животната средина, а истовремено за подобрување на здравјето и квалитетот на живот на населението во Заштитениот предел и неговото опкружување.<br>Воспоставувањето на континуиран мониторинг на медиумите и областите од животната средина ќе допринесе за следење на состојбата во овие медиуми и областите од животната средина, односно собирање и креирање база на податоци врз основа на која ќе се дефинираат мерки за заштита со цел намалување на загадувачките параметри, а исто така и соодветно планирање на намената и користењето на земјиштето во следниот период.<br>Предвидените активности за воспоставување на систем за управување со отпадот во рамките на Заштитениот предел „Осоговски планини“ ќе допринесе за намалување на негативните влијанија кај чувствителните рецептори. Расчистувањето на дивите депонии и ревитализација на земјиштето, ќе го подобри квалитетот на медиумите на животната средина. Изградба на системи за третман на отпадните води, ќе го подобри квалитетот на површинските и подземните води во областа од интерес. Користење на алтернативни извори на енергија и намалување на користење на фосилните горива, ќе допринесе во намалување на емисии во воздухот.<br>Спроведување на кампањи од областа на заштита на животната средина ќе допринесе да се подигне јавната свест за населението и посетителите за состојбите во животната средина, придобивките од одржливо управување и искористување на ресурсите, вредноста на биолошката разновидност и екосистемските услуги, вредноста на природното наследство, како и одговорноста на истите за значењето на Заштитениот Предел „Осоговски Планини“.<br>Предвидените активности ќе предизвикаат директни позитивни влијанија кај населението, односно ќе допринесе за работно ангажирање и можност за заработка на соодветно обучен кадар, кој ќе биде активно вклучен во имплементација на спроведување на предвидените активности. |

| **Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | **Население** | **Здравје на население** | **Природно наследство, биолошка разновидност, предел** | **Вода** | **Почва** | **Воздух** | **Климатски промени** | **Материјални добра** | **Културно наследство** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | + | + | + | + | + | + | + | + | + |

| | |
|---|---|
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Покрај предвидените мерки во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски планини“ се препорачува примена на следните мерки за подобрување на состојбите во животната средина:<br>• Мерките и активностите од акционите планови од планските и стратешките документи, донесени на национално и регионално ниво да се вградат во идните планови за управување;<br>• Имплементација на обврските кои потекнуваат од Законот за заштита на животна средина, особено поглавјата кои се однесуваат на СОЖС, ОВЖС;<br>• Воспоставување на ефективна институционална и организациона поставеност за спроведување на предвидениот мониторинг на медиумите и областите од животната средина во Заштитениот предел, управување со податоците, известување и инспекциски |

| | |
|---|---|
| | надзор;<br>• Активно вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за идниот просторен и урбан развој на Заштитениот предел и околното опкружување. |

| **Тема: Природни и од човек предизвикани непогоди** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опис на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | Имплементацијата на активностите превидени во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски планини“ може да биде под влијание од природни или од човек предизвикани непогоди кои може да бидат изразени преку: појава на пожари, земјотреси, метеоролошки појави, ризици од појава на штетници и болести на растителните заедници.<br>Планот во Програма 2, Програма 3 и Програма 6 вклучува поголем број на активности кои ќе допринесат за намалување на процесите на ерозија и превензија и заштита од пожари. Овие активности вклучуваат: одгледување на Лековите и ароматични растенија на поголеми површини со цел запирање на ерозија, утврдување и обновување на деградирани шумски состоини, изработка и спроведување на План за превенција и зештита од шумски пожари, Подигнување на свеста и јакнење на капацитетите за намалување на ризикот од пожари, лизгање на земјиште и полави. | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти** | **Население** | **Здравје на население** | **Природно наследство, биолошка разновидност, предел** | **Вода** | **Почва** | **Воздух** | **Климатски промени** | **Материјални добра** | **Културно наследство** |
| | + | + | + | + | + | + | + | + | + |
| | | | | | | | | | |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | • За спроведувањето на мерките за заштита и спасување, потребно е да се почитува постојната законска регулатива, односно Законот за заштита и спасување.<br>• Подготовка на проценка на ризик и одговорност од еколошка штета за идните објекти за кои постојат индикации од појава на технолошки хазарди.<br>• Имплементацијата на овие мерки и активности ќе придонесе за заштита на медиумите и областите од животната средина, услови за безбедно планирање и уредување на просторот, а особено подобрување на безбедноста на населението, вработените и посетителите на Заштитениот предел.<br>• За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се предвидат и обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во центрите предвидени за таа намена. | | | | | | | | |

# 9. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

Една од главните функции на постапката за Стратегиска оцена на животната средина е да обезбеди споредба на неколку алтернативни решенија на планскиот документ, врз основа на анализа на низа од критериуми, вклучувајќи ги и предвидените влијанија врз животната средина. Покрај нив, во анализата секако треба да бидат вклучени и економските и општествените аспекти, сѐ со цел да се обезбеди избалансирано решение кое на долг рок ќе ги задоволи социо – економските цели, но нема да предизвика значителни негативни влијанија врз животната средина.

Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ содржи активности за развој на подрачјето во период од десет години, со чија реализација би се постигнале утврдените цели, зацртани за планираниот период.

Планот за управување дава преглед на постоечката состојба на геолошкото и биолошкото богатство и културното наследство во заштитеното подрачје, предлог зонирањето внатре во заштитеното подрачје, дел од трендовите и заканите за идентификуваното геолошкото и биолошкото богатство и културното наследство, а предвидува и активности, со кои би се постигнала заштита на иднтификуваните природни богатства, заштита на животната средина, а истовремено постигнување на социоекономски развој.

Во Планот за управување не се разгледувани алтернативни решенија за предвидените активности за заштита на геолошкото и биолошкото богатство и културното наследство, туку предложените активности се базираат на утврдените утврдените потреби за воспоставување и понатамошно функционирање на Планот за управување, како и исполнување на законските обврски. Истите се насочени кон идно функционирање на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ врз основа на можностите, потенцијалите и расположливите ресурси, со цел задоволување на потребите и барањата на локално, регионално и национално ниво, усогласување на просторниот развој со барањата на националното законодавство, стратешките документи од повисок ранг, како и усогласување на развојот на Заштитениот предел во согласност со барањата на ЕУ за просторно планирање, заштита на биолошката разновидност и природното наследство, како и заштита на медиумите и областите од животната средина.

Како резултат на ова, во ова поглавје се разгледуваат две алтернативи, односно состојби без и со имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

***Алтернатива 0: Состојба без имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“***

- Непостоечње на План за управување со ЗПр „Осоговски Планини“;
- Непостоење на воспоставени зони во рамките на ЗПр „Осоговски Планини“;
- Неисполнување на барањата на национално ниво и барањата на ЕУ за заштита на природните вредности и реткости, како и биолошката разновидност;
- Неусогласеност на националните, регионалните и локалните интереси за економски и стопански развој со целите на развој на заштитеното подрачје;
- Неусогласеност на планските и секторските документи донесени во Република Македонија во однос заштита на животната средина и социо-економски развој;
- Недефинирани мерки и активности за користење на ресурсите, заштита на животната средина, природното наследство и социо-економски развој;
- Недостаток на институционални, финансиски и технички капацитети за ефикасна имплементација на активностите.

***Алтернатива 1: Состојба со имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“***

Со имплементација на активностите и мерките предвидени во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ се очекува да се постигне:

- Исполнување за законските обврски за уредување заштитени подрачја кои располагаат со значајна биолошката разновидност и природното наследство, дефинирани во националното законодавство и потпишаните меѓународни документи;
- Создавање услови за реализација на националните, регионалните и локалните интереси во планското подрачје, во областа на заштита и зачувување на посебните природни вредности, значајните природни ресурси и споменичкото наследство, како и нивно уредување и користење на принципите на одржливиот развој;
- Зачувување на природните вредности на подрачјето, искористување на туристичките потенцијали за промовирање и развој на одржливи видови на туризам и други алтернативни дејности и активности;
- Создавање услови за намалување на загадувањата и обезбедување заштита на медиумите и областите од животната средина, што ќе резултира во надминување на евидентираните состојби, трендови и закани во заштитеното подрачје;
- Поттикнување на социо-економски развој на подрачјето;
- Дефинирани надлежности и одговорности за имплементација на мерките и активностите;
- Планирање, просторен и економски развој и управувањето на Заштитениот предел ќе се темели на поставките и насоките дефинирани во Планот за управување со ЗПр „Осоговски Планини“;

Имплементацијата на Планот за управување со со ЗПр „Осоговски Планини“ може да предизвика промена во другите стратешки и плански документи на локално ниво, кои треба да се прилагодат во функција на обезбедување соодветно просторно планирање и заштита на медиумите и областите од животната средина во рамките на Заштитениот предел и неговото опкружување.

Заклучок: Разгледуваната алтернатива да се имплементира Планот за управување со ЗПр „Осоговски Планини“ е прифатлива алтернатива.

# 10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕН ПРЕДЕЛ „ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ“

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализација на планскиот документ План за управување со Заштитен предел „Осоговски Планини“ и сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на мерките и активностите предвидени во акцискиот план.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на состојбите во медиумите и областите од животната средина и социоекономските аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки. Основните придобивки од мониторингот над имплементација на Планот се:

- Потврдување дека договорените услови при одобрувањето на Планот се соодветно спроведени;
- Обезбедување податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Обезбедување поголем увид во промените на животната средина на одредени локации;

- Потврдување дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Потврдување дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат преземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг над ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следењето на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Имплементацијата на Планот, примената на предложените мерки за ублажување на влијанија и нивната функционалност, оправданоста на целите на Планот и на стратегиската оцена на животната средина ќе се потврдат преку следење на следните индикатори:

**Табела 25** План за мониторинг

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| **Население и здравје на населението** | Унапредување на животните услови на населението | - Следење на изградбата и функционирањето на инфраструктурата;<br>- Следење на подобрување и реализација на туристичката понуда;<br>- Следење на развојот на нови бизниси;<br>- Следење на начинот на управување со отпадни води, отпад и другите емисии во животната средина;<br>- Следење на практиките за управување во шумарството, земјоделството;<br>- Следење на одржувањето на традиционалниот изглед на населбите и руралните подрачја;<br>- Следење на спроведувањето на активностите за подигнување на јавната свест на населението за вредностите на Заштитениот предел;<br>- Следење на демографската состојба на населението;<br>- Следење на здравствената состојба на населението. | - Трендови во намената и користењето на земјиштето;<br>- Трендови во заштита на природните ресурси;<br>- Трендови во пренамената на земјиштето;<br>- Трендови на развојот на населбите и повторно заживеани села;<br>- Тренд во одржувањето на традиционалниот изглед на населбите и руралните подрачја;<br>- Тренд на изградбата на инфраструктурата;<br>- Трендови во искористувањето на водните ресурси;<br>- Трендови во искористувањето на природните ресурси за енергетски и економски цели;<br>- Трендови на производство органска храна;<br>- Трендови на загадување во медиумите од животната средина;<br>- Евидентирани ризици по здравјето и безбедноста на населението и посетителите;<br>- Број на туристички локалитети;<br>- Ниво на јавна свест и ставови на населението за вредноста на Заштитениот предел;<br>- Стапка на прираст на населението; | - Влада на Република Македонија,<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,<br>- Министерство за економија,<br>- Министерство за локална самоуправа,<br>- Министерство за здравство,<br>- Министерство за труд и социјална политика,<br>- Министерство за образование и наука,<br>- Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство;<br>- Центар за развој на источен плански регион;<br>- Центар за развој на североисточен плански регион;<br>- Општина Кочани, Крива Паланка, Кратово, Македонска Каменица, Пробиштип и Чешиново-Облешево;<br>- Центар за управување со кризи<br>- Дирекција за заштита и спасување<br>- ЈП за управување со пасишта;<br>- ЕВН Македонија;<br>- Електрани на Македонија;<br>- Шумско стопанство Кочани, Делчево, Кратово и Крива Паланка;<br>- ЈП Национални шуми, подружница: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | “Осогово”-Кр.Паланка, “Осогово”-Кочани и “Кратово”-Кратово;<br>- ЈП Хидросистем Злетовица;<br>- ХЕЦ Калиманци-ЕВН Електрани;<br>- АД “Водостопанство на РСМ“, Подружница Брегалница Кочани;<br>- Малихидроелектрани постоечки и планирани;<br>- Мобилни оператори;<br>- Сместувачки капацитети;<br>- Ловните друштва;<br>- Невладини Организации од вклучените општини;<br>- Комунални препријатија од вклучените општини;<br>- Центар за јавно здравје Кочани, Крива Паланка, Кратово;<br>- Противпожарни единици од вклучените општини;<br>- Јавно претпријатие за државни патишта и др. |
| **Биолошка разновидност, природно наследство и предел** | Заштита и унапредување на биолошката разновидност и пределот | - Следење на користењето на земјиштето во согласност со намените на Планот;<br>- Следење на процесот на заштита на значајни видови и живеалишта;<br>- Следење на искористувањето на природните ресурси;<br>- Мониторинг на живеалиштата и популациите на идентификуваните видови од флора и фауна, односно загуба на живеалишта, смртност и миграција;<br>- Следење на начинот на управување | - Трендови на усогласеност на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ во однос на планските и стратешки документи од повисок ранг за заштита на биолошката разновидност и природното наследство;<br>- Трендови во заштитата на загрозени и значајни видови и живеалишта;<br>- Трендови во управувањето со водите, почвите, шумите, земјоделството и сл.,<br>- % на намалена пренамена на земјоделско земјиште, земјиште под шуми и пасишта во градежно земјиште | - Влада на Република Македонија,<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,<br>- Министерство за економија,<br>- Министерство за локална самоуправа,<br>- Министерство за образование и наука,<br>- Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | со води, отпадни води, отпад и другите емисии во животната средина;<br>- Следење на практиките за управување во шумарството, земјоделството и сточарството;<br>- Следење на примената на мерките за намалување ризиците. | - Број на изградени објекти и инфраструктура;<br>- Стапка на загубени/загрозени и зачувани копнени и водени живеалишта и видови во однос на постојната состојба;<br>- Трендови на површини покриени со шуми;<br>- Трендови во земјоделството и сточарството;<br>- Број на евидентирани ризици и несреќи. | - Центар за развој на источен плански регион;<br>- Центар за развој на североисточен плански регион;<br>- Општина Кочани, Крива Паланка, Кратово, Македонска Каменица, Пробиштип и Чешиново-Облешево;<br>- Центар за управување со кризи<br>- Дирекција за заштита и спасување<br>- ЈП за управување со пасишта;<br>- Шумско стопанство Кочани, Делчево, Кратово и Крива Паланка;<br>- ЈП Национални шуми, подружница: “Осогово”-Кр.Паланка, “Осогово”-Кочани и “Кратово”-Кратово;<br>- ЈП Хидросистем Злетовица;<br>- ХЕЦ Калиманци-ЕВН Електрани;<br>- АД “Водостопанство на РСМ“, Подружница Брегалница Кочани;<br>- Малихидроелектрани постоечки и планирани;<br>- Ловните друштва;<br>- Концесионери во границите на подрачјето;<br>- Закупувачи/Корисници на пасишта;<br>- Произведувачи и преработувачи и откупни центри;<br>- Невладини Организации од вклучените општини;<br>- Локални собирачи; |
| **Води и почва** | Заштита и унапредување на состојбата | - Следење на водоснабдувањето, воспоставување заштитни зони на извориштата и управување со | - Број на изградени системи за водоснабдување и третман на отпадни води, | - Влада на Република Македонија,<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | со водите и почвата | отпадните води;<br>- Следење на квантитативните и квалитативните карактеристики на водите во Заштитениот предел „Осоговски Планини“;<br>- Следење на примената на мерки за заштита на водите, заштита на почвите од ерозија, порои, деградација и загадување;<br>- Контрола на начинот на управување со отпад;<br>- Следење на здравствената состојба на населението. | - Подобрен еколошки статус на водите во Заштитениот предел „Осоговски Планини“;<br>- Трендови во искористување на земјоделските површини и шуми;<br>- Трендови во начинот на управување со отпад;<br>- Стапка на болести и смртност кај населението. | - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,<br>- Министерство за економија,<br>- Министерство за транспорт и врски,<br>- Министерство за локална самоуправа,<br>- Центар за развој на источен плански регион;<br>- Центар за развој на североисточен плански регион;<br>- Општина Кочани, Крива Паланка, Кратово, Македонска Каменица, Пробиштип и Чешиново-Облешево;<br>- ЈП за управување со пасишта;<br>- Шумско стопанство Кочани, Делчево, Кратово и Крива Паланка;<br>- ЈП Национални шуми, подружница: “Осогово”-Кр.Паланка, “Осогово”-Кочани и “Кратово”-Кратово;<br>- ЈП Хидросистем Злетовица;<br>- ХЕЦ Калиманци-ЕВН Електрани;<br>- АД “Водостопанство на РСМ“, Подружница Брегалница Кочани;<br>- Малихидроелектрани постоечки и планирани;<br>- Концесионери во границите на подрачјето;<br>- Невладини Организации од вклучените општини;<br>- Месни заедвнички во границите на подрачјето; |
| **Воздух и климатски** | Подобрување на квалитетот на воздухот и | - Следење на начинот на користење на земјиштето; | - Тренд на емисии во амбиентниот воздух;<br>- Тренд на производство и користење на | - Влада на Република Македонија,<br>- Министерство за животна средина и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **промени** | намалување на емисиите на стакленички гасови | - Следење на практиките за управување во шумарството и земјоделството;<br>- Следење на начинот на управување со отпад;<br>- Следење на примената на алтернативни извори на енергија (обновливи извори) во домаќинствата и во стопанските субјекти | енергија од обновливи извори.<br>- Применеи мерки за управување со отпадот;<br>- Трендови на применети добри пракси во производните активности, во земјоделството, шумарството и управување со отпадни води и отпад;<br>- Површини на отстранета шумска вегетација. | просторно планирање,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,<br>- Министерство за здравство,<br>- Центар за развој на источен плански регион;<br>- Центар за развој на североисточен плански регион;<br>- Општина Кочани, Крива Паланка, Кратово, Македонска Каменица, Пробиштип и Чешиново-Облешево;<br>- Шумско стопанство Кочани, Делчево, Кратово и Крива Паланка;<br>- ЈП Национални шуми, подружница: “Осогово”-Кр.Паланка, “Осогово”-Кочани и “Кратово”-Кратово;<br>- Концесионери во границите на подрачјето;<br>- Закупувачи/Корисници на пасишта;<br>- Невладини Организации од вклучените општини; |
| **Материјални добра** | Заштита на материјалните добра | - Следење на изградбата и функционирањето на објектите и инфраструктурата;<br>- Контрола на начинот за водоснабдување, управување со отпадни води, отпад, снабдување со електрична енергија, сообраќајна поврзаност, покриеноста со енергетска, дистрибутивна и комуникациска мрежа и сл. | - Број на изградени системи за водоснабдување и третман на отпадни води и отпад;<br>- Стапка на изградена транспортна, енергетска, електродистрибутивна, комуникациска инфраструктура.<br>- Трендови во управувањето со отпад. | - Влада на Република Македонија,<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање,<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,<br>- Министерство за економија,<br>- Министерство за транспорт и врски,<br>- Министерство за локална самоуправа,<br>- Центар за развој на источен плански регион;<br>- Центар за развој на североисточен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | плански регион;<br>- Општина Кочани, Крива Паланка, Кратово, Македонска Каменица, Пробиштип и Чешиново-Облешево;<br>- Центар за управување со кризи<br>- Дирекција за заштита и спасување<br>- Шумско стопанство Кочани, Делчево, Кратово и Крива Паланка;<br>- ЈП Национални шуми, подружница: "Осогово"-Кр.Паланка, "Осогово"-Кочани и "Кратово"-Кратово;<br>- ЈП Хидросистем Злетовица;<br>- ХЕЦ Калиманци-ЕВН Електрани;<br>- Сместувачки капацитети: одморалишта, хотели, приватни викенд-куќи и објекти за сместување и др.;<br>- Комунални прептријатија од вклучените општини;<br>- Месни заеднички во границите на подрачјето;<br>- Шумска полиција - од вклучените општини;<br>- Гранична полиција – од вклучените општини;<br>- Јавно претпријатие за државни патишта и др. |
| **Културно наследство** | Заштита и унапредување на културното наследство | - Следење на применетите мерки за заштита на културното наследство. | - Тренд за заштита на културно наследство;<br>- Број на објекти евидентирани како културно наследство;<br>- Тренд на зачуваност на културното наследство во Заштитениот предел и надвор од него. | - Влада на Република Македонија,<br>- Министерство за локална самоуправа,<br>- Министерство за образование и наука,<br>- Министерство за култура - Управа за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | заштита на културно наследство;<br>- Центар за развој на источен плански регион;<br>- Центар за развој на североисточен плански регион;<br>- Општина Кочани, Крива Паланка, Кратово, Македонска Каменица, Пробиштип и Чешиново-Облешево;<br>- Сместувачки капацитети: одморалишта, хотели, приватни викенд-куќи и објекти за сместување и др.;<br>- Концесионери во границите на подрачјето;<br>- Невладини Организации од вклучените општини; |

# 11. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 11.1. Заклучоци и согледувања

- Заштитениот предел „Осоговски Планини“ се наоѓа во североисточниот дел на Република С. Македонија, во рамките на Осоговските Планини.
- Заштитениот предел „Осоговски Планини“ е новопрогласено заштитено подрачје, зафаќа површина од 48.807,16 ha (488,07 $km^2$).
- Подрачјето е прогласено за заштитено со Одлука на Владата на Република Северна Македонија во ноември 2020 година (Сл. Весник на РСМ, бр. 277/20)
- Со заштитениот предел „Осоговски Планини“ управува Јавното претпријатие „Национални Шуми“;
- Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ 2021 - 2031, е прв План за управување со ова Заштитено подрачје;
- Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ предвидува ефикасна организација и користење на просторот, одрживо искористување на ресурсите и зачувување, заштита и унапредување на животната средина и животот на луѓето, со цел да обезбеди одржлив развој во Заштитениот предел, а истовремено и заштита на животната средина.
- Водите на Осоговските Планини се под силен антропоген притисок од инфраструктурни зафати (создавање брани, изградба на МХЕ, загадување со отпадни води-Пониква или органско загадување и сл.) Планот за управување треба да обезбеди одржливо користење на водните ресурси и подобрување на состојбата со истите.
- Во Планот се дадени насоки, одредби и мерки за одржив развој на Заштитениот предел во планскиот период до 2031 година, кои треба да бидат земени предвид при изработка на документација од понизок ранг за користење на просторот и земјиштето.
- Планот за управување со Заштитениот Предел Осоговски Планини во своите идни активности не предвидува активности за следење на состојбата со шумските заедници, особено на здравствената состојба на истите.
- Планот не предвидува мерки за адаптација на шумите кон климатските промени, како и соодветни одгледувачки мерки;
- Планот предвидува активности преку кои ќе се постигне демографски развој, односно отворање на нови работни места, намалување на миграцијата, намалување на социјалните разлики, подобрување на квалитетот на живот и сл.
- Планот предвидува активности кои ќе допринесат за збогатување на туристичка понуда како и гредење на бренд кој може да биде препоснаен и да привлече поголем број на домашни и странски туристички посетители.
- Во Планот се предвидени директни и мерки и активности за подобрување на состојбата на геолошката и биолошката разновидност, поточно на природното наследство, како и индиректни активности и мерки за подобрување на медиумите и областите од животната средина кои ќе придонесат намалување на притисоците врз биолошката разновидност и постигнување заштита и унапредување на истите.
- Во Планот се предвидуваат активности кои се однесуваат заштита и управување, мониторинг и промоција на богатото културно наследство, преку негова валоризација, мапирање, идентификацијана најзначајни локалитети за конзервација, програма и систем за постојан мониторинг, изработка на печатени и електронски промотивни материјали и слично
- Во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ се предвидуваат мерки за воспоставување мониторинг со кој ќе се следи состојбата на

медиумите од животната средина, ќе се обезбедат податоци и нивна достапност, што ќе помогне во идните процеси на планирање и користење на просторот.

- Во процесот на изработка на План за управување со ЗПр „Осоговски Планини“ анализирани се ловостопанските основи и предложени се препораки за нивно ревидирање согласно дозволените мерки и активности во различните зони во заштитеното подрачје.

## 11.2. Препораки

- Имплементација на Активностите предвидени во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“;
- Активностите во Планот, кои опфаќаат изградба на нови објекти, да се одвиваат на локации кои се во границите на зоната за одржливо користење;
- За секоја од предвидените активности, кои опфаќаат изградба на нов објект, да се применуваат законските одредби за оцена на влијанието врз животната средина, пропишни во Законот за животна средина и подзаконските акти, како и одредбите од Законот за заштита на природата.
- При реализацијата на предвидените активности кои опфаќаат изградба на нови или реконструкција на постоечките инфраструктурни објекти, потребно е да се води сметка да не бидат засегнати растителни видови-дрвја, особено стари, кои се наоѓаат во близина на локациите каде се предвидени овие активности
- Вклучување на што е можно поглем број на локално население во активностите предвидени во програмата за одржливо користење на природните ресурси, во програмата за одржлив туризам и рекреација и програмат за локален развој.
- Активностите за реинтродукција на ловен дивеч да се спроведуваат во согласност со националното законодавство, анализа на потребите и капацитетот на просторот .
- На локациите на кои е предвидена реализацијата на планските активности да се овозможи соодветно и постојано управување со генерираниот отпад од посетителите.
- Изборот на локации за поставување на мали кампови, авантуристички парк, нова инфраструктура и слично, да се темели на детални испитувања и анализи, со цел да се избегнат локации кои се идентификувани како чувствителни од аспект на присуство на богата биолошка разновидност, заштитени видови, заштитни зони околу извори на вода, материјални добра и сл.;
- Со цел правилен третман на генерираниот отпад, ЈУНШ, во прво време во соработка со локалните комунални претпријатија, а во иднина и со регионалните, да воспостави соодветен систем за собирање и транспорт на генерираниот отпад во границите на Заштитеното подрачје, а посебен акцент да се стави на локациите на кои е прдвидена посета на голем број посетители.
- Воспоставување фективна институционална и организациона поставеност за спроведување на предвидениот мониторинг на медиумите и областите од животната средина во Заштитениот предел, управување со податоците, известување и инспекциски надзор;
- Активно вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за идниот просторен и урбан развој на Заштитениот предел и околното опкружување.
- За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се предвидат и обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во центрите предвидени за таа намена.

- Подобрување на човечките капацитети во однос на добивање и користење на финансиски средства преку расположливите програми на Европска Унија и други билатерални донатори.

# 12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

## 12.1. Вовед

Заштитениот предел - Осоговски Планини се наоѓа во североисточниот дел на Република С. Македонија, во рамките на Осоговските Планини. Вкупната површина на Планината изнесува 1.793,3 km$^2$, од кои 3/4 ѝ припаѓаат на Република Северна Македонија.

Заштитениот предел „Осоговски Планини“ е новопрогласено заштитено подрачје, зафаќа површина од 48.807,16 ha. Прогласено е со Одлука на Владата на Република Северна Македонија во ноември 2020 година (Сл. Весник на РСМ, бр. 277/20). Согласно член 11 од истата Одлука, Јавното претпијатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ со потполна одговорност – Скопје (ЈПНШ) е назначено за управувач со ова заштитено подрачје, со тоа ги презема и обврските за управувањето и изработка на планот за управување.

Изработката на План за управување со Заштитен предел - Осоговски Планини“ (ПУЗПОП) се наметнува како потреба пропишана во Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 18/19). Заштитените подрачја, кои влегуваат во категоријата Заштитен предел, се прогласуваат за заштитени со закон, односно подрачја кои припаѓаат на категорија V на заштитени подрачја. Со прогласувањето на заштитеното подрачје, односно природната реткост, истото стекнува статус на природно наследство.

Правниот основ за изготвување и донесување на планови за управување со заштитените подрачја произлегува од став 1, член 98 од Законот за заштита на природата, во соглласност со кој, субјектите надлежни за вршењето на активностите на управување и заштита на заштитените подрачја, донесуваат планови за управување и годишни програми за заштита на природата. Согласно став 4 од членот 98 од истиот Закон, плановите за управување со заштитените подрачја ги донесува субјектот задолжен за вршењето на работите на управување и заштита, во согласност со актот за прогласување, по претходно прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

Содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата, согласно член 98 став 2 од Законот за заштита на природата, ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата. За таа цел, во 2005 година од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање беше изготвен Правилник за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата, со одредени измени и дополнувања во текот на 2010 и 2012 година ("Сл. весник на Република Македонија"бр. 126/10 и 26/12).

За категоријата Заштитен предел, во согласност со член 85 од Законот за заштита на природата, за управување со заштитениот предел, субјектот кој согласно со актот за прогласување е задолжен за вршење на работите на управувањето изработува план за управување со заштитениот предел.

Плановите за управување со заштитените подрачја треба да бидат усогласени со целите, мерките и активностите за заштита и управување со заштитените подрачја, утврдени со Законот за заштита на природата, актот за прогласување на заштитеното подрачје, меѓународните стандарди и меѓународните договори ратификувани од Република Македонија, како и просторно планската документација.

Во согласност со Законот за заштита на природата Плановите за управување со заштитените подрачја се донесуваат за период од десет години, а најдоцна во рок од две години од денот на прогласувањето на заштитено подрачје. Исто така, субјектите кои се задолжени за вршење на работите на управувањето со заштитените подрачја, вршат оцена на резултатите постигнати со примената на планот за управување по истекот на петтата година од спроведувањето на планот за управување со заштитеното подрачје и по потреба вршат ревизија на ист начин како што е донесен планот.

Во постапката за донесување на плановите за управување со заштитените подрачја, органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата и субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје, се должни да организираат јавна расправа. Мислењата, предлозите и препораките изнесени на јавната расправа, се земаат предвид при изготвувањето на Планот за управување со заштитеното подрачје.

Врз основа на горенаведеното, а пред се тргнувајќи од обврските од членот 98 од Законот за заштита на природата, ЈП „Национални шуми“ спроведе активности за изготвување на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ преставува алатка за управување со заштитеното добро е одраз на реалната состојба на природните вредности врз основа на целокупно извршената проценка на природните вредности, заканите со кои се соочува подрачјето, националното и меѓународното значење на подрачјето, социо-економските вредности, препораки за управување со заштитеното подрачје, а особено една од најклучните компоненти преставува предлог зонирањето.

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

## 12.2. Вовед во стратегиската оцена на животната средина (СОЖС)

Стратегиската оцена на животната средина е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми. Тоа е алатка која ќе го подобри севкупниот квалитет на планирањето и програмирањето на идните активности, овозможувајќи подобро разбирање на планирањето и подобри перспективи за одржливиот развој. Компонентите на СОЖС, односно нејзините цели се различни, но во оваа декада се препорачува и очекува дека климатските промени и биолошката разновидност се две силни компоненти кои треба да имаат предност при просторното планирање во Република Македонија.

### 12.2.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина

*Главни цели на СОЖС се:*

- Да обезбеди механизам за идентификација, опис, евалуација и известување за влијанијата/ефектите на планскиот документ врз животната средина;
- Одговорните органи (донесувачите на планскиот документ) да подготват извештај за можните значајни влијанија на планскиот документ врз животната средина и анализа на реални алтернативи;
- Да се спречат, намалат и неутрализираат негативните влијанија врз животната средина. Зголемувањето на позитивните влијанија може, исто така, да биде придобивка од СОЖС процесот;

- Да се обезбедат пообемни консултации и ангажирање на заинтересираните страни, други одговорни тела, органи на власта и јавноста уште во раната и ефективна фаза на подготовка на планскиот документ;
- Да се обезбеди мислење од јавноста (извештаи од консултации со јавноста) со која ќе се прикаже како резултатите од оцената на животната средина и мислењата, презентирани за време на постапката за СОЖС, се земени предвид во конечната верзија на планскиот документ;
- Да обезбеди следење на значајните влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ од страна на надлежните органи, обезбедувајќи на тој начин идентификација на непредвидените негативни влијанија во рана фаза на имплементација на планскиот документ и преземање мерки за подобрување на состојбата, кога тоа е потребно.

### 12.2.2. Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во ***поглавје X од Законот за животната средина*** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/07);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/11).

### 12.2.3. Интегрирање на постапките за подготовка на планскиот документ и СОЖС

СОЖС постапката се спроведува паралелно со постапката за подготовка на План за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“. Интегрирањето на двата процеси се постигна преку блиска соработка на проектните тимови (СОЖС и План за управување со З.П. „Осоговски Планини“) и клучните учесници, преку преглед на литература, состаноци и сл.

### 12.2.4. Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста

Во согласност со барањата, дефинирани со Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми кои се однесуваат на животната средина, постапката за СОЖС започнува со подготовка на Формулари и Одлука за спроведување на СОЖС, постапка во која се вклучуваат засегнатите органи.

Во фазата на определување на потребата за спроведување СОЖС, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) ги идентификуваше органите засегнати од имплементација на План за управување со З.П. „Осоговски Планини“.

Соодветно, Нацрт Извештајот за СОЖС ќе биде достапен за увид на јавноста на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, како и на веб страната на Јавното претпријатие „Национални шуми“, во период од 30 календарски дена.

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување одлуки во однос на План за управување со З.П. „Осоговски Планини“, ќе се одржи јавна расправа по нацрт План за управување со З.П. „Осоговски Планини“ и нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина.

Од одржаната јавна расправа ќе биде подготвен записник, кој ќе биде приложен во Финалниот СОЖС Извештај и во Извештајот од консултации со јавноста, кој се изработува во согласност со член 69, став 5 од Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина.

## 12.3. Резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи

### 12.3.1. Краток преглед на содржината на Планот

Осоговските Планини се наоѓаат во североисточниот дел на Република Северна Македонија, а со мал дел продолжуваат и во соседна Република Бугарија. Вкупната површина на планинскиот масив изнесува 1.793,3 km$^2$, од кои 3/4 ѝ припаѓаат на Република Северна Македонија. Осогово се смета за висока планина според балканските услови, бидејќи нејзиниот највисок врв – Руен, има надморска височина од 2.252 m, а покрај него планината има уште девет врва повисоки од 2.000 m, од кои пет се наоѓаат во Република Северна Македонија.

Детален опис на границата на ЗПр „Осоговски Планини“ е даден во „Одлуката за прогласување на дел од Одоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V - заштитен предел“.Со вака утврдената граница, вкупната површина на ЗП - Осоговски Планини изнесува 48807.16 ha. Според истата Одлука, со Заштитениот предел - Осоговски Планини, управува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ со потполна одговорност – Скопје. Сите активности кои во границите на ЗП - Осоговски Планини ги вршат други субјекти (физички и правни лица), а може на било кој начин да влијаат врз заштитата на природата, биолошката разновидност и природното наследство, треба да бидат претходно најавени, контролирани и одобрени од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“, кој управува со територијата под заштита, врз основа на План за управување.

Анализираниот План за управување со Заштитениот предел - Осоговски Планини е прв план за управување, а истиот е со важност од 10 години.

Планот за управување со Заштитениот предел - Осоговски Планини е изработен во согласност со Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачје и годишните програми за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/12), а во него се опфатени следниве содржини:

Вовед;

I. Опис на подрачјето;
II. Стратегија за управување;
III. Оперативен план;
IV. Управување и раководење;
V. Анекси

### 12.3.2. Концепт на просторниот развој

Визијата за Заштитениот предел „Осоговски Планини“ е дефинирана врз основа на вредностите на подрачјето и аспирациите (желбите/стремежите) на локалното население и различни засегнати страни со или од Осогово. Како основа е земена визијата на локалното населние за Осогово и истата е надградена со видувањата на засегнатите страни и управувачот.

Во согласност со погоре напишаното е утврдена предлог ***визијата*** на Заштитениот предел „Осоговски Планини“, која гласи:

*„Осогово е подрачје со зачувани пределски карактеристики, богата биолошка разновидност, со одржана хармонична поврзаност меѓу луѓето и природата, пристојно место за живеење со сочувани природни и културни вредности и традиции, со можности за научни истраживања и едукација, препознатлива туристичка дестинација, и поддржува одржлив развој на регионот со вклучување на локалните заедници и во баланс со природата“*

Визијата се стреми кон обезбедување заштита и зачувување на природното наследство преку соодветно управување со природните вредности, почитувајќи го притоа воспоставениот режим на заштита (зонирање) на заштитеното подрачје. Истовремено, визијата се базира и на овозможување услови за развој на одржлив туризам, во функција на локален економски развој и едукација.

Согласно Визијата на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ и Одлуката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитен предел и имајќи ги предвид препораките од IUCN, предложени се следните основни цели за заштита и управување со предлог подрачјето ЗП Осоговски Планини:

1. *Карактеристичниот осоговски предел е зачуван преку одржување на хармонична интеракција меѓу природата и културата и продолжувањето на традиционалниот начин за користење на земјиштето.*
2. *Вредностите на природата (биолошката, геоморфолошката, агробиолошката и пределната разновидност) на Осогово од национална и европска важност се заштитени. Вредностите и функциите на природните и полуприродните екосистеми се зачувани, тие се репрезентативно претставени, мозаично поврзани и претставуваат функционални јадрови подрачја и коридори за присуство и движење на дивите видови на Балканот;*
3. *Културните вредности и традиции се сочувани за идните генерации и се достапни и атрактивни за посетителите и туроператорите;*
4. *Осогово ќе претставува модел на отворена училница во која се спроведува еколошка едукација, едукација за одржлив развој и научните истражувања за вредностите на поддрачјето преку комуникација со засегнатите страни и локалните заедници;*
5. *Осогово е препознатлива туристичка дестинација со воспоставени едукативни и туристички посети до одржливи граници;*
6. *Управувањето со природните ресурси е оддржливо и се спроведува со примена на интегриран пристап во соработка со сите засегнати страни. Наплатата за екосистемските услуги е регулирана и контролирана и претставува основа за поддршка и социјален развој на локалните заедници во и околу Осогово.*

7. *Телото за управување е воспоставено со соодветен кадар кој ќе овозможи успешно управување со вредностите на подрачјето и исполнување на визијата за заштитениот предел.*

Во согласност со одредбите од Законот за заштита на природата, како и Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштитата на природата (Сл. Весник на РМ бр. 26/2012), а се со цел да се овозможи непречено одвивање на природните процеси и функции, да се зачуваат и одржат ендемските и автохтоните видови, како и да се ублажат или елиминираат идентификуваните закани, а при тоа да се овозможи одржливо користење на екосостемските услуги и да се елеиминираат евидентирание закани, идентификувани се осум програми за управување со Заштитениот Предел. Активностите предвидени во програмите за управување се усогласени со Визијата на подрчјето, како и со Целите за заштита на истото. Идентификуваните програми за управивање се следните:

- Програма 1 – Зачувување  на природното;
- Програма 2 - Одржливо користење на природните ресурси во подрачјето;
- Програма 3 - Управување со шумски живеалишта и екосистеми;
- Програма 4 - Управување со културното наследство;
- Програма 5 - Развој на одржлив туризам и рекреација;
- Програма 6-Локален развој (со акцент на одржување на традиционалните стопански дејности)
- Програма 7 - Информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација
- Програма 8 - Раководење, управување, финансирање и админстрација

### 12.3.3. Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи

Природните вредности на Осоговските Планини се препознаени во повеќе национални, регионални и локални стратешки документи за зачувување на природата, а исто така подрачјето е вклучено во различни меѓународни иницијативи.

Структурираното планирање на заштитата на природните вредности и реткости за Источна Македонија датира од 1981 година, кога е изработен Просторниот план на регионот Источна Македонија. Осоговските Планини како природна целина која поседува природни вредности се препознаени за прв пат во Секторската студија за заштита на природни реткости изработена за потребите на овој План (Институт за просторно планирање - Охрид 1978), во која подрачјето е валоризирано како „природен комплекс од поширoко значење“. Делови од овој планински масив биле препознаени како природна реткост т.е. „предели со посебни природни карактеристики“ (Царев Врв, горен тек на Злетовска Река и Пониква) или „карактеристични пејсажи“ (Предели на манастир Лесново и Езеро Градче) и „споменици на природата (СП)“ (Даб благун – с. Бели и насад од смрча кај с. Лесново).

Во „Просторниот план на Република Македонија“ (донесен 2004 година, со важност до 2020 година), неколку локалитети на Осоговските Планини се евидентирани за заштита. Во секторската студија „Заштита на природното наследство“ (1999 година) наведени се следните предложени подрачја за заштита: Злетовска Река и Црвена Река како научно истражувачки природни резервати.

МЖСПП во септември 2009 година покрена иницијатива за прогласување на подрачјето Раткова Скала во категоријата Споменик на природата (11500 ha). Донесена е одлука за прифатливоста на предлогот за прогласување на интегралната целина Раткова Скала на Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата Споменик на природата (Службен Весник на РМ бр. 138/2009).

Во рамки на Репрезентативната национална мрежа на заштитени подрачја (МЖСПП, 2011) е предложено ново подрачје за заштита наречено „Осоговски Планини“ со површина од 77226

ha. Ова подрачје во себе ги вклучува следните четири предложени или заштитени подрачја од Просторниот план на РМ: СП „Даб“ во с. Бели (Кочани), СП „Црна дудинка“- Лесновски Манастир, Научно-истражувачки природен резерват„Злетовска Река“ и Научно-истражувачки природен резерват „Црвена Река“.

Во Националната стратегија за заштита на природата (МЖСПП, 2018) високите врвови на Осоговските Планини (Руен и Царев Врв со глацио-периглацијални форми), Ратковa Скала (тектонско-флувијално формиран отсек од кварцити со кварцитен релјеф кај Злетово) и тресетиштата кај Слана Бара под Царев Врв, се издвоени како локалитети на значајно геонаследство од сферата на геоморфологија кои треба да се земат предвид при прогласување на заштитено подрачје и при изработката на новиот Просторен План на Република Северна Македонија. Исто така, во оваа Стратегија, посочени се и Станечки Водопад (постојан ерозивен водопад на Козја Река), слапот на Бабакарина Река, вулканските бомби и пирамиди во Горно Кратово и Кундинско Езеро кои не влегуваат во предлог ЗП „Осоговски Планини“ но треба да бидат заштитени како изолирани области.

Преку повеќегодишни истражувања поврзани со природните вредности, социоекономските аспекти и потребите за развој на подрачјето во соработка со МЖСПП, локалните самоуправи и другите чинители од регионот, во 2012 година, беше изработена „Студија за валоризација со предлог за формирање на заштитен предел на Осоговските Планини“ и доставена до МЖСПП. По овој предлог не беше донесена конкретна одлука за прогласување на подрачјето. Во секој случај, државата и голем дел од клучните страни, врз основа на собраните податоци стануваат свесни и добро запознаени со природните вредности на подрачјето, како и можностите за развој на Осоговијата во склоп на заштитено подрачје.

Во рамки на првата фаза од „Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија“ при реализација на активноста „Анализа на недостатоци во еколошките податоци и изработка на карта на еколошка сензитивност за подрачјето на сливот на река Брегалница“, беше изработен Извештај за состојбата со заштитените подрачја во сливот на река Брегалница. Во него е претставена состојбата со постојните заштитени подрачја, направена е анализа и дополнителни истражувања за предложените подрачја за заштита според различни плански и стратешки документи, како и меѓународно значајните подрачја за растенија, птици и пеперутки и Емералд подрачјата. Врз основа на сите наведени податоци беше подготвен предлог со подрачја за заштита во Брегалничкиот слив за кои би требало да обезбеди заштита на најзначајните живеалишта и видови.

Овој извештај беше користен од страна на Агенцијата за планирање на просторот (АПП) при изработката на Просторниот план за Источниот плански регон како основа за организирање на заштитата на природата во Брегалничкиот слив и преземање чекори за прогласување на поединечни подрачја за заштитени

Во табелите подолу даден е приказ на корелацијата (усогласеност/неусогласеност) на целите за развој и целите за заштита на животната средина во постојните национални, регионални и локални стратешки и плански документи, со целите и активностите од Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

**Под усогласеност на целите** се подразбира дека имплементацијата на целите и активностите, предвидени во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“, ќе придонесат за постигнување на целите на веќе донесените стратешки и плански документи.

**Под неусогласеност на целите** се подразбира дека имплементацијата на дел од целите и активностите дефинирани во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“, заради нивната природа и трендови за развој, не може во целост да се усогласат на ниво на стратешки документ, туку тоа ќе се постигне на пониско ниво на програма или активност, во процесот на имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ или пак на проектно ниво. Исто така, неусогласеност може да се

дефинирана за цели и активности, доколку истите не се земени предвид во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

## 12.4. Релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина

Во ова поглавје во Извештајот е даден приказ на релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина на регионално ниво, како и состојбите во Заштитениот предел „Осоговски Планини“, од аспект на демографска состојба, економски развој, туризам, здравје на население, климатски карактеристики и квалитет на воздухот, состојба со климатските промени, состојба со бучавата, водите (хидрологија, квалитет на водите), почвата и состојбите со почвата, шуми и шумско земјиште, биолошка разновидност, природно наследство, пределската разновидност, културното наследство, состојба со материјалните добра (управување со отпад, водоснабдување, управување со отпадни води, снабдување со енергија), загрозеност од природни непогоди.

## 12.5. Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот

Во ова поглавје во Извештајот е даден приказ на состојбите, трендовите и заканите врз населението и здравјето на населението, воздухот, климатските промени, води, почви, биолошката разновидност и природно наследство, културно наследство, пределот, материјалните добра, како и состојба без имплементација на Планот.

Врз основа на анализите на состојбите, трендовите и заканите, поврзани со користењето и уредувањето на просторот, медиумите од животната средина, како и социоекономскиот развој во Регионот, без имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ ќе останат на сегашно ниво, како резултат на:

- Отсуство на намена на просторот во согласност со воспоставените зони на заштита;
- Неисполнување на барањата на национално ниво и барањата на ЕУ за заштита на природните вредности и реткости, како и биолошката разновидност;
- Неусогласеност на националните, регионалните и локалните интереси за економски и стопански развој со целите на развој на заштитеното подрачје;
- Неусогласеност на планските и секторските документи донесени во Република Македонија во однос на користење на просторот, заштита на животната средина и социо-економски развој;
- Неусогласен развој на инфраструктурата во согласност со намената на земјиштето во Заштитениот предел и зоните на заштита;
- Недефинирани мерки и активности за планирање на просторот, користење на ресурсите, заштита на животната средина, природното наследство и социо-економски развој;
- Недефинирани надлежности и одговорности за имплементација на мерките и активностите;
- Значајните видови и живеалишта би биле под силен антропоген притисок;
- Неможност за искористување на туристичките можности кои ги нуди подрачјето.

## 12.6. Области кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите

На Осоговските Планини можат да се издвојат поголем број на локалитети кои се интересни, специфични и уникатни по своите геолошко-геоморфолошки карактеристики. Дел од нив влегуваат во ЗПр „Осоговски Пламнини“, од кои позначајни се:

**Царев Врв:** Локалитетот Царев Врв го зафаќа високопланинскиот простор околу овој маркантен врв (2085 m), со највисоките делови од Калинкаменското Било на север,

Костадинечкото Било на запад, Китка билото на југоисток и Соколското Било на исток. Исто така, во рамките на локалитетот се највисоките делови од амфитеатралната изворишна челенка на Крива (Козја) Река. Во таков опфат, истиот зафаќа површина од околу 7 $km^2$, од кои 1,2 $km^2$ се над 2000 m н.в. до највисоката точка Царев Врв или Султантепе.

**Клисура на Злетовска Река:** Локалитетот Клисура на Злетовска Река се наоѓа во западниот дел на Осоговскиот Масив. Просторно го зафаќа делот од долината на Злетовска Река, помеѓу вливот на нејзините леви притоки: Емиричка Река на север и Ештерец на југ, во должина од 10 km. Овде, најмаркантна е самата долина на Злетовска Река, која поради всекувањето низ отпорни магматски (дацито-андезитски и игнимбритски) карпи, е доста длабока (400-500 m), со стрмни, на одредени места речиси вертикални карпести страни. Тоа е особено карактеристично спротиводно од влевот на Јамишка Река, во должина од околу 6 km. На долинските страни се формирани бројни сипари, настанати со механичко распаѓање на вулканските карпи.

**Раткова Скала:** Овој локалитет се наоѓа во југозападниот дел на Осоговскиот Масив, помеѓу с. Ратковица и месноста Синковица. Просторно ја опфаќа долината на Шталковичка Река во нејзиниот горен тек над с.Шталковица, на површина од околу 2.4 $km^2$. Овде, како последица на локалната појава на мошне цврсти кварцити, реката Шталковица се всекла речиси вертикално, па нејзината долина во должина од околу 1,5 km има изглед на кањон, со страни длабоки и до 400 m.

**Лесновска купа:** Локалитетот Лесновска Купа се наоѓа во западниот дел на Осоговскиот Масив, помеѓу Пробиштип и с. Злетово. Тоа е една од најдобро сочуваните палеовулкански купи во кратовско - злетовската област и воопшто во Република Македонија (Марковиђ, 1971), зафаќајќи површина од 12 $km^2$ и пречник од 4 km. Купата има стрмни страни и над околниот релјеф се издига за 400 m. Таа морфолошки особено јасно е изразена од јужната и југозападната страна. Од источната страна, е пресечена со долината на Злетовска Река, а од западната со долината на Добревска Река. Врвот на Лесновската Купа претставува впечатлива, добро сочувана калдера (еродиран кратер), со пречник од 1,5 km и длабочина во средишниот дел од 150-200 m. Околу центарот на калдерата, прстенесто се распоредени 7-8 купести возвишенија т.е. вулкански некови (чуки).

Осоговските Планини поседуваат значајни вредности од аспект на биолошката разновидност. Идентификувани се голем број на меѓународно значајни видови од флората и фауната кои имаат конзервациско значење (се среќаваат околу 185 видови, според расположливите податоци). Особено би ги издвоиле видовите со „европско значење“ т.е. видови кои се наведени во листите на Директивите за птици и живеалишта каде се наоѓаат: четири дневни пеперутки, три вилински коњчиња, еден скакулец, четири сапроксилни тврдокрилци, еден вид речен рак, пет водоземци, 16 влекачи, 31 вид птици и 18 видови цицачи или вкупно 83 видови. Голем дел од нив ќе послужат за идентификување и воспоставување на Натура 2000 подрачје/а на Осоговските Планини кои се предуслов за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија. Во рамките на истражуваните групи, околу 130 видови се сметаат за ендемични од кои нешто над 10 видови се „осоговски ендемити“ т.е. видови кои единствено живеат на Осоговските Планини.

Регистрирани се 28 природни и полуприродни живеалишта според EUNIS системот на класификација за живеалишта, 19 од нив се значајни за зачувување според Директивата за живеалишта за кои е потребно прогласување Натура 2000 подрачје.

Регистрирани се над 1000 видови и подвидови на растенија од кои 2 се осоговски ендемити и 22 се субендемити. На Осогово е утврдено присуство на 44 видови цицачи од кои 31 се со меѓународно значење. Регистрирани се 141 видови птици, од кои околу 100 видови се од меѓународно значење за заштита. Особено значаен орнитолошки локалитет е локалитетот ,,Раткова Скала", кој е дел од Значајното подрачје за птици „Осоговски Планини“, а втори по значење се степските предели во подножјето на планината, каде гнездат 1-2 двојки царски орли, и се опфатени со Значајното подрачје за птици „Долина на Злетоввска Река“.

Идентификувани се 10 видови водоземци кои имаат меѓународно значење за заштита и 23 видови влекачи од кои 4 вида имаат меѓународно значење, а 16 видови се вклучени на националната Листа на заштитени диви видови. Познати се 10 видови риби, од кои осум се вклучени на Црвената листа на IUCN. На Осогово се евидентирани 16 балкански ендемити од групата полжави, вкупно 450 видови пајаци (38 ендемични), 77 видови правокрилци од кои 6 регионални (балкански) ендемити, 39 видови вилински коњчиња од кои 9 се со меѓународно значење, 105 видови дневни пеперутки (*Erebia aethiops* и *Minois dryas* во Северна Македонија се среќаваат само на Осогово) и 246 видови тркачи од кои 4 осоговски ендемити и 18 субендемити.

Од аспект на биолошката разновидност посебно се истакнуваат највисоките делови околу Царев Врв, Сокол и Руен. Тука се среќаваат поголемиот дел од ендемитите и ретките видови од флората и фауната. Од растенијата тука живеат осоговската гениста (*Genista fukarekiana* - ендемично растение кое се среќава единствено на Осоговските Планини), златната кандилка (*Aquilegia aurea*), како и *Festuca thracica* subsp. *violaceo-sordida* var. *osogovoense*, *Ranunculus pseudomontanus, Genista depressa* subsp. *moesiaca*. Од животинските видови посебно се истакнуваат живородниот гуштер (*Zootoca vivipara*), ушестата чучулига (*Eremophila alpestris*) и жолтоклуната галка (*Pyrrhocorax graculus*)¸ осоговскиот ендемичен тркач (*Duvalius beshkovi*).

Посебно значење имаат изворишните делови на Каменичка Река каде се среќаваат шумските тресетишта, зачувани букови шуми и ретки растителни заедници како и бројни значајни растителни видови (*Lycopodium clavatum, Blechnum spicant, Sphagnum fimbriatum, Acer heldreichii*).

Во шумскиот појас се наоѓаат голем број од меѓународно значајните, но и дел од ендемичните видови. Тука се регистрирани четири видови сапроксилни инсекти вклучени во анексите на Директивата за живеалишта (*Rosalia alpina, Morimus funereus, Osmoderma eremita, Lucanus cervus*), ендемичните тркачи *Molops rufipes denteletus* и *Molops piceus osogovensis*, повеќе видови птици: грлица (*Streptopelia turtur*, буковиот свиркач (*Rhadina sibilatrix*), источниот горски свиркач (*Rhadina orientalis*), гулабот дупкар (*Columba oenas*), итн., најголем дел од цицачите. Во шумите беше констатирано извонредна разновидност на габите кои се претставени со над 350 шумски видови.

Долината на Злетовска Река се карактеризира со присуство на рефугијални шумски заедници во кои се среќаваат сребренолисната и широколисната липа, орев и бел габер. Во овој простор живее ендемичниот лесновски лопен (*Verbascum lesnovoensis*). Можеби најважен белег на овој простор се карпестите делови на Раткова Скала (и Орлов Камен). Таму се среќаваат и/или гнездат неколку многу значајни видови птици како што се египетскиот мршојадец (*Neophron percnopterus*), црниот штрк (*Ciconia nigra*), ’рѓестиот глувчар (*Buteo rufinus*), сивиот сокол (*Falco peregrinus*), планинскиот сокол (*Falco biarmicus*), златниот орел (*Aquila chrysaetos*), малиот клукајдрвец (*Dendrocopus minor*), беловрато муварче (*Ficedula albicollis*), итн.

Во речните екосистеми и другите води на Осогово живеат релативно голем број видови (10 видови риби, 150 макроинвертебрати и околу 40 видови вилински коњчиња). Релативно голем број од нив се сметаат за загрозени на европско ниво, но уште поголем се реално загрозени заради модификацијата на нивните живеалишта за различни потреби (водоснабдување, производсво не електрична енергија, наводнување и сл).

Осогово се карактеризира со интеракција помеѓу луѓето и природата, а биолошката разновидност и човековото наследство, сочувано во природни и културни целини, придонело кон формирање на карактеристични предели. На Осогово се дефинирани шест типа предели од кои најкарактеристичен е *Осоговскиот планински рурален предел*. Од исклучително значење е да се обезбеди негување и зачувување на оваа врска помеѓу луѓето и природата која ќе обезбеди не само заштита на природните вредности туку и одржлив економски развој во регионот.

Делови од Осоговските Планини, врз база на меѓународни критериуми и стандарди, се идентификувани и назначени како:

a) **Значајно растително подрачје (ЗРП) „Осоговски Планини”** (Слика 22) - назначено заради присуството на растителни видови со меѓународно (*Hericiumerinaceus*, *Fritillariagussichiae* и *Amaurodonviridis*) и национално значење (11 видови), како и осум значајни живеалишта и зафаќа површина од 50.543 ha (Меловски и др. 2010)

b) **Значајно подрачје за птици (ЗПП)** - во Осоговијата се идентификуванидва посебни локалитети: ЗПП„*Осоговски Планини”* и ЗПП „*Долина на Злетовска Река”* (Слика 22). ЗПП „Осоговски Планини“ го опфаќа поширокото опкружување на комплексот Раткова Скала (со Синковица, Орлов Камен, В’чки Камен, Долината на Злетовска Река и оклината на Лесново). На овој простор гнезди една двојка на египетски мршојадци, 2-3 двојки сиви соколи, 1-2 двојки планински соколи, 1 двојка црни штркови, 1 двојка златни орли, 1-2 двојки лисети глувчари, 1-2 двојки орли змијари и др. Локалитетот ги исполнува критериумите за место од Европско значење. ЗПП „Долина на Злетовска Река“ ги опфаќа ниските делови околу селата Соколарци и Трипатанци, каде е регистрирано гнездење на две двојки царски орли. Надвор од границите на предложеното ЗП „Осоговски Планини“, во најниските делови на планината во ова ЗПП се регистрирани уште неколку интересни видови, како чурлинот *Burhinus oedicnemus*, маслинарот *Hippolais olivetorum*и др. Подрачјето е идентификувано како подрачје од глобално значење, но заради промена на статусот на загрозеност на царскиот орел (од *чувствителен* во *безбеден*), веројатно ќе биде реевалуирано како подрачје од Европско значење.

c) **Емералд подрачје** „Осоговски Планини“ - вклучено во Националната Емералд мрежа како подрачје од посебен интерес за зачувување идентификувано според критериумите на Бернската конвенција (Слика 22). Емералд мрежата ги поврзува земјите членки на ЕУ кои имаат обврска да ја воспостават мрежата Натура 2000 со другите европски земји и дава добра основа за земјите кои се подготвуваат за членство во ЕУ.

Во **Пан-европската еколошка мрежа**за Југоисточна Европа. Осоговските Планини се идентификувани како важен коридор за движење на дивите растителни и животински видови, додека во **Македонската национална еколошка мрежа (МАК-НЕН)** ЗП Осоговските Планини го опфаќа во најголем дел јадрово подрачје, зафаќа мал дел од пределскиот коридор (Истибања) и во јужниот дел подрачјето вклучува мал дел степско јадрово подрачје.

Долж границата меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија се протега дел од **Европскиот зелен појас**, поточно регионалната гранка „Балкански зелен појас". Оваа иницијатива вклучува зачувување на биолошката разновидност и ресурсите прекусоздавање на прекугранични заштитени подрачја долж граничната линија на некогашната *железна завеса*.

Осоговските Планини се идентификувани како потенцијално **Натура 2000 подрачје**. Природните вредности на Осоговските Планини се согледани и во Република Бугарија, каде веќе се воспоставени две големи Натура 2000 подрачја: „Осогово“ (согласно Директивата за птици, со површина 24125,09 ha) и „Осоговска Планина“ (согласно Директивата за живеалишта,со површина 34513,24 ha) кои се протегаат до границата со Северна Македонија. Поврзувањето на Натура 2000 подрачјата меѓу две соседни земји кои се протегаат на една географска целина како што се Осоговските Планини е исто така обврска на земјите кои се подготвуваат за членство во ЕУ, така што неминовно е прогласување на Натура 2000 подрачје/а на македонскиот дел од Осоговските Планини во иднина.

## 12.7. Цели на заштита на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнување на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија на развој, од една страна и заштита на

животната средина од друга страна, кој предвидува зголемена употреба на економски инструменти во насока на заштита на животната средина.

Основните принципи за заштита на животната средина во државата се поставени со Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92 (Амандман I и II); 31/98 (Амандман III); 91/01 (Амандман IV-XVIII); 84/03 (Амандман XIX); 107/05 (Амандман XX-XXX) и 3/09 (Амандман XXXI)), како највисок правен документ во земјата. Уставот пропишува дека еден од основните принципи на фундаменталните вредности е регулација и хуманизација на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата. Исто така, една од основните слободи и човекови права е правото на чиста и здрава животна средина, но тоа е исто така, обврска на граѓаните да ја унапредуваат и заштитуваат животната средина, додека земјата е должна да обезбеди услови за остварување на ова загарантирано право на граѓаните (Член 43).

Водена од овие уставни одредби, Република Македонија воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина, поврзан со:

- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина;
- Зајакнување на административните капацитети, потребни за ефикасно управување со заштита на животната средина;
- Обезбедување платформа за ефикасна имплементација и спроведување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со животната средина на сите нивоа на управување и преку обезбедување на тесна соработка помеѓу надлежните органи на хоризонтално и вертикално ниво;
- Интеграција на политиката за заштита на животната средина во другите секторски политики;
- Поттикнување на индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина, кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Решавање на проблемите на животната средина кои се од национално значење;
- Зголемување на степенот на исполнување на обврските, кои произлегуваат од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина;
- Последно, но не и најмалку важно, е зголемување на нивото на инвестиции во животната средина за постигнување на стандардите на ЕУ.

### 12.7.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целите на заштитата на животната средина се изразени преку целите на стратегиска оцена на животната средина. Споредување на целите за животна средина со целите и активностите во планскиот документ е вообичаен метод при спроведување на СОЖС, со цел да се оцени дали развојот, односно идната имплементација на еден развоен плански документ, како што е во случајов Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ ќе биде во насока на поставените цели за животна средина (СОЖС). Целите на стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: населението и здравјето на населението, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра, пределот, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Во табелата, што следува, презентирани се целите на СОЖС во однос на целите дефинирани во Планот за управување Заштитениот предел „Осоговски Планини“ (нивната компатибилност и некомпатибилност).

Компатибилноста/некомпатибилноста на целите е разгледувана во однос на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ (цели за намена на просторот и активности за нивно постигнување) и во однос на неговата идна имплементација во понизок ранг на плански документи или проектна документација.

## 12.8. Анализа на алтернативи

Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ содржи активности за развој на подрачјето во период од десет години, со чија реализација би се постигнале утврдените цели, зацртани за планираниот период.

Планот за управување дава преглед на постоечката состојба на геолошкото и биолошкото богатство и културното наследство во заштитеното подрачје, предлог зонирањето внатре во заштитеното подрачје, дел од трендовите и заканите за идентификуваното геолошкото и биолошкото богатство и културното наследство, а предвидува и активности, со кои би се постигнала заштита на идентификуваните природни богатства, заштита на животната средина, а истовремено постигнување на социоекономски развој.

Во Планот за управување не се разгледувани алтернативни решенија за предвидените активности за заштита на геолошкото и биолошкото богатство и културното наследство, туку предложените активности се базираат на утврдените утврдените потреби за воспоставување и понатамошно функционирање на Планот за управување, како и исполнување на законските обврски. Истите се насочени кон идно функционирање на Заштитениот предел „Осоговски Планини“ врз основа на можностите, потенцијалите и расположливите ресурси, со цел задоволување на потребите и барањата на локално, регионално и национално ниво, усогласување на просторниот развој со барањата на националното законодавство, стратешките документи од повисок ранг, како и усогласување на развојот на Заштитениот предел во согласност со барањата на ЕУ за просторно планирање, заштита на биолошката разновидност и природното наследство, како и заштита на медиумите и областите од животната средина.

Како резултат на ова, во ова поглавје се разгледуваат две алтернативи, односно состојби без и со имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

***<u>Алтернатива 0: Состојба без имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“</u>***

- Непостоечње на План за управување со ЗПр „Осоговски Планини“;
- Непостоење на воспоставени зони во рамките на ЗПр „Осоговски Планини“;
- Неисполнување на барањата на национално ниво и барањата на ЕУ за заштита на природните вредности и реткости, како и биолошката разновидност;
- Неусогласеност на националните, регионалните и локалните интереси за економски и стопански развој со целите на развој на заштитеното подрачје;
- Неусогласеност на планските и секторските документи донесени во Република Македонија во однос заштита на животната средина и социо-економски развој;
- Недефинирани мерки и активности за користење на ресурсите, заштита на животната средина, природното наследство и социо-економски развој;
- Недостаток на институционални, финансиски и технички капацитети за ефикасна имплементација на активностите.

***<u>Алтернатива 1: Состојба со имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“</u>***

Со имплементација на активностите и мерките предвидени во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ се очекува да се постигне:

- Исполнување за законските обврски за уредување заштитени подрачја кои располагаат со значајна биолошката разновидност и природното наследство, дефинирани во националното законодавство и потпишаните меѓународни документи;
- Создавање услови за реализација на националните, регионалните и локалните интереси во планското подрачје, во областа на заштита и зачувување на посебните природни вредности, значајните природни ресурси и споменичкото наследство, како и нивно уредување и користење на принципите на одржливиот развој;

- Зачувување на природните вредности на подрачјето, искористување на туристичките потенцијали за промовирање и развој на одржливи видови на туризам и други алтернативни дејности и активности;
- Создавање услови за намалување на загадувањата и обезбедување заштита на медиумите и областите од животната средина, што ќе резултира во надминување на евидентираните состојби, трендови и закани во заштитеното подрачје;
- Поттикнување на социо-економски развој на подрачјето;
- Дефинирани надлежности и одговорности за имплементација на мерките и активностите;
- Планирање, просторен и економски развој и управувањето на Заштитениот предел ќе се темели на поставките и насоките дефинирани во Планот за управување со ЗПр „Осоговски Планини“;

Имплементацијата на Планот за управување со со ЗПр „Осоговски Планини“ може да предизвика промена во другите стратешки и плански документи на локално ниво, кои треба да се прилагодат во функција на обезбедување соодветно просторно планирање и заштита на медиумите и областите од животната средина во рамките на Заштитениот предел и неговото опкружување.

Заклучок: Разгледуваната алтернатива да се имплементира Планот за управување со ЗПр „Осоговски Планини“ е прифатлива алтернатива.

## 12.9. Веројатни значајни влијанија врз животната средина и мерки за намалување

Потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти кои може да бидат предизвикани со имплементација на Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ ќе потекнуваат од имплементацијата на планираните активности за управување со Заштитениот предел во периодот до 2031 година, односно активностите содржани во акциониот план, со кои треба да се постигне заштита на природното наследство и одржлив развој, како и исполнување на целите за заштита на животната средина.

Влијанијата се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни придобивки, односно позитивни влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и состојби на животната средина и социо-економските придобивки, но од генерален аспект.

Евидентно е дека имплементацијата на активностите ќе допринесе за намалување на заканите и подобрување на состојбата со биолошката разновидност и природното наследство, подобрување на постојната состојба на медиумите и областите во животната и општествената средина. Но, исто така идниот развој на Заштитениот предел ќе придонесе за појава на нови состојби, можни извори на емисии и закани за животната и општествената средина.

За дел од планираните активности во Планот, дополнително ќе се води постапка за подетална оцена на влијанијата врз животната средина во извештаите за стратегиска оцена на ниво на конкретна планска документација или на ниво на проект низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина за секој проект/објект поединечно.

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина и социо-економските аспекти ќе бидат елиминирани или ефективно подобрени, доколку при имплементација на Планот и предложените мерки, од кои дополнително ќе произлезат конкретни проекти, бидат земени предвид мерките за намалување на влијанијата дефинирани во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, како и мерките кои ќе бидат дадени во поединечните извештаи за СОЖС на ниво на планска документација од понизок ранг или на ниво на проекти, низ студиите

за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

## 12.10. План за мониторинг врз имплементацијата на Планот од аспект на животна средина

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализација на планскиот документ План за управување со Заштитен предел „Осоговски Планини“ и сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на мерките и активностите предвидени во акцискиот план.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на состојбите во медиумите и областите од животната средина и социоекономските аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки. Основните придобивки од мониторингот над имплементација на Планот се:

- Потврдување дека договорените услови при одобрувањето на Планот се соодветно спроведени;
- Обезбедување податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Обезбедување поголем увид во промените на животната средина на одредени локации;
- Потврдување дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Потврдување дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат преземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг над ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следењето на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

## 12.11. Заклучоци и препораки

### 12.11.1. Заклучоци

- Заштитениот предел „Осоговски Планини“ се наоѓа во североисточниот дел на Република С. Македонија, во рамките на Осоговските Планини.
- Заштитениот предел „Осоговски Планини“ е новопрогласено заштитено подрачје, зафаќа површина од 48.807,16 ha (488,07 $km^2$).
- Подрачјето е прогласено за заштитено со Одлука на Владата на Република Северна Македонија во ноември 2020 година (Сл. Весник на РСМ, бр. 277/20)
- Со заштитениот предел „Осоговски Планини“ управува Јавното претпријатие „Национални Шуми“;

- Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ 2021 - 2031, е прв План за управување со ова Заштитено подрачје;
- Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ предвидува ефикасна организација и користење на просторот, одрживо искористување на ресурсите и зачувување, заштита и унапредување на животната средина и животот на луѓето, со цел да обезбеди одржлив развој во Заштитениот предел, а истовремено и заштита на животната средина.
- Водите на Осоговските Планини се под силен антропоген притисок од инфраструктурни зафати (создавање брани, изградба на МХЕ, загадување со отпадни води-Поникква или органско загадување и сл.) Планот за управување треба да обезбеди одржливо користење на водните ресурси и подобрување на состојбата со истите.
- Во Планот се дадени насоки, одредби и мерки за одржив развој на Заштитениот предел во планскиот период до 2031 година, кои треба да бидат земени предвид при изработка на документација од понизок ранг за користење на просторот и земјиштето.
- Планот за управување со Заштитениот Предел Осоговски Планини во своите идни активности не предвидува активности за следење на состојбата со шумските заедници, особено на здравствената состојба на истите.
- Планот не предвидува мерки за адаптација на шумите кон климатските промени, како и соодветни одгледувачки мерки;
- Планот предвидува активности преку кои ќе се постигне демографски развој, односно отворање на нови работни места, намалување на миграцијата, намалување на социјалните разлики, подобрување на квалитетот на живот и сл.
- Планот предвидува активности кои ќе допринесат за збогатување на туристичка понуда како и гредење на бренд кој може да биде препоснаен и да привлече поголем број на домашни и странски туристички посетители.
- Во Планот се предвидени директни и мерки и активности за подобрување на состојбата на геолошката и биолошката разновидност, поточно на природното наследство, како и индиректни активности и мерки за подобрување на медиумите и областите од животната средина кои ќе придонесат намалување на притисоците врз биолошката разновидност и постигнување заштита и унапредување на истите.
- Во Планот се предвидуваат активности кои се однесуваат заштита и управување, мониторинг и промоција на богатото културно наследство, преку негова валоризација, мапирање, идентификацијана најзначајни локалитети за конзервација, програма и систем за постојан мониторинг, изработка на печатени и електронски промотивни материјали и слично
- Во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ се предвидуваат мерки за воспоставување мониторинг со кој ќе се следи состојбата на медиумите од животната средина, ќе се обезбедат податоци и нивна достапност, што ќе помогне во идните процеси на планирање и користење на просторот.
- Во процесот на изработка на План за управување со ЗПр „Осоговски Планини“ анализирани се ловостопанските основи и предложени се препораки за нивно ревидирање согласно дозволените мерки и активности во различните зони во заштитеното подрачје.

### 12.11.2. Препораки

- Имплементација на Активностите предвидени во Планот за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“;
- Активностите во Планот, кои опфаќаат изградба на нови објекти, да се одвиваат на локации кои се во границите на зоната за одржливо користење;
- За секоја од предвидените акивности, кои опфаќаат изградба на нов објект, да се применуваа законските одредби за оцена на влијанието врз животната средина

пропишни во Законот за животна средина и подзаконските акти, како и одредбите од Законот за заштита на природата.

- при реализацијата на предвидените активности кои опфаќаат изградба на нови или реконструкција на постоечките инфраструктурни објекти, потребно е да се води сметка да не биде засегнати дрвните видови кои се наоѓаат во близина на локациите каде се предвидени овие активности
- Вклучување на што е можно поглем број на локално население во активностите предвидени во програмата за одржливо користење на природните ресурси, во програмата за одржлив туризам и рекреација и програмат за локален развој.
- Активностите за реинтродукција на ловен дивеч да се спроведуваат во согласност со националното законодавство.
- Планираните објекти да бидат изградени од еколошки материјали
- На локациите на кои е предвидена реализацијата на планските активности да се овозможи соодветно и постојано управување со генерираниот отпад од посетителите
- Изборот на локации за поставување на мали кампови, алтернативен парк, нова инфраструктура и слично, да се темели на детални испитувања и анализи, со цел да се избегнат локации кои се идентификувани како чувствителни од аспект на присуство на богата биолошка разновидност, заштитени видови, заштитни зони, материјални добра и сл.;
- Со цел правилен третман на генерираниот отпад, ЈУНШ, во прво време во соработка со локалните комунални претпријатија, а во иднина и со регионалните, да воспостави соодветен систем за собирање и транспорт на генерираниот отпад во границите на Заштитеното подрачје, а посебен акцент да се стави на локациите на кои е прдвидена посета на голем број на посетители.
- Воспоставување на ефективна институционална и организациона поставеност за спроведување на предвидениот мониторинг на медиумите и областите од животната средина во Заштитениот предел, управување со податоците, известување и инспекциски надзор;
- Активно вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за идниот просторен и урбан развој на Заштитениот предел и околното опкружување.
- Подготовка на проценка на ризик и одговорност од еколошка штета за идните објекти за кои постојат индикации од појава на технолошки хазарди.
- За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се предвидат и обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во центрите предвидени за таа намена.
- Подобрување на човечките капацитети во однос на добивање и користење на финансиски средства преку расположливите програми на Европска Унија и други билатерални донатори.

# 13. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Нацрт План за управување со Заштитен предел „Осоговски Планини“ и придружна документација;
- Студија за валоризација за предлог – подрачјето за заштита „Осоговски Планини“ во категорија „Заштитен Предел“;
- Директива за СОЖС (2001/42/ЕС);

- Имплементација на Директивата 2001/42/ЕС за оцена на влијанијата на одредени планови и програми врз животната средина (ЕУ Упатства);
- Национални, регионални, локални и меѓународни правни документи, стратегии, планови и програми презентирани во Поглавје 3 од овој документ;
- Податоци од Државниот завод за статистика;
- Годишни извештаи од обработени податоци за квалитетот на животната средина (2006-2016);
- Вториот двегодишен извештај за климатските промени, 2017;
- Други достапни практики и искуства.

# 14. Прилог 1 Мислења од надлежни институции

**Мислење по однос на одлука за спроведување на СОЖС**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О. Скопје
PYJE KOMBËTARE P.P. Shkup

| Примено: Pranuar: | 24-06-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 62/7 | | |

Архивски број 15-3128/2

Дата: 22-06-2021

ДО: Јавно Претпријатие Национални Шуми, Скопје
Ул. Перо Наков бр. 128
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 10-62/6 од 11.06.2021 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под **бр. 15-3128/1 од 11.06.2021 година поврзано со постапката за носење на планскот документ План за управување со заштитен предел Осоговски Планини, – Јавно Претпријатие Национални Шуми, Скопје** , Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник“ бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање ги **прифаќа**. Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изработил: Бајрам Цамиќ
Одобрил: Милева Тагасовска
Согласен: Сашо Апостолов

1 Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk